..-

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Осумнаесетта седница на Собранието на Република Македонија, оджана на 24 април 2003 година

### Поставување на пратенички прашања

Седницата беше закажана за 10,00 часот, но заради дефект на системот, седницата е презакажана за 10,45 часот.

Седницата се одржа во зградата на Собранието, сала 1, со почеток во 10,55 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Никола Поповски, претседател на Собранието на Република Македонија.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дами и господа пратеници, ја отворам 18-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Никола Груевски, Љубе Бошковкси, Љубчо Георгиевски, Петар Наумовски, Сашко Ќедев, Орданчо Тасев, Марјан Ѓорчев, Љубисав Иванов - Ѕинго и Трифун Костовски, ме известија дека од оправдани причини нема да присуствуваат на седницата.

На ссредницата се поканети претседателот и членовите на Владата на Република Македонија.

Ве известувам дека министерот за образование и наука достави одговори на пратеничките прашања поставени од пратениците: Славица Грковска, Зоран Шапуриќ, Благородна Мингова - Крепиева и Иван Анастасовки.

Министерот за финансии достави одговори на пратеничките прашања поствени од пратениците Јани Макрадули и Невзат Бејта.

Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство достави одговори на пратеничките прашања поставени од пратениците: Кире Гештаковски, Есад Рахиќ, Марјан Ѓорчев, Славица Станковска, Петар Апостолов, Илија Србиновски и Ѓорге Палошковски.

Претседателот на Владата на РМ достави одговор на пратеничко прашање поставено од пратеникот Спиро Мавровски.

Министерот за внатрешни работи достави одговори на пратеничките прашања поставени од пратениците Спиро Мавровски, Рафиз Алити, Роза Топузова -

Каревска, Михајло Георгиевски, Блаже Стојановски, Илија Србиновски и Зоран Томиќ.

Министерот за економија достави одговори на пратеничките прашања поставени од пратениците Роза Топузова Каровска, Иван Анастасовски и Мите Николов.

Министерот за транспорт и врски достави одговори на пратеничките прашања поставени од пратениците Есад Рахиќ, Илија Срсбиновски и Каме Петров.

Министерот за труд и социјална политика достави одговори на пратеничките прашања поставени од пратениците Славица Станковска, Ана Андова, Зоран Шапуриќ, Спиро Мавровски, Ристана Лалчевска и Ангел Димитров.

Министерот за животна средина и просторно планирање достави одговори на пратеничките прашања поставени од пратениците Славе Арсовски, Зоран Томиќ и Цветанка Гашоска.

Владата на Република Македонија достави одговор на пратеничко прашање поставено од пратеникот Никола Камчев.

Министерот за здравство достави одговор на праеничките прашања поставени од пратениците Ружди Матоши, Зоран Шапуриќ, Ѓорге Палошковски, Наташа Бикова.

Министерот за одбрана достави одговори на пратеничките прашања поставени од пратениците Невзат Бејта и Ристана Лалчевска.

Министерот за култура достави одговор на пратеничко прашање поставено од пратеничката Славица Станковска.

Почнуваме со одговори.

Значи, би сакал само да ве замолам за следното, имаме 30-тина одговорени прашања на кои прво ќе се дадат, ако треба, дополнителни одговори, после одиме по востановениот систем.

Пратеничките групи на ВМРО-ДПМНЕ и ЛП ми доставија список на редослед од опозицијата, што значи дека предлагам редослед на пријавување да не правите затоа што веќе е доставен од вас списокот, усогласен со вашите координатори. На тие што ќе ви дадам збор ќе притиснете на копчето за да добиете микрофонски излез.

СДСМ исто така, ми достави редослед на своите пратеници кои ќе доставуваат по однапред договорениот редослед, па ги молам доколку пратеничките

групи на ЛДП, ДПА, но ДПА бојкотираат, на ДУИ, имаат редослед писмено да ми го достават за да можеме однапред да си го знаеме редоследот кој е веќе утврден.

Ако има некој од други пратенички групи, а не гледам тука, слободно нека се пријави на компјутерот откако ќе отвориме дебата.

Почнуваме со одговорите на писмено доставените прашања.

Ја молам пратеничката Славица Грковска дали е задоволна од одговорот добиен од министерот за образование и наука и дали сака да постави дополнително прашање.

Молам, пратеничката Славица Грковска.

СЛАВИЦА ГРКОВСКА:

Почитуван претседателе, претставници на Владата, колеги пратеници, јас не сум задоволна од добиениот одговор од министеот за образование и наука затоа што тоа всушност не е одговор на моето поставено прашање.

Имено, моето прашање гласеше: "Кои апликативни проекти се одобрени од Министерството за образование и наука во претходниот 4-годишен мандат, кој министер ги одобрил, на кој датум, на кои институции, кои се раководителите и учесниците во проектот и која сума е одобрена".

Одговорот што го добив се однесува за научно истражувачки проекти, што е сосема различно, меѓутоа, во одговорот што ми е доставен во оваа информација има многу интересен податок, а тоа е дека бившиот за образование и наука г-динот Ненад Новковски сам на себе си доделил научно истражувачки проект во износ од 600 илјади денари, за разлика од сите останати кои не ја надминуваат сумата од 450 илјади денари.

Ме интересира како министерот ќе го коментира ова и нормално инсистирам да ми се одговори на моето поставено прашање.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Го молам заменикот министер за образование да даде дополнителен одговор на дополнителното прашање.

Има збор г-динот Тале Герамитчиоски.

ТАЛЕ ГЕРАМИТЧИОСКИ:

На поставеното прашање од пратеникот материјалот беше доставен до службите до Министерството, очигледно дека погрешно го разбрале прашањето, јас ќе се потрудам дополнително пратеникот да ги добие податоците кои беа содржани во пратеничкото прашање.

Што се однесува на коментарот како поранешниот минстер си доделил средства, од законски аспект, не е спорно, но, од етички морален аспект, е дискутабилно, да си доделиш самиот себе си научно истражувачки проект во висина на средства од најголема стапка.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Ги молам пратениците Зоран Шапуриќ и Благородна Мингова - Крепиева, да се произнесат дали се задоволни од одговорот добиен од министерот за образование и наука и дали сакаат да постават дополнително прашање.

Кој ќе се изјасни, бидејќи е заедничко.

Има збор Благородна Мингова - Крепиева.

БЛАГОРДНА МИНГОВА - КРЕПИЕВА:

Од одговорот на министерот Положани сум делумно задоволно, со оглед на фактот би сакала дополнително прашање, ако е можно, со оглед на фактот дека со претходна согласност на Министерството за образование и наука Комисијата при Министерството за финансии одлучува кои делови од образовните институции под кои услови можат да се издаваат под закуп. Ме интересира дали Министерството за образование има точен увид кои училишта во град Скопје имаат издадено свој простор и дали за тоа имаат побарано согласност од Министерството и од Комисијата.

Ова го поставувам темелејќи се на сознанијата кои ги имам за користење на салите вон редовните училишни активности кое најчесто е врзано со дополнителни средства кои треба да ги издвојат учениците ако сакаат истите да ги користат и заради тоа што, ако се имаат во предвид состојбите со нарастечките насилнички појави меѓу младите и неможноста каде тие беззначајни издвојувања на финансиски средства да ја потрошат својата енергија, сметам дека користењето на училишните сали вон наставата се наметнува и како програмска задача на Министерството за образование.

Со оглед дека не очекувам дека точни податоци во овој момент ќе можат да ми се дадат од страна на заменик министерот, се согласувам на ова прашање да ми се одговори писмено.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Г-дин Герамитчиоски, дали ќе дадете одговор на дополнителното прашање или повторно писмено ќе го доставите?

ТАЛЕ ГЕРАМИТЧИОСКИ:

Кон дополнителниот писмен одговор само еден краток коментар, Министерството за образование и наука во моментот прави анализи на овие состојби кои се затекнати во поглед на издавањето на спортските сали кои се во склоп на училиштата, под какви услови се издадени, прави целосна слика, на пратеничката ќе и биде доставена таа инфорамција во вид на резултат на анализата која се прави и се изготвува посебно упатство кое ќе биде доставено до училиштата под кои  услови можат да се даваат под закуп тие простории.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Ќе добиете дополнително писмено и со тоа процедурата завршува, веќе на тоа нема да имате можност да се изјасните, со тоа завршуваме, откако ќе го добиете.

Го молам пратеникот Никола Камчев да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од Владата на РМ, или сака да постави дополнително прашање.

Има збор г-динот Никола Камчев.

НИКОЛА КАМЧЕВ:

Од одговорот на Владата сум делумно задоволен. Меѓутоа, не сум задоволен од двете мои потпрашања. Едното е дали рудникот Бучим е продаден транспарентно и легално каде што во делот со налог број од 8-ми ноември 2000-та година рудникот е понуден на продажба. Таа одлука донесена на 3 ноември, архивирана на 6-ти ноември, објавена во весници на 7-ми ноември, на 8 ноември се дадени акциите на првата сесија по цена од 15 марки или 466 денари. на 9-ти беше извршена продажбата.

Меѓутоа, од известување на купувачот ЕУРАМ се известуваат акционерите и работниците на Бучим дека на 8 ноември 2000 година, е купен рудникот Бучим на Македонската берза. Значи, тој е продаден на 9-ти, а работниците и акционерите се известени на 8-ми дека е веќе купен рудникот Бучим. Тоа е едното потпрашање со кое не сум задоволен. Тоа е во врска со легалноста и законитоста на продажбата.

Второто потпрашање, прашав дали рудникот Бучим е купен за да се ликвидира, бидејќи се отуѓуваат имотите, се задолжуваше., се отпуштаа работници. Сега пред три дена во весниците е објавено дека рудјикот Бучим престанува со работа, тоа е од бордот на директори. 630 и нешто работници се избркани од работа, вчера штрајкуваа, бордот на директорите се избегани од Радовиш, работниците бараат средба да им објаснат зошто, тие велат ние не можеме веќе да работиме неофицијално во Бучим, еве ви го Бучим без пари, работете вие.

Тоа е неофицијално, може би е шпекулација, но денес група работници бараат средба со бордот на директори да им се објасни што е со Бучим и што ќе биде со нивниот статус.

Моето дополнително прашање е каква е намерата на Владата, бидејќи рудникот Бучим, покрај сите други дубиози кои се направени има долг спрема царината односно Владата и за тоа потпрашање каква е намерата на Владата околу рудникот Бучим и 630-те вработени и нивниот статус во рудникот Бучим.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Во име на Владата г-динот Илија Филиповски, министер за економија.

ИЛИЈА ФИЛИПОВСКИ:

Прво, рудникот е продаден за да работи. Но, тоа што денеска се случува треба да се разговара заедно со купувачот кои се неговите натамошни намери. Јас во овој момент не можам да кажам кои се неговите намери, бидејќи немам такво сознание, може дополнително да се согледа таа состојба.

Второ, што се однесува до термините во 2000-та година како било објавувано и во одговорот на пратеничкото прашање стои, има повеќе претпријатија кои се објавувани само еден ден во јавните гласила меѓу нив е и Бучим и ние како Комисија за приватизација имаме покренато прашање пред јавниот правобранител да ја согледа состојбата за нарушување на општествениот капитал и државниот капитал во тие претпријатија.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Го молам пратеникот Спиро Мавровски да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од претседателот на Влаата на Република Македонија или сака да постави дополнително прашање.

Има збор г-динот Спиро Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

И покрај тоа што одговорот од г-динот Бранко Црвенковски е напишан на четири страници конкретен одговор не видов во истиот така што мислам дека не можам да бидам задоволен од одговорот, се работи за работењето и подоброто работење на спортските објекти, клубовите ки тренираат во нив.

Во овие четири страници само е пресликана состојбата што беше изнесена во моето прашање дека нема парно греење, дека нема осветлување, дека нема топла вода, но одговорот е дека некогаш ќе го има. Еве и денеска со г-динот Алил Паљоши, генерален директор на јавното претпријатие, јас ја имам забраната кај мене, за користење на спортските објекти поради неплаќање на обврските на сите клубови во Републиката, се забрануват за тренинг и се побаруваат суми кои клубовите ги немаат ни за основното натпреварување, без разлика што поголем број од тие клубови и самите ги одржувале техничките услови во салите, но, сето тоа се занемарува и се наплаќа за младински екипи повеќе отколку за рекреативци.

Како тоа младинците понатаму ќе се занимаваат со спорт, станува проблематично. Во контекст на овие услови се последните два настани со малата ракометна репрезентација која патуваше до Анкара 27 часа со автобус која минатата година со четвртото место во Европа беше гордост на сите нас, но сега веќе испадна од квалификациите и уште посрамното патување на кадетската женска кошаркарска репрезентација, тука г-динот Црвенковски посебно треба да го знае тоа за чие патување со воз партиципираа со свои средства и родителите, што досега е невидено и нечуено за една македонска репрезентација.

Јас сеуште мислам дека Владата се до приватизацијата на клубовите и Федерациите треба мјогу повеќе да инвестира во спортските сали и спортот воопшто како еден од начините за спречување на појавата на дрогата, алкохолот и другите пороци меѓу младите. Сепак ова е најефтиниот начин да се спречи отколку да се лечи.

Уште една порака за започнатите спортски сали да се изнајде начин да се направат, а не да останат на забот на времето да пропаѓаат и истите да се ограбуваат и рушат. Сепак, идејата е добра, треба да се заврши.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Не слушнав дека има дополнително прашање. (Нема)

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Го молам пратеникот Иван Анастасовски да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за образование и наука, или сака да постави дополнително прашае.

Господин Иван Анастасовски.

ИВАН АНАСТАСОВСКИ:

Благодарам, претседателе.

На претходната седница за пратенички прашања го поставив ова прашање во усмена форма и тогаш беше заменикот министер за образование и наука, меѓу време го добив одговорот во писмена форма и сакав да кажам дека паралелно со тоа добив и одговор од центрите за детско творештво од Куманово, Кочани, Ресе, од Велес и од други градови потписници, кои наведуваат дека од одговорот не се задоволни. Не се задоволни, од причини што во одговорот министерот кажува дека објектите ќе се отстапат 30 години на располагање за центрите за детско творештво на вработените. Меѓутоа, тие во својот одговор наведуваат дека центрите за детско творештво не се во состојба за тие да можат со нив да стопанисуваат во период од 30 години. Би го замолил заменикот минситер или минситерот за образование ако може да се даде информација во писмена форма во каква состојба се, всушност, центрите за детско творештво во Македонија.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господин Герамитчиоски, дали ќе дадете на воа дополнително прашање одговор?

ТАЛЕ ГЕРАМИТЧИОСКИ:

Центрите за детско творештво или пионерските домови две години се дивестирани и повеќе не се во надлежност на Министерството за образование и наука, а голем број на прашања доаѓаат од страна на општините во поглед на

нивниот статус. Мислам дека проблемот не е толку едноставен, ние ..- поставивме прашање и до Секретарјатот за правни прашања. Во писмена форма на пратеникот Ќе му биде даден по прецизен одговор.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

На дополнителното прашање ќе добиете дополнителен писмен одговор и на тоа веќе немате дополнително прашање.

Го молам пратеникот Јани Макрадули да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за финансии или сака да постави дополнително прашање.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Прашањето се однесува на проектот националан платежна картичка. Имаше три потпрашања, од првите две во однос на структурата сум задоволен, а во однос на третото , каде се интересирам за идните активности на Валдата и на Министерството за финансии, немам прецизен одговор, бидјеки како што е објаснето во потпрашањата еден и два , Владата поседува 20, 13% од вкупниот капитал и е трет сопственик по големина во однос на сопственичкиот капитал на оваа институција. Сметам дека во оваа институција има, а за тоа сите знаеме, софистициран акомпјутерска опрема вов редност од неколку милиони евра, коај секојдневно пропаѓа. Електронското плаќање е еден концепт што мора да се реализира некогаш. Исто така, ме интересира какви активности Владата и Министерството за финансии презема во овој поглед, дали планира со банките кои што работат со платежни картички, како што е Комерцијална и Стопанска банка, практично да влезе во обнова на овој проект и кои се тие активности што планира да ги направи, бидејки процентите што ги поседува Владата, не се за потценвуање.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господин Петар Гошев, дополнителен одговор.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Истата интенција е и на Министерството да се обидеме да го решиме ова прашање и веќе имаме контакти со банките да разговараме на оваа тема, бидејки и од нив зависи, како и од фискализацијата , искористувањето на потенцијалот на овој

капацитет. Совршено е јасно, како што господинот Макрадули вели , дека ..-
еден таков проект треба да успее.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Го молам пратеникот  Невзат Пејта. (Не е тука).

Го молам пратеникот Кире ГеШтаквоски да се произнесе, дали е задоволен од одговорот добиен од минситерот за земјоделство, шумарство и водостопанство или сака да постави дополнително прашање.

КИРЕ ГЕШТАКОВСКИ:

Почитуван господине претседателе на Собранието, почитуван премиер на Владата на Република Македонија , почитувани минситри, драги мои колеги,

Од одговорот на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство сум делумно задоволен, но граѓаните на Преспа ќе бидат презадовлни ако се оствари ветувањето на министерот за економија, господинот Илија Филиповски што ми го даде лично мене и ми вети дека и јаболкото, покрај другите земјоделски производи, ќе биде предмет на преговарање со нивнит еколеги од Руската федерација . Кога би се остварил извоз на тој огромен светски пазар во Руската федерација, јас мислам дкеа проблемто со откупот на јаболката ќе се реши подолгорочно. Дополнително прашање не поставувам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали господине Петров имате коментар на ова? (Нема)

Го молам претеникот Марјан Ѓорчев да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство или ќе постави дополнително прашање.

(Господинот Марјан Ѓорчев има најавено отсуство).

Го молам пратеникот Есад Рахиќ, да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од  минситерот за земјоделство, шумарство и водостопанство или сака да постави дополнително прашање.

ЕСАД РАХИЌ:

Не сум сосема задовоелн, меѓутоа нема да поставам дополнително прашање, бидејки знам каков ќе биде одговорот. Благодарам.

..-

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Ја молам пратеничката Славица Станковска да се произнесе дали е задоволна од одговорот добиен од минситерот за земјоделство, шумарство и водостопанство или сака да постави дополнително прашање.

СЛАВИЦА СТАНКОВСКА;

Од одговорот, гледам дека Министерството не е во состојба целосно да ми одговори на прашањето, заради тоа што во регионот кој што беШе зафатен со конфликт, не се во состојба да изврШат увид во бесправната сеча. Да се надеваме дека ќе се создадат услови безбедносни и Министерството ќе може во целост да си ги изврши сопствените функции. Немам дополнително прашање.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Претпоставувам, господине Петров, дека немате дополнителен коментар.

Го молам пратеникот Петар Апостолов да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство или сака д апостави дополнително прашање.

ПЕТАР АПОСТОЛОВ:

Почитуван претседателе, благодарам,

јас сум само делумно задоволен од одговорот и тоа во првиот дел каде што има акутно решавање на проблемто со ерозијата што ја прави реката Вардар кај селото Јосифово односно заградување на патот Е-75 таму сум задоволен.

Во вториот дел не сум задоволен, бидејки поентата на прашањето беше заштита на земјоделското земјиште од ерозијата на реката Вардар што ја прави секојдневно , а не со поплави. Ние знаеме таму какво е реШението, а тоа е реката Вардар да дојде во своето првобитно корито. Знаеме дека таму има и одредени инвестиции, но најголемата инвестиција е уништување на земјоделското земјиште. Затоа, јас не поставувам ново прашање туку сакам ова да се свати како иницијатива , која е поврзана и со материјални средства, Владата да размислува во отј поглед.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Претпоставувам, господине Петров, дека завршуваме со ова.

Го молам пратеникот Илија Србиновски да се произнесе од одговорот добиен од министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство или сака да постави дополнително прашање.

ИЛИЈА СРБИНОВСКИ:

Благодарам господине претседателе, овде во одговорот делумно скоро не сум задоволен, затоа што прашањето гласеше дали ќе се обезбедат средства за премија за пченицата, тутунот, шекерната репка и млекото. Меѓутоа, овде ми дава одговор дека бившата Влада колку дала средства, субвенции, колку исплатила, а додека никаде не е спомнато дали ќе обезбеди средства годинава за премија за истите култури кои што ги напоменав. Исто така, спомнува дека шекерната репка со 10.04. во 2003 година е засеано 420 хектари, а до техничкиот проект на шекерната репка, на сите ни е познато дека до 17 март треба да започне, а треба да заврши до 1 април. Значи шекерната репка доцни со сеидба, а зошто доцни? Доцни затоа што не е предвидена никаква премија. Минатата Влада најде начин да обезбеди уште 0,70 денари, т.е. 3 денари плати за шекерната репка. Оваа година нема слух повторно за премија за 0,70 пари за 1 килограм шекерна репа. Според тоа, од прашањето што го поставив односно од одговорот не сум задоволен.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господин Петров?

СЛАВКО ПЕТРОВ:

Прашањето е експлицитно и гласи, заради запознавање на оние што не го слушнаа, познато е дека Пелагонија е најголем производител на житарици. Ме интересира дали Владата на Република Македонија ќе обезбеди средства за премија и се сугерираат производи за пченицата, шекерната репка, тутунот и млекото. Пред Владата да донесе таква одлука, минситерот во име на Владата не може да каже Што Владата ќе реши.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Го молам пратеникот Ѓорѓе Палошкоски да се произнесе дали е задоволен од одговорот задоволен од одговорот добиен од министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство или сака да постави дополнително прашање.

ЃОРЃЕ ПАЛОШКОСКИ:

Од министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство Славко Петров не сум задоволен од одговорот, па му поставувам дополнително прашање.

Зошто Владата не донесува одлука за исплата на тутунот до загарантираната цена до 111 денари.

СЛАВКО ПЕТРОВ:

Прашањето е одговоренов о целост и ќе се обидам да му одговорам на дополнителното прашање. Исто како претходното, зошто Владата не донела одлука за исплата на загарантирана цена. Тоа прашање дали треба да се донесе или не, треба да се постави на Владата како целина и потоа ќе биде соодветен одговорот. Во овој момент министерот пред одлука на Влада и зошто таква одлука Владата не донела, мислам дека не може да одговара.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Го молам пратеникот Спиро Мавровски да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од минситерот за внатрешни работи или сака да постави дополнително прашање.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Мислам дкеа одговор не добив, а ќе треба да поставам дополнително прашање. За објаснување, прашањето беше од група пензионирани работници од МВР кои се пензионираа во МВР од 31.08.1991 година до 31.12.1993 година и то апо различни пензиски основици, со што овие корисници се оштетени. Се случува командир на полициска станица во Битола да има плата од 11 илјади денари пензија, а командир на подрачна единица со 10 вработени, 21 илјада денари. За остварување на ова нивно право, пензионерите од Министерството побараа судска заштита, поведувајки уставен спор пред Врховниот суд на Република Македонија , кои ги уважи тужбените барања, определувајки пензиите да се зголемат за 48,53% сметано од 1.01.1994, а за истото да се плати до 31.12.1999 година. Останатиот период од 1.01.2000 година е регулиран.

Последно што е разгледувано на некоја седница на Влада, тоа е на седниц ана Владата на Република Македонија на 2.04.2002 година и е предложено овие средства да бидат исплатени од Буџетот на Република Македонија , а во едно Министерството за финансии да изнајде решение во преговорите со ММФ. Затоа

што , разговорите во тоа време со ММФ се одложија, меѓувреме беа спроведени и завршија, ништо нема завршено во овој одговор дали воопшто Министерството за фианнсии разговарало со ММФ дали постои начин овие луѓе да се исплатат. Затоа , мораме да најдеме некакво решение, да се изврши Одлуката на Врховнито суд на Република Македонија , ако сакаме да ја почитуваме правната држава, а со тоа и овие пензионирани работници да бидат обештетени.

Значи, дополнителното прашање би било незнам дали тоа ќе биде господинот минситер за внатрешни работи и министерот за финансии, дали воопшто е разговарано со ММФ за исплата на овие средства или пак е пронајден некој нов модалитет или е разговарано на ниво на Влада точно за реализирање на правата на овие пензионирани работници.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господиен Хари Костов, министер за внатрешни работи.

ХАРИ КОСТОВ:

Од самото ова што пратеникот читаше, очигледно е дека одговор има добиено. Значи, не е дека нема добиено одговор, одговорот е доставен. Друго прашање е дали тој е задоволен или не е задоволен од одговорот. Очигледно е овде, како што исамиот спомна, дека одлука на Врховен суд постоеше и уште од 1 јануари 2000 година, но и во тој период не беа најдени модалитети како тоа да се исплати. Нашиот став е дека одлукит ена Врховнито суд треба да се почитуваат и да се спроведуваат, меѓутоа, тоа зависи од рамките на буџетските можности. Во делот на преговорите со Министерството за финансии и ММФ, мислам дека прашањата беа пак покренати, меутоа верувам дека од тоа делче може да добиеме одговор за наредната седница во соработка и со Министерството за финансии.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Во еден дел ќе добиете дополнителен писмен одговор и со тоа завршуваме.

Го молам пратеникот Рафис Алити да се произнесе дали е задоволен од одговор добиен од минситрот за внатрешни работи или сака д апостави дополнително прашање.

РАФИС АЛИТИ:

Задоволен сум.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Го молам пратеникто Невзат Бејта да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од минситерот за финансии или сака да постави дополнително прашање.

Има збор господинот Бејта.

НЕВЗАТ БЕЈТА:

Задоволен сум.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Ја молам пратеничката Роза Топузова-Каревска да се произнесе дали е Задоволна од одговорот добиен од Министерот за внатрешни работи или ќе постави дополнително прашање.

РОЗА ТОПУЗОВА-КАРЕВСКА:

Сум задоволна од одговорот, меѓутоа, сакам да поставам едно потпрашање. Имено, овие денови ми се обраќаат голм број на граѓани, мои сограѓани видно вознемирени со информацијата дека дел од наведените лица се вработени во Министерството за внатрешни работи и тоа токму овие денови.

Моето прашање е, дали е вистина дека дел од овие лица, кои го нарушуваа јавниот ред и мир во градот и со тоа ја доведуваа безбедноста на своите сограѓани во прашање, се вработени во Министерството за внатрешни работи. Потпирајќи се на одговорот којшто го имам добиено написмено, дали тие ги исполнуваат условите за служба во Министерството за внатрешни работи. Доколку не можам да го добиејам одговорот, сега би сакала да биде писменодоставен.

НИКОЛА ПОПВОСКИ:

Благодарам.

Господине Костов , повелете.

ХАРИ КОСТОВ:

Точно е дека едно од лицата кое што е наведено во одговорот во прашањето е вработено во МВР и во СВР-Прилеп. Морам да потсетам дека тоа е работа на Одлуката на Валдата за трансфорамција односно за укинување на единицата за брзи интервенции-Лавови. Со таа Одлука и со Одлуката за трансформација и за укинвуање на единицата беше регулирано дека единицата со 23 јануари престанува да постои. За сите оние кои ќе ги исполнуваат условите, законските услови и потребите на МВР и Министерството за одбрана во вкупен износ до 600 припадници на поранешната единица Лавови, дека ќе се покрене постапка за нивно вработување во МВР односно во Министерството за одбрана. За сите тие лица беа извршени здравствени прегледи, потребни документи околу образованието, физички способности и т.н. Со 23 април, што значи сега од вчера по потпишувањето овој пат на правно валидни договори, а не како она што имавме со лажење дека некој е вработен со необезбедени средства и т.н., тукусо потпишани правно валидни договори, од кои 400 во Министерството за внатрешнир аботи и 200 во Министерството за одбрана и се обезбедени средства во Буџетот за оваа година за тој износ за тие вработени, е извршено прием на , како што реков на Министерството за внатрешни работи на 400 лица. Тие луѓе во моментот согласно позитивната законска регулатива ги исполнуваат условите за прием. Само да ве потсетам, поднесена е кривична пријава или е изречена судска пресуда , согласно одлуките на Уставен суд, не претставуваат пречка во моментот, значи, со постојнито Закон за МВР, не претставуваат пречка за вработување во МВР. Затоа , што Уставниот суд сметаше со неговата Одлука дека оној што ја издржал санкцијата, го отслужил своето спрема државата и според тоа , за таа санкција , не треба да се сносат и понатамошни последици.

Морам да кажам дека тоа и според Министерството за внатрешни работи е една нелогичност, иако не би ги коментиреле одлуките на Уставниот суд, меѓутоа токму за седницата на 7 мај на Собранието на Република Македонија една од точките е измени на Законот за Министерството за внатрешни работи. И она што предлага Владата на Собранието е воведување кај посебните услови за засновување на работен однос во Министерството за внатрешни работи, лицата кои што ќе конкурираат за прием во Министерството се воведува услов да бидат достојни за вршење на функцијата на припадник на Министерството за внатрешни работи. Таквата одредба ја има и во сите европски законодавства и во законодавствата кои што се кај земјите од нашето опкружување и да се надеваме дека предлогот на Владата фактички ќе биде прифатен и од страна на Собранието.

Меѓутоа, фактички во овој момент тоа не претставува пречка за вработување во Министерството за внатрешни работи.

И уште една работа, она што на сите нови вработени од овие 400 им е кажано е дека за разлика од нивното поранешно однесување додека беа како припадници на лавовите итн, за секој од нив важи законот, колективниот договор, дисциплинските правилници на Министерството за внатрешни работи. Според тоа, било кој од нив направи било каква дисциплинска повреда, ќе си одговара согласно правилата на Министерството за внатрешни работи, или пак оној што ќе биде во постапка осуден соодветно според законските прописи на соодветна казна која претставува пречка за натамошно работење во Министерството за внатрешни работи ќе ги сноси тие последици.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Го молам пратеникот Михајло Георгиевски да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за внатрешни работи, или ќе постави дополнително прашање.

МИХАЈЛО ГЕОРГИЕВСКИ:

Јас сум задоволен од прецизните податоци што ги дава Министерството за внатрешни работи во кое се кажува дека од 1 ноември 2002 година до денес извршени се 34 убиства од кои 15 се расветлени. Од тие 15 расветлени убиства 5 се со издадени дозволи за носење на оружје, од кои 3 се од небрежност и 2 со издадена дозвола во 1999 година и 2000 година. Со тоа почитувани пратеници се анулира шпекулацијата дека убиствата во Македонија се вршат од лица чии дозволи се издадени во претходната Влада. Еве, се гледа дека само две такви убиства се извршени во однос на овие другите и со тоа оваа работа јас мислам дека се расчисти и повеќе не би требало да се има такви шпекулации.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали имате коментар на ова?

ХАРИ КОСТОВ:

Имам коментар, затоа што, ако од 15 извршени убиства, 5 се со дозволи во тој период, ние не навлегуваме во шпекулации, туку само кажуваме во тој период кој што пратеникот постави прашање колку такви дозволи издадени беше искористено оружјето за извршени убиства. Што значи од 15 расветлени, 5-те дозволи е 33,3%. Меѓутоа, пратеникот како да заборава дека дури има и таков случај

каде што сторителот на убиството ја поседувал со дозвола издадена од 1995 година, во 1998 година му е изречена мерка за безбедност од СВР Битола и пушката му е одземена. Таа пушка понатаму била купена од негов роднина на кого му е издадена дозвола на 21 март 2000 година за потоа тој истиот да му го врати на сторителот на убиството. Според тоа, не се шпекулации, овде се само факти и независно дали е, во каков период, за мене процентот од 1/3 од извршените убиства поделени со дозволи кои се од тој период, сепак е голема бројка.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Го молам пратеникот Блаже Стојаноски да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за внатрешни работи, или сака да постави дополнително прашање.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Од одговорот не може да се види дали полицијата интервенира, односно наведено е во одговорот дека полицијата интервенира само во случај кога се нарушува јавниот ред и мир во упади на лица во фирмите кои што се легитимни и легитимните органи кои што управуваат и раководат со овие фирми. Значи, наводите во информацијата кои што се однесуваат за случувањата во ЕМО - Охрид, не се точни. Полицијата ги поддржувала оние кои вршеле упад во управните простории на фирмата и ги напаѓале членовите на легитимните органи на ЕМО - Охрид, за што постојат и сведоци и лекарски уверенија, а не ја штител а сопственоста и правото на управување и раководење. Вакви се случаите и со голем дел од останатите фирми кои се наведени во одговорот од страна на Министерството. Тука можам да го истакнам случајот со фирмата “Вера Јоциќ” каде што директорот 30 часа бил држен во заложништво, а во одговорот од Министерството за внатрешни работи не е воопшто спомнато што е преземено против лицата кои што противправно го лишиле од слобода сопственикот на таа фирма. Исто така, наместо работниците преку синдикатот да бараат исполнување на правата од работен однос, работниците тоа го бараат од синдикатот кој раководи со процесот на работа на фирмите.

Моето дополнително прашање е следното. Прво, колку фирми работат преку синдикални сметки по однос на моето основно прашање, на колку и кои лица Министерството за внатрешни работи има поднесено кривични, или прекршочни пријави поради нарушување на правото на управување и раководење и правото на сопственост во акционерските друштва и друштвата со ограничена одговорност и

колку има поднесено кривични пријави против лица кои што го имаат нарушено правото на сопственост, односно кои го имаат нарушено правото на управување, раководење во овие акционерски друштва и друштва со ограничена одговорност.

ХАРИ КОСТОВ:

Прашањето беше во колку акционерски друштва Министерството за внатрешни работи интервенирало по барање за да се заштити правото на сопственост и правото на управување и раководење во случаи за непочитување на прописите со остварување на правото на штрајк се врши незаконско преземање на друштвата и притисок врз раководствата. Колку барања за интервенции во фирмите по барање на органите на управување и раководење се доставени до Министерството за внатрешни работи и од кои субјекти и каде Министертвото постапило по овие барања. Според тоа, во однос на тоа што беше прашањето, пратеникот доби целосен одговор. Нема теоретска шанса овде да се искористува само работава, да се кажува дека во ЕМО - Охрид полицијата била таа која што наводно им диктирала на штрајкувачите да преземат активности околу промена на раководството. Бевте сведоци и на телевизија, во извештаите кои што беа околу протестот во Охрид дека полицијата си се однесуваше професионално и само воспоставуваше јавен ред и мир во тој дел. А изјава дека од 1000 и нешто вработени некој може да каже, да потпише изјава дека еден полицаец, ова ме натерал, тоа мислам дека е друга работа.

Во однос на “Вера Јоциќ” има во самата информација дека веднаш штом е доставено барање до Министерството за внатрешни работи во врска со задржувањето на сопругот на сопственичката, истиот е ослободен веднаш од страна на полицијата. Според тоа, она што беше фактички во вториот дел од прашањето на пратеникот е дополнително прашање со дополнителни податоци кои се бараат. За тие дополнителни податоци писмено ќе одговориме.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Го молам пратникот Илија Србиновски да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од мнистерот за внатрешни работи, или сака да постави дополнително прашање.

ИЛИЈА СРБИНОВСКИ:

Задоволен сум од одговорот, затоа што јас поставив прашање по кои криитериуми се сменети овие лица.

Дополнителното прашање би се состоело, само каде би се обратиле овие 3 случаи, дека не се правилно прераспоредени.

ХАРИ КОСТОВ:

На дополнителното прашање фактички произлезе дека од 17-те луѓе во СВР Битола кои наводно биле неправилно распоредени, тоа беше прашањето од минатиот пат, очигледно е дека сите 16 фактички се распоредени според нивните квалификации и на места кои што бараат и таква стручна спрема. Само кај едно лице кое има шести степен е распореден на работно место кое што со систематизацијата е предвидено четврти степен. Според тоа, и во решението за распоредувањето кое му е предадено постои правна поука дека тој може да поднесе жалба до Второстепената комисија. Според тоа, тоа може да го направи во рокот кој што е содржан во правната поука од самото решение.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Го молам пратеникот Зоран Томиќ да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за внатрешни работи, или сака да постави дополнително прашање.

ЗОРАН ТОМИЌ:

Задоволен сум од одговорот. Во меѓувреме ја добивме информацијата и апелирам соработката да продолжи до конечното расчистување на вистината за судбината на киднапираните и исчезнати лица.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Нема потреба од дополнителен одговор.

Ја молам пратеничката Роза Топузова Каревска да се произнесе дали е задоволна од одговорот добиен од министерот за економија, или сака да постави дополнително прашање.

РОЗА ТОПУЗОВА КАРЕВСКА:

Задоволна сум од одговорот.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Го молам пратеникот Иван Анастасовски да се произнесе дали е задоволен од одговорите добиени од министерот за економија, или сака да постови дополнителни прашања.

ИВАН АНАСТАСОВСКИ:

Бидејќи се работи за две прашања поставени до министерот за економија и тоа првото е, дали е во можност Министерството за економија да одговори на барањата од страна на штрајкувачите во АД ЗИК "Сточарство и преработка - Куманово", задоволен сум, а со тоа се задоволни и самите штрајкувачи, бидејќи евидентно Министерството прави напори за решавање на состојбите во ова сточарско претпријатие во Куманово.

Само една замолница, бидејќи пред извесно време тие беа во Министерството за економија и доставија барање за државен повереник во АД ЗИК "Сточарство и преработка - Куманово", ако може министерот да им излезе во пресрет на ова барање на вработените од пред некој ден. Тоа е замолница. Инаку, сум задоволен, а и вработените.

Додека во однос на состојбата со вработените во трговското претпријатие "Купром" - Куманово, вчера имав разговор со вработените во "Купром" - Куманово кои од 2001 година се во штрајк и не знаат ни самите каде се и каков е нивниот статус со претпријатието, а и со самите вработени. Со решение на Основниот суд во Куманово се раскина договорот меѓу трговското претпријатие "Купром" - Куманово и Силекс од Кратово во корист на "Купром" и на вработените и со самото раскинување на договорот во 1995 година кое тогаш броело 244 вработени, сега фиктивно во штрајк од 2001 година се 100 вработени во "Купром" - Куманово Во делот каде што кажува во одговорот на Министерството за економија дека обврските спрема доверители ќе бидат измирени со преотстапување на две до три продавници, а мора да се напомене дека претпријатието има 51 продавница. Вработените и јас со самото тоа сме задоволни, меѓутоа она ги интересира е дека во случај претпријатието да дојде во состојба да се приватизира, каков ќе биде статусот на вработените во "Купром" - Куманово. Тоа е како дополнително прашање до министерот за економија.

ИЛИЈА ФИЛИПОВСКИ:

Во врска со поставеното прашање за ЗИК Сточарство и преработка - Куманово, вработените беа во Министерството и врз основа на нивните укажувања вршиме проверки во централниот депозитар за утврдување на сопственоста,

индициите дека има општествен капитал, односно државен и врз основа на..-
тоа се надевам дека тоа ќе го завршиме до крајот на оваа недела. И врз основа на тоа ќе предложиме претставник на општественото, односно доколку се утврди државен капитал на првата седница на Агенцијата за приватизација.

Што се однесува до второто прашање Купром - Куманово тоа прашање не е поставено за оваа седница, мислам одговорот беше даден на неколку претходни седници. Прифаќам ова што го укажуваат, дополнително да ја согледаме состојбата.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Го молам пратеникот Мите Николов да се произнесе дали е задоволен од одговорите добиени од министерот за економија или ќе постави дополнително прашање.

МИТЕ НИКОЛОВ:

Почитуван претседателе, задоволен сум од писмените одговори кои што ги добивме од Министерството за економија за сите акционерски друштва при Текстилниот комбинат “Македонка”,како и за фабриката за сијалици “Селена” од Штип. Меѓутоа, посебно сум задоволен од реализирањето на усниот договор со министерот Филиповски за доаѓањето на стручни лица од Министерството за економија во Штип каде изворно би се запознале со сите состојби кои што ги имаме во штипското стопанство, односно да се скенира штипското стопанство сé со цел да се надминат состојбите во кои што моментално се наоѓаме.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Го молам пратеникот Есад Рахиќ да се произнесе дали е задоволен од одговорите добиени од министерот за транспорт и врски, или сака да постави дополнителни прашања.

ЕСАД РАХИЌ:

Мојот одговор е ист.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали има претставник од Министерството за транспорт и врски? (Нема).

Одговорите на Илија Србиновски, Каме Петров ќе ги ставиме на дневен ред кога ќе дојде претставник од тоа министерство. Од Министерството за транспорт и врски немаме претставник во овој момент. Освен ако не сте задоволни од одговорите, тогаш завршува.

Господинот Каме Петров е задоволен од одговорот.

Господине Србиновски, ако имате дополнителни прашања ќе почекаме да дојде претставник на Министерството за транспорт и врски.

Ја молам пратеничката Славица Станковска да се произнесе дали е задоволна од одговорот добиен од министерот за труд и социјална политика, или сака да постави дополнително прашање.

СЛАВИЦА СТАНКОВСКА:

Од одговорот гледам дека Министерството не располага со некои конкретни показатели за она што беше суштина на моето прашање, односно можни злоупотреби на лица кои се од редот на внатрешно раселени.

Прашањето го поставив заради тоа што имаше реакција од поединци, тие немаат ист статус, а се третираат сите исто. Не сакам дополнително да прашувам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Ја молам пратеничката Ана Андова да се произнесе дали е задоволна од одговорот добиен од министерот за труд и социјална политика, или сака да постави дополнително прашање.

Има збор госпоѓа Ана Андова.

АНА АНДОВА:

Благодарам за исцрпните одговори на моите прашања на министерот за труд и социјална политика. Се надевам дека одговорите ќе бидат корисна информација за здруженијата на граѓани формирани по основ на различни видови инвалидитет и се надевам дека истите ќе предизвикаат одредени реакции.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Го молам пратеникот Зоран Шапуриќ да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за труд и социјална политика, или сака да постави дополнително прашање.

Има збор господинот Зоран Шапуриќ.

..-

ЗОРАН ШАПУРИЌ:

Очигледно морам да бидам задоволен од одговорот, бидејќи одговорот е даден врз база на законската регулатива во таа смисла и врз база на донесените судски одлуки. Излезот на лицата на воените пензионери за решавање на нивните проблеми мора очигледно да се бара преку решавање, односно преку измена на законите.

Имено, овие пензионери во кои воениот период од 1991, 1993 година, заминаа во пензија, очигледно се оштетени и таа состојба може да се поправи, исклучиво со измена на закони и затоа сум задоволен од одговорот, бидејќи тоа е ваден врз основа на постојната законска регулатива. Но, во секој случај мора да се работи на измена на регулативата.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Го молам пратеникот Киро Мавровски да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за труд и социјална политика или сака да постави дополнително прашање.

КИРО МАВРОВСКИ:

Одговорот од министерот за труд и социјална политика го добив непосредно пред почнување на оваа седница и покрај тоа што се потрудив неколку пати да го прочитам, мислам дека некој посебен одговор не видов. Инаку, се работи за група македонски осигуреници, кои што имаат македонски и српски работен стаж, а се работи за спроведување на ратификацијата на Договорот помеѓу Република Македонија и Република Србија за остварувањето на правото на пензија за македонските државјани кои од 1 април 2002 година пензиите треба да ги добиваат од Република Србија, преку банкарските институции.

Значи, и покрај тоа што во одговорот од господинот министер постои дека се работи за огромен број случаи, ќе треба повеќе време.

Јас како дополнително прашање би замолил од мое лично име, дали постои одреден временски период, после кој ќе видиме почетни резултати, а воедно си земам за право, бидејќи денеска го добив одговорот, после консултацијата со граѓаните кои го поставија ова прашање, моето мислење е и нивното мислење е да го пренесам до господинот министер лично.

..-

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господинот Јован Манасиевски.

ЈОВАН МАНАСИЕВСКИ:

Како што се гледа и од одговорот, спогодбата е стапена во сила во 2002 година, меѓутоа оперативна е од декември 2002 година, што значи од пред три и пол месеци, така што очекуваме во најскоро време првите случаи да бидат процесуирани и заради поголема оперативност, самата процедура е децентрализирана во подрачните единици на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, како корисниците многу побрзо би можеле да ги достават своите апликации и целата процедура реализација на договорот да биде пооперативна. Значи, првите решени случаи ги очекуваме во периодот од наредните неколку месеци.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Ја молам пратеничката Ристана Лалчевска да се произнесе дали е задоволна од одговорот добиен од министерот за труд и социјална политика или ќе постави дополнително прашање.

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА:

Јас воопшто не сум задоволна од одговорот што го добив. Од она што успеав да го анализирам пред седницата, министерот како одел праниот континуитет тоа хронолошки е во ред, меѓутоа, тоа ни беше познато на сите.

Во својот одговор тој вели дека со добивање на комплетните податоци за платите на воените осигуреници Фондот ќе донесе конечни решенија, што е сосема спротивно со подолу во одговорот, каде што вели дека е поребно да се остварат конкретни разговори помеѓу Министерството за одбрана на Република Македонија и Министерството за одбрана на Србија и Црна Гора, за да се обезбеди матичната евиденција за оваа категорија на осигуреници.

Меѓутоа, ако министерот внимателно ја следеше 14-тата седница, господинот Бучковски потврди дека матичната евиденција за оваа категорија на осигуреници веќе е во Министерството за одбрана и воопшто не е јасно во овој одговор кога всушност, оваа евиденција ќе биде превземена од Министерството за одбрана за да се устрои во Пензискиот фонд и да почне претензионирањето на оваа категорија на осигуреници.

..-

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине Манасиевски, дали имате дополнителен коментар.

ЈОВАН МАНАСИЕВСКИ:

Јас навистина незнам што не и е јасно на пратеничката, бидејќи во одговорот од Министерството за одбрана стои јасно дека обработката на добиените податоци во Министерството за одбрана ќез биде завршена и податоците ќе бидат доставени до Фондот до 15 јуни 2003 година. Така што почитуваниот пратеник ќе може да бара одговор од Фондот, дури откога на 15 јуни 2003 година ќе бидат доставени податоците. Во тој момент тие ќе може да бидат интегрирани во евиденцијата на Фондот и од тој момент ќе може да се издаваат конечни решенија.

Инаку, мора да нагласам дека со досегашниот принцип на исплата на аконтативен износ во ништо, тие осигуреници всушност имаат идентични права, како и осигурениците со конечни решенија. Така што, самите осигуреници во ништо не се закинати. А по доставувањето на овие податоци од Министерството за одбрана на 15 јуни 2003 година тие ќе бидат интегрирани во евиденцијата на Фондот и ќе почне издавање на конечните решенија.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господинот Замир Дика побара процедурално да се обрати како координатор на ДПА.

ЗАМИР ДИКА:

Ви благодарам господине претседателе, почитувани колеги, почитувани претставници на Владата на Република Македонија,

Во согласност со она што се исфрлени од печатот дека Централниот комитет на ДПА зазема одлука за мораториум, или за престанување на нејзините активности и во рамките на заклучоците на извршниот орган на оваа партија, тоа е адекватно со нашата работа во Парламентот. Оваа одлука предвидува и престанување на работата на пратеничката група во Парламентот. И денеска сакаме на коректен начин да ги известиме колегите дека нема да учествуваме во работата на Парламентот како парламентарна група мислиме дека сме биле активни и кокнструктивни по овие седум месеци, било во работата на комисиите, или на седниците на парламентот, посебно со оние што се во врска со Рамковниот Охрид. И самите сме биле сведоци на неимплементираното, девијациите и дефектите кои

постојат во имплементацијата на Охридскиот договор и другите документи кои што се значајни за изградба на една држава во македонците и албанците ќе бидат рамноправни и да не бидеме учесници во ова распарчување на правата на албанците, а ние велиме како пратеничка група дека ќе ја почитуваме одлуката на нашиот извршен комитет и нема да учествуваме за извесно време во работата на Парламентот на Република Македонија.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Јас ве повикувам да останете на работните места во Собранието на Република Македонија, меѓутоа, се разбира, не можам да влијаам на вашата одлука.

Продолжуваме со работа.

Го молам пратеникот Ангел Димитров да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за труд и социјална политика, или сака да постави дополнително прашање.

Има збор господинот Ангел Димитров.

АНГЕЛ ДИМИТРОВ:

Со одговорот сум задоволен, но се разбира дека Министерството за труд и социјална политика ова решение го гледа од свој агол. Одговорот навистина е детален, но и Министерството за економија смета дека сигурно имало добри намери во документот Нацрт на политиките и мерките за подршка на економскиот раст и развој во 2003 година ја предвидува можноста претпријатијата на своја сметка да вршат докуп на стаж за работници пред пензионирање, со цел да се создадат можности за нови вработувања на млади луѓе на местото на работници со намалена работоспособност, на работници со скратено работно време и други работници кои навистина, не се во можност посебно да ги извршуваат своите работни обврски.

Дополнително прашање не поставувам, а се надевам дека Владата на Република Македонија ќе изгради сопствен став за овие две различни видувања.

ЈОВАН МАНАСИЕВСКИ:

Само да дополнам документот на Министерството за економија е нацрт на политиките и мерките и тој беше документ што подоцна беше интегриран во макро економската политика на Владата на Република Македонија и во програмата за зголемување на вработеноста и на флексибилноста на пазарот на работна сила и тие мерки што се таму наведени во тие документи се финални документи и позиции

на Владата на Република Македонија што беа соопштени и во овој одговор на пратеничкото прашање.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Го молам пратеникот Славе Арсовски да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за животна средина и просторно планирање, или сака да постави дополнително прашање.

СЛАВЕ АРСОВСКИ:

Иако беше прашањето доста конкретно, одговорот е малку воопштен и во потполност не сум задоволен. Прашањето беше конкретно, кога ќе ни биде донесен законот за национални паркови во Република Македонија, јас не барав ниту датуми ниту месец, можеше да се каже 2003 или 2004 година. Воопштено се дава дека во Министерството за животна средина и просторно планирање, во моментот се работи на проектот за зајакнување на капацитетот на Министерството за животна средина и просторно планирање, ФАРЕ - 1999 година и веројатно во тој контекст е и тој закон и се поставува едно дополнително прашање од кое што произлегува дека и Владата на Република Македонија предвидува да основа јавна установа национален парк. Па тоа дополнително прашање би било не мора месецот само може да се каже од кога тој закон ќе се донесе дали во 2003 или во 2004 година и од тој аспект, не сум во потполност задоволен, бидејќи беше конкретно прашањето.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господинот Јанев, министерот за животна средина и просторно планирање.

ЉУБОМИР ЈАНЕВ:

Прашањето е конкретно и одговорот е конкретен, бидејќи малку е поопширен, меѓутоа, точно е прецизирано дека Министерството за животна средина и просторно планирање во склоп на работата на проектот преку кои што се работи на четири законски проекти, се работи за проектот на новиот закон за заштита на природата, во склопот на кој закон се регулира и прашањето за управувањето со националните паркови.

Значи, Министерството за животна средина и просторно планирање, работи на тој закон, а во законот е веќе изработена и првата верзија, значи ќе оди во нормална процедура и ќе биде ставен на јавна расправа, а е прецизиран и датумот,

односно периодот кога ќе биде ставен и во владина процедура. Овде во одговорот е јасно нагласено дека се работи за месец септември 2003 година. Затоа сметам дека одговорот е прецизен на прецизното прашање.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Го молам пратеникот Зоран Томиќ да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за животна средина и просторно планирање, или ќе постави дополнително прашање.

ЗОРАН ТОМИЌ:

Задоволни се пред се граѓаните од Месната заедница Спортски центар. Станува збор за околу 7.000 жители за навистина експресното делување на укажувањето и гледам дека во одговорот е донесено решение за забрана на дејствијата кој продизвикува емисија на загадување, односно забрана на користење за локација за друга намена, односно за дивата депонија која се изгради во Спортскиот центар во Тетово. Добро и е укажувањето бидејќи ова бара ангажман и на други надлежни, пред се комунални инспекциски органи и во таа насока секогаш ќе го потсетува и министерот и надлежните органи да превземаат со закон соодветни мерки, токму за спречување на настанувањето на нови депонии.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам, нема потреба од одговор, бидејќи е задоволен пратеникот. (Има)

Повелете господине Јанев.

ЉУБОМИР ЈАНЕВ:

Само би сугерирал дека вакивите прашања и сугестии се добредојдени, бидејќи тие се предмет на работа на инспекторатите и се разбира дека ефектите од вакивите прашања и сугестии се големи.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Ја молам пратеничката Цветанка Гашовска да се произнесе дали е задоволна од одговорот добиен од министерот за животна средина и просторно планирање, или ќе постави дополнително прашање.

ЦВЕТАНКА ГАШОВСКА:

Задоволна сум од одговорот на прашањето и заедно со моите ..-
сограѓани очекувам реализација на планираните активности.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Го молам пратеникот Ружди Матоши (не присуствува).

Го молам пратеникот Зоран Шапуриќ да се произнесе дали е задоволен од одговорите добиени од министерот за здравство, или ќе постави дополнително прашање.

ЗОРАН ШАПУРИЌ:

Со оглед на тоа дека на минатата седница е усвоен Законот предложен од пратеникот Најдовски и со оглед на тоа дека во одговорот стои дека Министерството за здравство и Владата на Република Македонија преземаат мерки за измена на правилници кои го регулираат начинот на добивање на одредени помагала за хендикепираните лица, со што Министерството јасно укажува дека има волја да ја исправи грешката направена пред две години во однос на оваа категорија, јас сум задоволен од одговорот.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Го молам пратеникот Ѓорге Паљошковски да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за здравство, или ќе постави дополнително прашање.

ЃОРГЕ ПАЉОШКОВСКИ:

Од одговорот на министерот за здравство делумно сум задоволен, се надевам дека Владата на Република Македонија ќе изнајде средства за склучување на договорите.

Дополнително прашање не поставувам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Ја молам пратеничката Наташа Биковска да се произнесе дали е задоволна од одговорот добиен од министерот за здравство, или ќе постави дополнително прашање.

НАТАША БИКОВСКА:

Проблемот односно прашањето со преработеноста во здравството, односно во здравствениот систем е премногу комплексно и сложено и на почетокот ќе кажам дека сум задоволна од одговорот. При тоа ќе прокоментирам дека со самиот факт што се планира, ова прашање да се решава со системски промени, зборува дека и министерот за здравство и Владата на Република Македонија во целост се определи за реформи во здравството и сакам да кажам дека тоа премногу ме радува. Убедена сум дека ќе опстоиме на реформскиот курс, односно се предвидува измени и дополнувања на Законот за здравствена заштита, а лично сметам дека надминување на овој проблем ќе се постигне со изготвување на правилникот за финансирање на здравствените услуги во здравствените установи што тие ги пружаат на здравствените осигуреници и тогаш мислам дека сето тоа ќе се постигне и во интерес на здравствениот систем во интерес на здравствените работници, а најмногу во интерес на нашите пациенти.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Го молам пратеникот Невзат Бејта да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за одбрана, или ќе постави дополнително прашање.

НЕВЗАТ БЕЈТА:

Задоволен сум од одговорот.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Го молам пратеничката Ристана Лалчевска да се произнесе дали е задоволна од одговорот добиен од министерот за одбрана, или ќе постави дополнително прашање.

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА:

Јас сум задоволна од одговорот на министерот за одбрана, а во меѓувреме користам прилика да му се извинам на министерот за труд и социјала, затоа што јас овој дел од одговорот сега го видов и би замолила во иднина господата претставници на Владата на Република Македонија да се придржуваат на нормата 39 од Деловникот, каде што се предвидува должност во рок од 10 дена да ни доставaт одговор, како ние би можеле да ги анализираме, да не дојдеме во ситуација како што сега јас се најдов.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Јас не сакам никого да брана, ги знам деловничките определби, меѓутоа, во последно време се соочуваме со огромен број на писмени прашања и јас размислувам дали во Деловникот тој рок од 10 дена ќе треба да го пролонгираме. Добиваме секојдневно и доставуваме до Владата на Република Македонија огромен број на прашања, кој јас ги гледам дека се такви што  Владата на Република Македонија има потреба да проучи пред да одговори нешто и не верувам дека е можно за 10 дена тој рок да го издржи со ваква динамика на доставување. Инаку, ве разбирам и вас дека е тоа деловничкиот рок и вие сте во право.

Има збор господинот Хари Костов.

ХАРИ КОСТОВ:

Значи, не околу прашањето кое беше поставено, меѓутоа, околу роковите, затоа што и ние се соочуваме како министерства и кај нас, а верувам и сите други министерства го имаат тој проблем, затоа што седницата на Собранието на Република Македонија и минатиот месец беше 27-ми или 28-ми, сега не се сеќавам, кај нас прашањето е примено во Министерството на 9-ти април. Според тоа, дали од стенограмот, дали од техниката, фактички и ние имаме многу малку време по тоа за да се запази тој рок од Деловникот. Или треба да бидат прашањата побрзо доставувани до министерствата, или пак треба во рок од 10 дена откога е примено во министерството. Инаку, вака не можеме да постигнеме. Десет дена беа на пример изминати пред ние воопшто да ги добиеме некои од прашањата, тука ќе треба да се направи некоја заедничка интервенција.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Пратеничките прашања ги испраќам во рок од два-три дена по одржувањето на седницата,  ако прашањето е поставено на седница, но исклучувам можност да настанал проблем. Голем број на прашања има до Собранието и на седница, а и меѓу седници и јас секој ден потпишувам по десет прашања што ги упатуваат пратениците до Владата и навистина незнам дали тој рок од десет дена ќе го изджиме во иднина.

Ја молам пратеничката Славица Станковска да се произнесе дали е задоволна од одговорот добиен од министерот за култура или ќе постави дополнително прашање.

..-

СЛАВИЦА СТАНКОВСКА:

Јас разбирам дека службите во министерствата имаат и други обврски, освен да одговараат на наши пратенички прашања. Овде сум известена дека дополнително ќе бидам писмено информирана и тоа го прифаќам за конечниот став на моето прашање.

Но сакам да искажам и една благодарност за сериозноста со која Министерството гледа на институтот пратенички прашања, заради тоа што почуствува за потребно и лично контактираат со мене.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Тројца пратеници прифатија на одговорите што ги добија денес да побараат дополнителен одговор, иако денес го добија одговорот и продолжуваме со нивно изјаснување.

Пратеникот Благоја Голомеов постави прашање до министерот за транспорт и врски, меѓуоа, министерот за транспорт и врски не е присутен денес.

Господинот Никола Апостоловски, исто така, постави прашање до министерот за транспорт и врски.

Господинот Јордан Михајловски постави прашање до министерот за транспорт и врски.

А господинот Јордан постави прашања до Владата на Република Македонија и доби одговор.

Ве молам да се произнесете дали сте задоволен од одговорот или ќе поставите дополнително прашање.

ЈОРДАН МИХАЈЛОВСКИ:

Целосно сум задоволен од одговорот што го добив од Владата, бидејќи поставив едно суштинско прашање за влијанието на ирачката криза врз македонското стопанство и што е тоа што ќе го преземе Владата во постконфликтниот период во Ирак.

Мислам дека позитивно треба да се потенцира дека Владата веќе има целосна информација и дека притоа Владата ги има задолжено Министерството за надворешни работи, Министерството за транспорт и врски и Министерството за економија, со нивно координирано дејствување и контакти со меѓународните претставници за што подобро позиционирање на нашата земја во обновата на Ирак.

Мислам дека одговорот се дополнува и со анализата што е направена на постојните можности и капацитети на Македонија, пред се, на градежниот и металопреработувачкиот сектор, кои треба да дејствуваат во целина. Заслужува

внимание да се каже дека по ова прашање Владата има изградено стратегија, дотолку повеќе што од страна на државата гледаме дека се преземаат секојдневни координирани активности во оваа насока на надворешен план.

Би поставил дополнително прашање, доколку има нешто ново, да ни се каже со оглед дека се работи за стратешко прашање и стратешка активност. Доколку има нешто ново, да бидеме известени ние како пратеници и македонската јавност.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Тоа не е дополнително прашање, тоа е замолница до Владата и така ќе го третираме.

Останаа уште одговори на 4 прашања и треба да се види дали има дополнителни прашања и одговор за министерот за транспорт и врски. Ако во текот на денот дојде претставник ќе се вклучиме директно на нив.

Сега продолжуваме со поставување на пратенички прашања. Од пратеничките групи е доставен редослед по кој ќе работиме, а ги молам пратениците од Пратеничката група на ЛДП, доколку имаат редослед да ми го достават.

(Пратеничката Роза Топузова Каревска го доставува редоследот на претседателот).

Известен сум дека министерот и заменикот министер за транспорт и врски се на службен пат во Париз, а на седницата е присутен државниот секретар. Со оглед дека министрите одговараат, јас ќе ги прашам пратениците што имаат поставено прашање, ако тие се согласат државниот секретар во оваа ситуација да одговори, тоа ќе го уважиме. Ако инсистираат за министерот, тоа ќе го направиме на наредната седница кога ќе биде присутен.

Господине Србиновски, господине Голомеев, дали ќе се изјасните, дали прифаќате да ви одговори државниот секретар?

БЛАГОЈ ГОЛОМЕЕВ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитувани претставници на Владата,

Јас сум задоволен од одговорот што е добиен од страна на Министерството за транспорт и врски, со тоа што се надевам дека ќе се опстои во ставот што е изнесен од страна на министерот дека при изготвувањето на новиот закон за радиодифузна дејност, во неговата изработна ќе бидат вклучени сите субјекти на кои се однесува овој закон, а меѓу нив и претставник на Здружението на локалните

радиодифузни претпријатија. Со тоа укажување би завршил, односно немам дополнителни прашања.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Пратеникот Голомеов нема дополнително прашање.

Господине Никола Апостоловски, дали прифаќате сега да се произнесете за одговорот? (Да)

НИКОЛА АПОСТОЛОВСКИ:

Јас сум делумно задоволен од одговорот. Единствено не се согласувам со последната реченица искажана во одговорот која гласи:

"Браната е завршена со градба и пуштена во август 2002 година".

Моето прашање беше кога ќе се заврши изградбата на браната "Лошано" во Делчево. Воопшто не е точно дека браната е завршена, а точно е дека браната е пуштена во август 2002 година, но како политички маркетинг во изборната кампања за носителот на листата на ВМРО-ДПМНЕ во ИЕ број 3 господинот Љубе Бошковски кој ја пушти браната во употреба, но без вода.

Според пресметката на изведувачот за да се завршат работите, потребни се дополнителни 777 иљјади американски долари.

Дополнителното прашање гласи:

Дали Владата има намера односно Министерството конечно да ги вложи овие средства и да ја пуштиме браната во употреба, но полна со вода.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали државниот секретар во Министерството за транспорт и врски ќе даде одговор на ова прашање?

Има збор господинот Ерол Бектеши.

ЕРОЛ БЕКТЕШИ:

На ова прашање ќе одговориме дополнително во писмена форма.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Ќе добиете дополнителен одговор во писмена форма.

Господине Јордан Михајловски, дали ќе чеката да се изјасните за одговорот кога ќе биде присутен министерот или сега?

ЈОРДАН МИХАЈЛОВСКИ:

Сега гледам дека имаме истоветни прашања со господинот Голомеов, сум задоволен и сум во очекување на Законот за радиодифузија, кој треба да се донесе во месец ноември, со што ќе се реши статусот на 29 локални радиостаници, кои

немаат дефиниран статус, и покрај тоа што дел од нив имаат основачки права во општините.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Господинот Илија Србиновски, со оглед дека беше присутен, известете го да дојде, а во меѓувреме продолжуваме со поставување пратенички прашања, кои се поставуваат на самата седница.

По доставениот редослед од пратеничките групи, има збор господинот Жарко Караџоски од ВМРО-ДПМНЕ.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата, колеги пратеници,

Јас ќе го искористам моето право да поставам три прашања и веднаш ќе наговестам дека овој пат нема да го прашам министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство за ниедно прашање. Само да му се заблагодарам што од денес е отпочната исплатата на тутунот во Прилеп што коинцидира и со новото избрано раководство во Тутунскиот комбинат. Сакам само да му упатам честитки.

Сега да преминам на прашањата.

Моето прво прашање е упатено до министерот за финансии, до господинот Петар Гошев, а прашањето би гласело:

Господине Гошев од медиумите дознавме дека Министерството за финансии, односно државните материјални резерви увезле 75 илјади тони нафтени деривати по цена повеќекратно поскапа од пазарната. Со тоа што е увезена скапа нафта, направена е штета од најмалку 15 милиони долари.

Прашувам: Колку вкупно нафтени деривати се увезени, дали за тоа е распишан тендер и под кои услови, кои типови нафтени деривати и по кои цени се увезени. Колкава е разликата меѓу цената на дериватите што Министерството, односно МАТРЕС ги плаќа на Макпетрол и набавената цена на дериватите и колкава е разликата меѓу малопродажната цена на дериватите во периодот откако се применува замрзнувањето на цените и цената што ќе се плаќаше ако се применуваше Методологијата за утврдување на малопродажната цена на нафтените деривати.

Второто прашање, исто така, се однесува до министерот за финансии, господинот Гошев.

Почитуван министре, неодамна имавте посета на Вашингтон и во една тамошна изјава се направи една забуна која средствата за информирање ја пренесоа во Република Македонија. Ние не можевме да дојдеме до конечниот одговор и каде е вистината, иако слушавме ваши деманти и изјави, па би сакал овде да ве прашам за следното:

Дали е точно дека во Вашингтон во ваша изјава вие најавивте девалвација на денарот или, ако тоа е неточно, редно е да го објасните пред пратениците. Аналогно на ова прашање, би ве прашал дали ќе има девалвација или не.

Третото прашање е до министерот за внатрешни работи, господинот Хари Костов.

Почитуван министер, колеги пратеници,

Сведоци сме, во последно време, две години и повеќе, македонската јавност ја бранува аферата прислушкување, сведоци сме на постојните настани и тн. Моето прашање би било во друг правец.

Со оглед дека прислушкувањето како појава не е непознато во Република Македонија уште поодамна, би го прашал господинот Хари Костов дали Министерството или тој како министер има намера да се зафати со испитувањето на случајот прислушкување, случајот наречен “Дувло”, кога беа прислушкувани Централниот партиски штаб на ВМРО-ДПМНЕ, поточно дали се преземени такви дејствија, ако не се, дали има намера МВР да преземе такви дејствија или поточно дали знае кој е сторителот и дали воопшто ќе поднесе кривична пријава и за таквото прислушкување.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Одговор на првото прашање ќе даде господинот Петар Гошев.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Увезени се 75 илјади тони. Не се увезени по повеќекратно повисоки цени, господин Караџоски има обичај да претерува.

Увезени се по цена од 31,30 долари по барел, тогаш кога цената на светскиот пазар беше толку, 31,30 долари. Разликата на 10 април е 7,3%, не повеќе. За таа разлика ОКТА ќе ослободи количини во стоковните резерви и загуба немаат стоковните резерви и државата, а цените потоа ќе се формираат според Методологијата која ја утврдивте, ја утврди Вашата Влада господине Караџоски, кога го склучивте договорот со ОКТА, оној фамозен договор со толку многу штети за

Република Македонија. Се разбира тој договор ги компликува многу работите и има последици во многу ситуации и понатаму. Значи толку е и ништо повеќе од тоа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине Караџоски, дали сте задоволен од овој одговор?

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Не може човек да биде задоволен од толку скржав одговор. Во секој случај темата е актуелна.

Еве, јас би најавил од името на пратеничката група на ВРМО-ДПМНЕ дека фактички не сум задоволен од одговорот и би најавил дека на една од наредните седници ние како пратеничка група ќе побараме да се формиреа анкетна комисија од името на Собранието која ќе ги испита сите овие набавки, дали е тоа така како што вели министерот или како што пишуваа средствата за информирање, и како што се зборува во јавноста.

Според тоа, за да имаме валидна и адекватна информација, односно решението дали е такво како што кажува министерот, мислам дека тоа најдобро може да го разреши една анкетна комисија, која ќе даде и еден извештај до Собранието и по него ќе расправаме.

Тоа би го најавил, а немам дополнително прашање.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине Гошев, дали имате коментар на ова што се кажа дополниотелно?

ПЕТАР ГОШЕВ:

Имаат право и се што имаат право како пратеници, нека си го прават.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Имате право да не верувате на искажаното, се разбира и тоа право го имате.

Дали ќе одговорите на второто прашање, господине Гошев?

ПЕТАР ГОШЕВ:

Никогаш не сум рекол дека ќе има девалвација и инфлација, како што напишаа некои весници. Ама буквално никогаш не сум рекол, бидејќи договоривме политики кои ги усвои Парламентот и договоривме политики кои заедно ги ставивме во аранжманот со ММФ и таму запишавме стабилен девизен курс, запишавме стопански раст до 3% и инфлација исто така до 3%. Бидејќи јас учествував во тие преговори, не сум можел да изјавам ни случајно нешто поинаку од тоа. А сум рекол дека граѓаните на Република Македонија, покрај стабилни цени и стабилен девизен курс бараат побрзо отворање на работни места, повеќе инвестиции и тн. Мојата

изјава беше тоа, интерпретрацијата беше таква каква што беше и политиката на Владата е таа. Ќе продолжи да биде таа, политика на макроекономска стабилност што подразбира ценовна стабилност, во рамките на тој процент до 3% раст на инфлацијата и стабилен девизен курс. Меѓутоа, макроекономската стабилност подразбира и не толкава стапка на невработеност, и не толкав дефицит во платниот биланс. Затоа, се разбира, сум зборувал за такви прашања, и ќе зборувам секогаш за такви прашања, а информирањето понекогаш може да биде неточно, може да настане недоразбирање, што во случајот се случи.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине Караџоски, дали сте задоволен од одговорот?

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Не би можел да кажам дали сум задоволен или не сум задоволен од одговорот, но очигледно дека вината за овој проблем е во новинарите, иако некој претходно кога велеше кога новинарите знаат да претераат, тогаш господинот Гошев не убедуваше дека тоа не е така, меѓутоа, очигледно овде сега новинарите се виновни. Очигледно неможел да го разбере господинот Гошев што зборува, односно што толкува. Затоа е потребно вакво објаснување.

Други дополнителни прашања во однос на ова немам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине Гошев, дали баравте збор?

ПЕТАР ГОШЕВ:

Јас не реков дека претеруваат новинарите, јас реков на оваа седница дека претерува или преувеличува господинот Караџоски, а недоразбирање околу изјавата настанало и го објаснив тоа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

На третото прашање на господинот Караџоски ќе одговори господинот Хари Костов, министер за внатрешни работи.

ХАРИ КОСТОВ:

Јас лично не сум запознат со таа афера "Дувло", со следење на некои поранешни афери, затоа што не трошам значаен дел од моето време на работа и бавење со некои активности од 1998 година или пред тоа, а луѓето кои сега ги поставуваат прашањата, односно кои беа на власт до 2002 година, можеа и самите да си преземат соодветни активности, доколку мислеа дека има определена злоупотреба или кршење на законските прописи.

Меѓутоа на неколку наврати во изминатите денови укажав на една работа а тоа е дека целокупната материјална документација со која располагала Управата за безбедност и контраразузнавање, и која се однесува на периодот од 1994 до 1999 година, значи налози, пишани материјали, стенограми и тн., исто како и деловнодните книги во кои беа регустрирани определени активности во периодот од 2000, 2001 и дел од 2002 година, како и соодветниот компјутерски систем кој постои како техничка опрема, фактичи се изнесени од МВР.

Со вонредниот попис на 23 ноември 2002 година е утврдено дека такви материјали не постојат во МВР. Утврдено е, со изјави на вработени во Управата дека добиле налози од началникот на Петтата управа, до 1 ноември 2002 година и од одделни негови заменици, целокупната таа документација да се пренесе од една зграда во посебна просторија. Значи и материјалите од 1994, 1999 година и деловнодните книги за 2000 до 2002 година. Меѓутоа, вонредниот попис, во таа просторија во која што беа пренесени документите, не пронајде таква документација.

Јас веќе истакнав дека МВР ќе преземе соодветни законски постапки за лицата кои во тој период биле на функција, а нивна обврска била да обезбедат чување на документацијата , документацијата која според соодветни правилници каде мора да се наоѓа. Според тоа, за оваа афера “Дувло” , па и за сите други за кои пратениците од оваа страна ќе побараат би им го порачал следното.

Во колку било кој од таа пратеничка група или од друга пратеничка група ги искористат и досегашните механизми на наводни анонимни доставувачи, ние сме спремни целокупната документација што ќе ни ја вратат и кога ќе покажат дека не била во согласност со тогаш важечките законски прописи, или Уставот кој важл во тој период и до колку било направено прекршување на тие прописи, Министерството ќе преземе соодветни постапки. Меѓутоа, тоа не значи дека и поединци и лица кои сега ги имаат тие материјали, не можат и сами да поднесат соодветни кривични пријави и тн. Не е само МВР тоа кој поднесува кривични пријави. Тоа се и правни лица, и физички лица, поготово тие кои располагаат со документација околу оваа Влада. Според тоа, до колку до МВР биде вратен дел од тој материјал, дали официјално, преку телевизии, како што се правеше, или пак од анонимни доставувачи, Министерството ќе преземе соодветни активности во рамките на законските прописи кои важеле во тој период.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине Караџоски дали сте задоволни од одговорот?

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Господине министре, јас не ве прашав за аферата прислушкување, позната последна, аферата која ја обелодени сегашниот пермиер, туку ве прашав за случајот прислушкување, наречен “Дувло” која е порано, а вие цело време ми одговарате за некаков недостаток на документи што исчезнале од Министерството и цело време зобрување за аферата прислушкување, обелоденета од господинот премиер.

Моето прашање не беше да ми објасните на кој начин или од која техничка природа тоа би го сториле. Прашањето ми беше дали имате волја или намера, без разлика дали некој пред вас нешто направил или не направил, со оглед на тоа што вашата Влада сериозно се зафати со решавањето на сите корупциски скандали. Според тоа, ниту државата почнала од вас, ниту пак почнала од Љубчо Георгиевски. Таа има поголем континуитет. Обврска на секој министер, доколку постојат индиции и докази, што како министер треба да ги проверите прво внатре во МВР, да се покрене одговорност спрема оној кој го направил тоа прислушкување. За тоа веќе има доставено документи до Анкетната комисија, кога се расправаше по случајот прислушкување на господинот Црвенковски. Значи во тоа време имаше доставено таква документација и вие тоа можете многу лесно да го приберете. На крајот на краиштата господине Костов, добро е и за јавноста во Македонија и за нашиот правен систем, да се излезе со една конкретна кривична пријава, не мора да е тоа од анонимни извори, доставени материјали и тн., заради тоа што пак на крајот на краиштата, дадете му уште една можност на господинот претседател на државата, можеби и во тој случај  ќе даде амнестија, поточно аболиција.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине Костов повелете ако сакате да одговорите на дополнителното прашање.

ХАРИ КОСТОВ:

Очигледно дека пратеникот Караџоски не слушаше што зборував затоа што јас воопшто не спомнав ништо околу аферата на масовното прислушкување во периодот од 2000 до 2002 година. Јас спомнав за документација која се однесува од 1994 до 1999 година и деловодни книги од 2000 до 2002 година. Спорд тоа уште еднаш да повторам, до колку, еве, и тој лично ми ги врати документите кои се однесуваат на аферата “Дувло” или на други афери и до колку ги имаме тие

документи кај нас, МВР како еден од институциите што може да поднесе ..-
пријава, врз основа на определени документи, тоа ќе го направи. Меѓутоа, уште еднаш повторувам, во рамки на законските прописи и Уставот кој бил во тој период на кој се однесува таа афера.

Не очекувам дека било кој од оваа страна ќе бара претседателот Трајковски, евентуално за лица кои биле инволвирани во тој период, да ја повтори оваа работа што ја направи пред десетина дена.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Прашање ќе постави господинот Есад Рахиќ.

ЕСАД РАХИЌ:

Почитуван претседателе, драги колеги, претставници на Владата, почитуван претседателе на Владата на Република Македонија. Јас ќе поставам две прашања. Првото прашање ќе биде до премиерот и министерот за внатрешни работи, а второто ќе биде до господинот Гошев.

Сакам да го потсетам претседателот на Владата и члeновите на Владата дека во оваа просторија, во ситните утрински часови на 1 ноември положија заклетва кога ги изрекоа зборовите, дека ќе го бранат суверенитетот и дигнитетот на Република Македонија. Согласно ова и согласно овластувањата и обврските што произлегуваат од Уставот и од позитивните законски прописи, ги прашувам двајцата, а одговорот го барам од министерот Хари Костов:

Дали и кога ќе бидат подведени под кривична и друга одговорност разните шнајдери и квазиполитичари со висок интелектуален капацитет кои вон институционално работат на создавање етнички исти држави. Ова го прашувам во мое име и во име на група граѓани со кои комуницирам и сметаме дека овие тројца јавачи на апокалипсата, четвртиот секогаш е во близина, откако го ограбија и понижија македонскиот народ, се стремат да му го одземат и она единствено што остана, тоа е државата. Сметаме дека со нивно сместување на подолг временски период во одредени установи каде што ќе имаат бесплатен смештај и храна, ќе им биде упатена чиста порака на сите поддржувачи на меморандуми на разни академии на науки и на поддржувачи на разни платформи на разни лиги дека минатото му припаѓа на минатото а иднината им припаѓа на сите дмеократски определени граѓани на Република Македонија  и на оние кои имаат јасна визија како иднината да ја направат подобра за сите нас.

Во контекс на ова прашање, дали и кога планираат кривично да ги подведат под одговорност, едно подпрашање до министерот Хари Костов, се надоврзувам на она што го рече господинот Караџоски.

Согласно уредбите за чување на документи од општ јавен или таен интерес, бидејќи процуриле одредени информации, дали е покрената постапка и против кого, заради изнесување на тие документи од одредени простории. Инаку, барам сега да ми се одговори.

Следното прашање е упатено до господинот Гошев.

Ме интересира каде официјално е вработен државниот секретар во Министерството за финансии и од каде се зема личен доход, односно плата.

НИКОЛА ПОПОСКИ:

Првото прашање е упатено до премиерот и до министерот за внатрешни работи.

На прашањето ќе одговори премиерот, господинот Бранко Црвенковски.

БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:

Во врса со политичките изјави, намери или сценарија како што беа изнесени во претходната недела дена од страна на претседателот на ВМРО-ДПМНЕ и шефот на парламентарната опозиција, од страна на челните луѓе на ДПА, како и во врска со одлуката за прогласување на мораториум во политичкото дејствување на истата партија, значи ДПА, Владата на Република Македонија во понеделникот, на својата редовна седница расправаше и зазеде ставови, би рекол политички ставови кои беа јасно презентирани пред македонската јавност. Со други зборови заговарањето на такви анахрони, фашизоидни концепти за етничко чистење и создавање на етничко чисти држави, Владата ги осуди и сметаме дека политички, целокупната јавност, граѓаните на Република Македонија, политичките партии, невладините организација и здруженијата на граѓани треба тие концепти да ги поразат.

Што се однесува до другиот дел на прашањето, а тоа е, до колку оние кои таквите свои политички видувања или визии ги изнесоа во јавноста, се решат на било кој начин да излезат надвор од рамките на самополитичко дејствување, активно поттикнуваат екстремно, радикално однесување, или самите предизвикуваат, спротивно на законот и спротивно на Уставот, инциденти или активности кои можат да придонесат за дестабилизирање на Републиката и загрозување на мирот и безбедноста.

Во една изјава пред јавноста и сега ја користам оваа прилика, сакам директно да кажам дека Владата ќе ги искористи сите, повторувам, сите механизми што ги имаме на располагање и нема да дозволиме повторно дестабилизирање на државата.

Во кратко, по мое мислење, тоа би бил одговорот на тоа прашање што го постави господинот Есад Рахиќ. Бидете убедени дека како Влада и како институции така и ќе функционираме.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине Рахиќ дали сте задоволни од одговорот или имате дополнителни прашања.

ЕСАД РАХИЌ:

Во делот на одговорот на господинот Црвенковски сум задоволен, со тоа што би сакал да бидам сигурен дека, до колку тие господа со географски желби и останати активности го продолжат начинот на дејствување, би сакал одговорот да го добијам, знаете на каков начин.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Значи нема дополнително прашање.

На второто прашање одговор ќе даде господинот Хари Костов, министер за внатрешни работи.

ХАРИ КОСТОВ:

Прашањето беше околу евентуално поднесување на мерки за одговорните лица кои дозволиле изнесување на документацијата.

Точно, во МВР се собираат материјали и изјави кои ќе овозможат процесуирање на соодветна постапка против одговорните лица кои не си ја извршувале својата работа како што треба.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине Рахиќ дали сте задоволни од одговорот?

ЕСАД РАХИЌ:

Задоволен сум.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

На третото прашање ќе одговори министерот за финансии, господинот Петар Гошев.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Државниот секретар во Министерството за финансии е преземен со договор од Народната банка и зема плата од едно место. Платата се зема од Народна банка и не зема пари од повеќе места.

Инаку лично би сакал да има повеќе такви работници како што е државниот секретар.

Исто така би сакал да ги потсетам некои деа ние како коалиција сме договорени да градиме професионална администрација, да имаме професионалци во администрацијата.

НИКОЛА ПОПОВСКИ :

Дали господинот Есад Рахиќ е задоволен од одговорот што го доби?

ЕСАД РАХИЌ:

Јас немав намера, бидејќи информациите што доаѓаат од средствата за јавно информирање и од повеќе места од страна на граѓаните, беше дека господинот државен секретар работи во Министерството за финансии, а платата ја зема во Народната банка со договор за дело. Чисто од тој аспект сакав да прашам, бидејќи се протури дезинформација дека зема плата од повеќе места.

Што се однесува до изградба на професионална администрација, во тоа сум апсолутно сигурен и немам ништо против.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине Гошев дали имате коментар на ова?

ПЕТАР ГОШЕВ: Не.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господинот Мавровски бара процедурално прашање.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Со овие прашања се постигнува нешто што сакаме во Република ..- Македонија конечно да ја суспендираме демократијата.

Јас повикувам и до пратениците и до премиерот, да се води грижа за тоа затоа што веќе кажуваме дека треба да се приведуваат и затвораат луѓ+е за изнесено јавно мислење. Мислам дека имаме голем проблем. Секој го изнесува она што го мисли и за истото си одговара. Не сме ние тука да судиме и да проценуваме. Јавачите на апокалипсата ги имаме точно тука меѓу нас.

НИКОЛА ПОПОВСКИ :

Господине Мавровски ви го одземам зборот.

Јас вас ве почитувам, почитувајте го и вие тоа што јас го говорам. Вие влеговте во одговор на поставено прашање од друга пратеничка група и во прашање и одговор што го дава тој што е прашан. Таков начин на комуникација во која трето лице ќе се уфрлува со одговори и прашања помеѓу двајца кои процедурално тоа го добиваат, нема да дозволам затоа што ќе настане хаос. Тогаш ќе мора да дозволам и на ваше прашање и одговор што го добивате од некој министер, да му дадам на господинот Рахиќ да го каже своето размислување. Тоа нема да го дозволам. Јас слушам какви одговори се даваат.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Се повикува на линч.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Јас не слушнав одговор од господинот Црвенковски, кој тоа го одговори така како што вие го толкувате.

Нема друг начин освен еден да одржува ред. Еве вие сте сега овде петти на ред за дискусија, дали ќе дозволите на вашите прашања и одговори да му дадам на господинот Рахиќ да ги коментира. Јас нема да му дадам.

Одиме понатаму.

Има збор господинот Слободан Даневски.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Господине претседателе, господа министри, дами и господа пратеници.

Имав повеќе пратенички прашања, но  ќе се фокусирам на едно старо ново прашање. Имено се работи за прашање кое е поставено на четири влади во оваа

држава и до денес немам одговор, а станува збор за водоснабдувањето на градот и општина Свети Николе.

Сведоци сме дека ова прашање беше поставено повеќе пати, но решение не најде ниту една Влада до сега. Се актуелизира прашањето, доаѓа летниот период.

Кога кажував од оваа говорница дека состојбите се страшни, дека во Свети Николе граѓаните пијат најлоша вода на Балканот, бев начекан на нож и тогаш знаеме новинарите ја завршија работата, поднесоа кривични пријави, тоа е секојдневие во Македонија, и сега што се случува. Во општина Свети Николе имаме ситуација, граѓаните вода за пиење да добиваат преку цистерни. Прашањето се однесува до Владата на Република Македонија. Тука е и премиерот. Ова прашање можат да го решат повеќе министерства. Првото Министерство е за екологија, второто за транспорт и врски и третото е за земјоделие. Во сите три министерства има средства за решавање на проблемот.

Би го искористил моето јавување од говорницата да насочам што треба да се направи, не како експерт, затоа што сум учествувал 12 години, да се обезбедат средства за да се направат шест артерски бунари. Проект постои и за мали пари може да се направи.

Она што сака и заговара некој во општината, поочнувајќи од советниците дека во општина Свети Николе треба да се гради пречистителна станица, тоа е утопија. Се работи за некаде 7 милиони евра. Тие пари ги нема ниту општината, ги нема ниту Владата. Може да се реши, како што реков, со шест артерски бунари. Тоа не е голема инвестиција.

Доаѓа летниот период, а знаеме дека Св.Николе се снабдува со вода за пиење од браната “Мавровица”, тоа е езеро кое во летниот период со зголемувањето на температурите се зголемуваат и органските елементи. За да се подобри кваитетот на водата се користи алуминиум сулфат, хлор, а при соединување на хлорот и органските материи се ствараат трихлориметани кои се причинители на карцогени заболувања. Во овој период починаа многу наши сограѓани. Овој проблем стои отворен и ако Владата најде начин да се реши проблемот со Прилеп кој немаше вода за пиење, ние имаме вода која е технолошка, но нема чиста вода за пиење што е уште поактуен проблем. Верувам, дека Владата ќе најде можности и сили иако оваа година е година на штедење, може да се најдат извори почнувајќи од сите три ресорни министерства, тука е и премиерот, и овој проблем да се реши затоа што доаѓаат високи температури. Во општината од каде што сум јас Свети Николе температурите во летниот период се дури до 40 степени, ќе се направат тешкотиниво

..-

целиот град. За овој период може да се каже дека е мала потрошувачката во летниот период имаме голема потрошувачка и мислам дека ова прашање Владата треба да го реши.

Ова прашање не е пратеничко прашање, туку прашање за кое треба Владата да расправа и на една од првите наредни седници од своето работење.

ЉИЉАНА ПОПОВСКА:

Господин Даневски мислам дека малку го злоупотребивте просторот. Сега велите дека не е прашање, дали поставувате прашање?

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Ова е прашање и замолница до Владата на првата наредна седница да го разгледа ова прашање затоа што треба да се дејствува брзо. Треба да се искординираат работите, затоа што се работи за три министерства кои што имаат во делот на зафаќањето средства за води, а тоа се Министерството за екологија, Министерството за земјоделие, шумарство и водостопанство и Министерстворто за транспорт и врски.

БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:

И самиот пратеник Даневски, посочи дека се работи за инфорамција и покренување на иницијатива отколку вистинско користење на институтот пратеничко прашање.

Владата ќе ги земе предвид укажувањето од пратеникот а за да ја задоволиме формалната страна на институтут пратеничко прашање, да не импровизираме тука на лице место во писмена форма ќе одговориме и ќе доставиме одговор до пратеникот.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Следно прашање има да постави господинот Телал Џафеери.

ТЕЛАЛ ЏАФЕРИ:

Благодарам Г-ѓа потпретседател.

Почитувани колеги почитувани претставници на Владата.

Ќе го искористам правото да поставам три прашања, но најнапред да кажам дека одговорот го сакам во писмена форма.

Првото прашање е за Министерот за внатрешни работи.

Од вкупниот број на одбиени барања за државјанство сакам статистички податоци за националната стсруктура на одбиените лица и врз основа на кој член се одбиени, значи според структураа.

Второто, прашање е за министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, а е во врска со статусот на општествените претпријатија за стопанисување со инфраструктурата на системите за наводнување. Во оваа насока што мисли да преземе соодетното министерство со цел општествените претпријатија да функционираат имајќи предвид дека актуелен е подготвителнот период за системите за наводнување и имајќи во предвид дека е актуелно што еден значителен нивни број е во штрајк, како што е и општественото претпријатие “Извор” од Гостивар.

Третото прашање е наменето за премиерот а се однесува за следното.

Имајќи ги предвид одговорите на прашањата на пратениците од разни ресори на министерствата или на органите на власта можно е податоците да бидат неточни или лажни за конкретни прашања, па прашањето е следно.

Дали некој сноси одговорност за неточните или лажни информации кои евентуалноможе да се дадат, кој ја има таа одговорност и каква одговорност, се подразбира доколку ја има истата.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Беше побаран писмен одговор меѓутоа, дали би сакал некој од министрите да одговори усмено.

ХАРИ КОСТОВ:

Пред две седници на Собранието мислам дека имаше слично пратеничко прашање и ние тогаш одговоривме писмено, меѓутоа, со оглед дека пратеникот за ова прашање бара одговор во писмена форма, ќе му доставиме писмен одговор.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Значи на ова прашање ќе дадете писмен одговор.

Второто прашање е упатено до Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство со молба да биде писмено, но ако министерот за земјоделие оцени, има право да го даде и усмено одговорот на самата седница.

СЛАВКО ПЕТРОВ:

Состојбите со водостопанските претпријатија во државата се потполно исти. Се рботи за огромен долг односно огромен дефицит во нивното работење, како последица на неплаќање на надоместокот за наводнување во изминатиот период. Врз основа на тоа од нивна страна поднесена е една информација до Министерството, кое ја проследи до Владаа на РМ и очекуваме во текот на една од наредните седници да се расправа по однос на прашањето за тоа како и во кој обем треба да се интервенира во оваа важна стопанска гранка односно наводнувањето.

Останатиот дел од одговорот ќе го дадам во писмена форма, а тоа се податоците околу наплатата на придонесот, која се движи околу 10%, состојбата на каналската мрежа и околу другите реформи кои што во таа област се потребни и во овој момент не може да се спроведат од причини што постојат на самиот терен.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Значи, тој дел од прашањето за податоците ќе добиете писмен одговор.

БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:

Иако господинот Џафери побара одговорите да бидат дадени во писмена форма, мислам дека карактерот на ова прашање е таков што нема да се добие ништо ниту во содржина ниту во квантитет ако тоа го направиме писмено, или ќе одговориме усмено.

Постојат три типа на одговорност.

Првиот тип на одговорност е кривична и прекршочна кога се прави нешто спротивно на постојната законска регулатива и кое што во постојните закони е пропишано дека за такво однесување односно за презентирање на неточни информации и намерни дрјуги информирања всушност се прекршува некоја законска норма со самиот чин и затоа постои соодветна казна. На пример, за илустрација, според најновиот закон за борба против корупцијата носителите на државни функции презентираат имотна состојба пред комисијата за антикорупција и во самата комисија се вели доколку се дадат неточни податоци постојат и санкции.

Вториот тип на одговорност е политичка одговорност. Значи, и тогаш кога не се прекршува некоја законска норма, меѓутоа, ако се презентираат неточни информации, информации со кои што се дезинформира јавноста, или на пример како што денес во ова Собрание го имаме пред нас институтот пратеничко прашање се дезинформираат пратениците постои политичка одговорност. Со други зборови носителот на таа државна функција без разлика дали е министер, заменик министер, директор на државна институција, јавно препријатие може да биде разрешен.

Третиот тип на одговорност е одговорност пред сопствената совест, меѓутоа, тоа го носи секој од нас самиот пред себе и зависи од карактерот на секој човек поодделно.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господин Џафери дали сте задоволен од одговорот или имате дополнително прашање.

ТАЛИЛ ЏАФЕРИ:

Задоволен сум од одговорот, немам дополнителни прашања.

Имајќи го предвид дека стенографските белешки се составен дел од..-
оваа седница ќе го имамем предвид одговорот и ќе го разгледаме.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Пред да продолжиме со редоследот на пријавените пратеници, господинот Србиновски пристигна, па да ве прашам, имате добиено одговор од Министерот за транспорт и врски, писмен, а заменикот и министерот денеска се надвор од земјата службено, тука е државниот секетар за транспорт и врски, ако сакате да поставите дополнително прашање пред министерот на идната седница, а ако сакате пред државнот секретар тогаш можете и иенес, по ваша желба.

(Кога ќе дојде министеот).

Ќе го чекате министерот. Значи на наредната седница со тоа прашање ќе продолжиме.

Пратенички прашања ќе постави г-ѓа Лилјана Поповска.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Почитувани колеги јас имам две пратенички прашања за денес.

Првото прашање го упатувам на г-динот Јован Манасиевски, министер за труд и социјална политика,

Потполно ги почитувам г-дин министер вашите приоритети за решавање на проблемите во вашиот ресор особено во социјалната свера, меѓутоа со оглед дека во ваша надлежност се и прашањата од сферата на работните односи, моето прашање е насочено токму тука.

Имено, дали размислувате или преземате нешто за промена на режимот на работење односно на распоредот на работното време во министерствата, органите на управата , правните организации, како и установите за детска заштита.

Некој може да оцени дека ова не е горливо прашање за државата во моментот, јас потполно ќе се согласам со тоа, меѓутоа, ова е прашање што на најдиректен начин ги засега животите на сите граѓани, и на личен и на професионален план, а од друга страна има големо влијание врз севкупното функционирање на државниот апарат.

Дополнителен аргумент за посветување внимание на ова прашање сметам дека нашата определба за влез во ЕУ, што подразбира усогласување на нашето законодавство, но и усогласување на нашето севкупно работење и однесување и комуникација со земјите од ЕУ. Дозволете ми сосема накусо да ги изнесат комплетните аргументи, што се обидов да ги извлечам од една споредбена анализа, анализа што ја изрботивме во Кабинетот, заедно со практикантката, младата г-ѓица Ценева.

Анализата опфаќа 14 земји покрај Македонија, земајќи ги предвид ..-
државите од нашето непосредно опкружување, државите од поранешна Југославија како и земјите од развиените и високо развиените земји, како што се Гермаија, Австрија, Холандија, Шведска и Велика Британија. Анализата опфаќа работно време на институции, парламенти, училишта и градинки. Имено, што покажува таа анализа.

Покажува дека Македонија е единствената земја со фиксно работно време на институциите на системот што започнува од 7 или 7,30 часот. Исклучок е Министерството за надворешни работи кое што има лизгаво работно време со почеток од 8 до 830 часот. Имено, во сите други држави почнуваат да работат помеѓу 8 и 9 часот, најчесто со лизгаво работно време. Има случаи, како Шведска и Словенија, каде што работното време е уште порастегливо кое започнува помеѓу 7 и 7,30 часот и 9 часот. Со посебни уредби се уредува распоредот на времето водејќи сметка за работа со странски, работа внатре во канцелариите, комуникација со надворешни субјекти и слично.

Она за што очигледно се води сметка во други држави е очиглендо. Битно е пред се функционирањето на едно работно место, а не самото присуство на работно место. Значи, се води сметка за доброфункционирање на институциите, за реалните потреби на граѓаните и оние што даваат административни услуги на граѓаните што ги користат, токму затоа времето за работа со странски на пример во многу држави е двократно и точно пропишано. Понатаму се води сметка за подобро функционирање на семејствата што значи се овозможува во петоците покусо работење, за да може да се оди на викенд и исто така се води сметка за темпото на живот во урбани средини каде што не секогаш може да се предвиди сообраќајниот метеж. Токму затоа секоја институција одредува свој режим на работа.

Како резултат на сето ова се добива похуман систем на работење што значи позадоволни граѓани кои на своето работно место имаат поголема мотивација и поголема концентрација за работа и поефикасен државен апарат како вистински сервис за граѓаните.

Значи, прашањето е дали размислувате за иницирање промена на одлуката на Владата од 2000-та година за режимот на работење на органите на управата и управните организации.

Второто праШање е до министерот за земјоделие, шумарство и водостопанство, а во врска со актуелното праШање за проблемот на исплатата на тутунот, за што беше дискутирано и во овој парламент.

Имено, дали проценувате дека целосно ќе се реши ова прашање со..-
исплатата и дали сметате дека исплатата на тутунот е поврзана со промената на раководството на тутунскиот комбинат во Прилеп на било кој начин.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Првото прашање е упатено до г-динот Манасиевски, министер за труд и социјална политика.

ЈОВАН МАНАСИЕВСКИ:

Да, Владата размислува во таа насока со тоа што како што посочи пратеничката одлука за работното време на органите носи Владата и таа ќе се однесува на органите на управата, меѓутоа, најверователно потоа таа би имала и консеквентно во другите установи, установи од јавен карактер.

Бидејќи на прашањето треба да му се пријде привично внимателно од аспект на можното воведување на клизно работно време, затоа што имајќи ги предвид досегашните искуства, а и нашиот менталитет воведување на клизно работно време, веројатно би довело до прилично големо администрирање и прилично големо техничко следење на самото почитување на клизнто работно време.

Во соработка со Секторот за Европска интеграција при Владта а во рамките на вкупните напори на Владата за извршување на обврските што произлегуваат од Договорот за стабилизација и асоцијација најверојатно во наредниот период ќе се премине кон промена на работното време т.е. тоа ќе биде предлочено а владата врз основа на расправа и врз основа на мислењата на другите министерстсва ќе донесе конечна одлука.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Госпоѓа Поповска дали сте задоволни од одговорот.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Да, многу сум задоволна од одговорот со тоа што ја нудам и анализата со сета прибрана документација до Министерството како евентуална основа за понатамошно разгледување, а исто така најавувам дека би иницирале и јавни расправи, дебати, со граѓани за да се согледаат реалните потреби на граѓаните околу ова прашање.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Второто прашање е упатено до г-динот Петров, министер за Земјоделство, шумарство и водостопанство.

СЛАВКО ПЕТРОВ:

Прашањето има два дела, првиот дел е како мислиме да ја довршиме исплатата на откупениот односно преземениот тутун и вториот дел е дали има врска помеѓу почнувањето на исплатата за откупениот тутун што започна денес и промените во тутунскиот комбинат во бордот односно Управниот одбор што биле извршени вчера.

На првиот дел од прашањето го давам следот одговор.

Владата го направи она што е потребно и што сметаше дека може во овој момент без да прекрши ниту еден пропис, ниту еден закон да обезбеди средства со кои ќе ги дополни своите стокови резерви откако претходно од тие стокови резерви ќе го продаде количеството на тутун кое што може да биде подложено на понатамошно пропаѓање доколку се задржи и понатаму, бидејќи се работи за тутун од 1998 година.

Очекуваме недостигот на средства до потполна исплата на тутунот да го направат тутунските претпријатија што имаат комерцијални кредити со некои од успешните фирми што откупуваат односно преку продажбата на преработените количини да ги обезбедат потребните средства за целосна исплата.

Тоа е особено обврска за нив затоа што Владата има заклучок во кој што некој не се потруди тоа да го направи, не вложи соодветни напори да обезбеди средства, исто онака како што вложи Владата да го даде својот придонес се соочува со ризикот да му биде одземена дозволата за работа според член 16 од Законот за тутун. Јас се надевам дека тие ќе ја исполнат својата обврска и ќе го исплатат тутунот што го преземале и потпишале дека ќе го платат во роковите односно на начин предвиден во комерцијалните договори.

По однос на вториот дел од прашањето со индигнација го одбивам и инсинуација, ако таква постои, дека почетокот на исплатата на тутунот во Прилеп е поврзана со промените на раководењето со Тутунскиот комбинат, што се извршени наводно вчера, бидејки јас за нив сеушт ене сум информиран.

Тоа е заради тоа што совпаѓање има, но не би требало да се злоупотребува затоа што во текот на овие 4 дена заклучно со денеска тајмингот беше прилично густ и ако во понеделник Владата одлучуваше за конечните решенија, во вторникот се потпишуваа договорите, во средста се правеше распоредот во Министерството на средствата што треба да се исплатат, денеска е соема логично што почна исплатата.

Евентуално ако честитката на господинот Караџоски беше искрена да му се заблагодарам и да му кажам дека тоа не го сваќам како признание за себе како

министер, бидејки тоа признание оди на целата Влада, јас бев само еден дел од тимот помалку или повеќе заслужен за тој тим но секако дел од тој тим што беше заслужен што ова денеска го направивме, а тоа е да ја извршиме исплатата односно да обезбедиме средства.

Во врска со вчерашните евентуални промени и денешната исплата апсолутно не треба да постои никаква причина да се злоупотреби сето ова зборува фактот што покрај Тутунскиот комбинат во текто на денешниот ден треба да почне исплатата на уште 9 откупни претпријатија затоа што ги има вкупно 10 дека секој од нив ќе добие подеднаков дел на средства односно процент на исплата од 56% и дека ако преостанатите 9 нема промени, а почне исплатата, нема причина промената во Тутунскиот комбинат да се врзува со почетокот на исплатата.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Госпоѓа Поповска дали сте задоволни од одговорот?

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Да, задоволна сум од одговорот, очекувам дека овие мерки за функционирање на правната држава на најпозитивен начин ќе ги осетат тутунарите како една од социјално најзагрозените категории граѓани со години station наназад во нашата земја.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господин Спиро Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Прашањето би било до господинот Републички јавен обвинител господинот Прчевски во интерес на расчистување на организираниот криминал што во последно време е доста актуелно на нашите балкански простори и мислам да се потрудиме да дадеме едно такво решение значи расветлување на аферата ТАТ.

За тогашната афера ТАТ тогашниот и сегашен премиер господинот Бранко Црвенковски точно од оваа говорница кажа дека ниту СДСМ ниту свети СДСМ нема да го спречи да го најде октоподот и да ја разреши аферата ТАТ.

Јас пред малку еве работите можеби се совпаднаа, господинот Црвенковски објасни што значи политичка, што значи лична одговорност. Значи политичка одговорност за она што беше изјавено од оваа говорница тука пред нас 1997 година

сигурно немаше затоа што господинот тогашен премиер не беше разрешен ..- ниту даде оставка, а и личната одговорнсот мислам дека е негова лична работа.

Но, во интерес на расветлување на оваа афера затоа што од тогаш поминуваат веќе 6 години јас ќе го замолам господинот Јавен обвинител да одговори на неколку прашања и тоа првото потпрашање дали може да го презентира списокот од над 400 пребиени договори со над 100% земени средства кога стечаен управник беше г-динот Никола Јанковски,  а истиот список до ден денес останува тајна за пошироката јавност.

Потпрашање број 2, како Јавен републички обвинител зошто не го отвори прашањето кој ги отвораше црните најлонски вреќи и каде се имињата на оние кои се криеја зад целата афера значи повторно како г-динот Хари Костов со деловни книги , со незнам колкави документи исчезнуваат од Министерството за внатрешни работи, тука е вклучено МВР за пронаоѓање и селектирање на документите повторно ги немаме документите значи цели најлонски вреќи, но некои записници се надевам дека постојат.

Третото, што е точно со проценката за активата на штедилницата ТАТ? Првата проценка на г-динот Газменд Кадриу беше 37 милиони марки, а подоцна Есад Тафил од Републичкито завод за вештачење ми изјави дека 56 милиони марки и последнито најнов извештај од стечајниот управник Никола Јанковски дека се над 108 милиони марки.

Што од ова е точно и со која бројка ние треба да манипулираме во активата на штедилницата ТАТ.

Второто прашање би било дирекно до Владата, слушнавме многу работи дека Република Македонија и оваа Влада ќе се заинтересираат да можеме да ги искористиме сите странски и спортски делегации кои ќе доаѓаат наредната 2004 година на Олимписките игри во Грција, јас би прашал дали воопшто се предвидени некакви финансиски средства за реконструкција на железничката пруга Лерин-Битола, дали се предвиденифинансиски средства за постоечките туристичко-угостителски и спортски објекти во Југозападниот регион Охрид-Преспа и посебно во Битола во врска со престојните  Олимписки игри во Грција 2004 година.

Би поставил ушт едно потпрашање дали моменталното безмислосно сечење на дрвата покрај патниот правец Битола-Кременица е дел од тие активности, затоа што се во прашање голем број дрва кои повторно за да израснат ќе треба да поминемногу долго време. Реакција од екологистите сеуште, барем до сега, не

слушнав. Дали се работи за некаков хир или неопходна беше ваквата..-
реакција и од кого е оваа наредба за безмилосното сечење на дрвата.

Јас господине претседателе неколку пати инсистирав уште на минатата седница г-динот Филиповски од Министерството за економија имаше поставено прашање конкретно се однесуваше на Електростопанството на Македонија, јас таков одговор до ден денес немам добиено, ќе го искористам правото да не инсистирам повторно да барам , можеби ќе дојде до некое недоразбирање меѓу службите, но јас ќе го повторам уште еднаш тоа прашање, мислам дека и сега е актуелно така што очекувам одговор и тоа писмен од г-динот Филиповски.

Колкаво е дневното производство на  електроенергетскито систем на Република Македонија и колкав процент од дневните потреби се задоволуваат со истото, колкава е моменталната хидроакомулација и колкаво производство на електрична енергија има од 11 месец 2002 година до денес, дали е склучен договор и колкав аранжман е направен за увоз на електрична енергија, ако е склучен за колку време е договорот и која количина на електрична енергија ќе се увезе и по која цена.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Првото прашање ќе ви биде одговорено писмено, инаку знаете дека ако сакате да поставите на друг освен на членовите на Владата, треба да ме известите претходно и тој функционер избран од Собранието ќе биде повикан и ќе присуствува , тоа е по ваш избор.

Второто прашање поставено до Владата во целина, дали ќе се даде писмен или усмен одговор?

БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:

Бидејки прашањето е прилично комплексно се однесува на различни работи како што е железничкиот сообраќај, туристичките објекти, спортските објекти, бидејки посебно ќе ни биде потребно време да ја најдеме врската меѓу овие рпашања за Олимпијадата 2004 година, писмено ќе дадем одговор.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Третото прашање г-дине Филиповски претпоставувам дека нема друг избор освен писмено да биде одговорено. Се бараат конкретни податоци за производството и потрошувачката.

..-

ИЛИЈА ФИЛИПОВСКИ:

На третото прашање писмено ќе одговориме.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господин Тасим Сулејмановски.

ТАСИМ СУЛЕЈМАНОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа колеги пратеници, почитуван премиер, министри и претставници на Владата,

Првото пратеничко прашање е до Владата на Република Македонија :

Кога ќе се заврши започнатиот водовод за село Скудриње и уште колку средства се потребни да се заврши истиот. Образложение:

Имајќи во предвид дека во истото село живеат над 3 иљади жители со над 500 ученици неопходно е овој започнат проект штопобргу да се заврши и се реши овој проблем за жителите на ова село. Одговорот може да биде и во писмена форма.

Второто прашање исто така го псотавувам до Владата на Република Македонија .

Проблемот со слечиштето во општина Ростуше на сите ви е познато. Колку што имам информации во последните неколку години се доделуваат средства за санирање на истото, но за жал, состојбата во ништо не е подобрена. Прашањето е следно: Колку средства се доделени од повеќе институции во последните години? Ако може да ми се одговори усно, ако не може и писмено.

Третото прашање е до минситерто за економија. Дали Министерството за економија може да помогне во развој на стопанските капацитети во општина Ростуше, моментално има 8 такви капацитети, од аспект што доста лица би се вработиле во истите и би се спречило големито процент на миграција на ова население што се одвива во последните неколку години.

Само да напоменам дека во последнит енеколку години иселени се над 4.300 жители од општина Ростуше и тоа претежно млади лица.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

На првото прашање поставено до Владата во целина вов рска со водоводот во Скудриње писмено ќе добиете одговор.

Второто прашање е до Владата во врска со клизиштето, писмен одговор ќе добиете.

Третото прашање е до минситерот за економија господинот Филиповски.

ИЛИЈА ФИЛИПОВСКИ:

Во оптина Ростуше постојат неколку капацитети кои се во постапка на стечај и потребно е со завршувањето на постапката да се распишат тендери за да можат да се продадат тие капацитети. Тоа е првиот дел.

Вториот дел помошта може да биде ако се направи поставување на инфраструктура за развој на малото стопанство да можат заинтересираните претприемачи да се јават со бизнис планови, со проекти за да може да се реализира некој од тие проекти преку банкарскито систем. Инаку, Министерството за економија не располага со средства.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали господинот Тасим Сулејмановски е задоволен од одговорот.

ТАСИМ СУЛЕЈМАНОВСКИ:

Благодарен сум на министерот за економија.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Пратенички прашања или  прашање ќе постави господинот Михајло Георгиевски.

Ќе ве молам да го користите микрофонот од седиштето, ако не е неопходно да биде од тука, имаме некои технички проблеми денеска.

МИХАЈЛО ГЕОРГИЕВСКИ:

Првото прашање е за министерот за образованеи и нака. Националните институти и тоа Институтот за национална историја, Институтот за макеоднски јазик, Институтот за странска култура и Институтот за фолклор работат на научни проекти финансирани исклучиво од Буџетот на државата.

Веќе 4 месеци како нема добиено ни денар за проектите т.е. за истражување, проучување и публикување на научните резултати. Научниците моментално примаат плата без можност за научна дејност. Тоа е исто како да земаат плата професорите на Универзитетот, а да немаат услови за изведување на настава.

Прашањето е кога ќе ги добијат парите националните институти за реализирање на своит енаучни проекти прифатени од Министерството за образование и наука.

Едно потпрашање, известен сум дека оваа година нема да се одржи Меѓународнито научен симпозијум за балкански фолклор што има традиција од над 30 години, а се одржува во Охрид. Прашањето гласи: Зошто се прекинува оваа светла традиција што има меѓународно значење и голема афирмација на макеоднската фолклористичка наука и култура.

Второто прашање е за минситерот за надворешни работи. Од средствата за информирање сум информиран дека македонските граѓани со Австралиски пасош при влез во Македонија за влезна виза мораат да одат во Белград и таму да добијат виза за влез во својата татковина, што е понижувачко изложување на непотребни трошоци. Прашањето гласи: Дали може да се реши тоа прашање, како што беше во времето на претходната Влада влезна виза да се добива на самата макеоднска граница.

Едно потпрашање во тој контекс кога мислите да отворите макеоднска амбасада во Австралија за што таму има голем број македонски граѓани како иселеници.

Третото прашање е за министерот за внатрешни работи. Има неофицијални податоци дека со доаѓањето на новата Влада МВР има извршено прераспределба на старешини полицајци околу илјада од кои околу триста подалеку од 50 километри од местото на живеење. Тоа е на штета , прво, оптоварување на Буџетот за плаќање наодвоен живот, криза во околу триста семејства што се основна клетка на општеството и трето, психолошки трауми и незадоволства кај чуварите на редот и мирот на државата.

Прашањето гласи колку се точни овие информации т.е. колку има такви случаеви.

Второ, ако има такви случаи даи има можност и расположение да се поправи оваа положба.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господинот Герамитчиоски од областа на образованието.

ТАЛЕ ГЕРАМИТЧИОСКИ:

На делот на првото прашање зошто научните институти немаат добиено средства за проектите, па согласно законската поставеност Министерството за финансии би исплаќало средства доколку постои програма за научно истражувачката работа која се изготви од страна на Министерството и е во владина процедура, се надеваме дека на 29 овој месец Владата ќе држи седница и ќе се усвои програмата изготвена од страна на Министерството и тогаш непречено ќе може од стран ана Министерството за финансии да се исплатат средствата кои се за научноистражувачки проекти. Зошто се доцнеше тоа е веќе друга тема за дискусија, бидејки средствата кои беа добиени во Буџетот за оваа намена за научно истражувачката дејност навистина не ги задоволуваа потребите кои научните институти ги имаа пријавено или беа во тек и мораше да ги усогласуваме спрема добиените средства кои се како стапка во Буџетот определени за оваа намена.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине Георгиевски дали сте задоволен од одговорот.

МИХАЈЛО ГЕОРГИЕВСКИ:

Сега, ако е таква ситуацијата значи нема што, штом ќе се разгледаат тие проекти , но сакав да укажам дека веќе 4 месеци се изгубени и да не се пофтори оти тие луѓе не можат да работат.

Барам одговор на второто прашање за симпозијумот.

ТАЛЕ ГЕРАМИТЧИОСКИ:

На второто прашање или потпрашање немам информација зошто би се прекинала таа традиција од страна на Министерството за образование и наука не е иницирано вакво нешто да се прекине таа традиција. Доколку станува збор за средства до нас не е стигнато некое писмено барање или некоја друга форма, па доколку инсистирате на точна и прецизна информација може во писмена форма да ви доставиме.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Нема друг избор, писмено ќе ви биде доставено.

Второто прашање е до министерот за надворешни работи. Се надевам дека господинот Михајло Георгиевски прашањето беше македонски граѓани со австралиски пасош, мислеше македонци со австралиски пасош. Ако се македонски

граѓани не им треба виза, имаат наш пасош. Меѓутоа , не наши граѓани, туку австралиски граѓани, иселеници. Ако се наши граѓани имаат наш пасош, тоа е друго.

Госпоѓа Митрева.

ИЛИНКА МИТРЕВА:

Иако постои стандардизиран начин на издавање на визи што е врзан со нашите стремежи кон ЕУ и прописи кои мораме да ги почитуваме , во ваквите случаи поради тоа што сеуште не е отворена амбасада на Република Македонија во Австралија, граѓаните од 15 јануари 2003 година од македонско потекло кои живеат во Австралија добиваат визи и на граничните премини. Та е времено решение, а по однос на прашањето за отворање на македонска амбасада во Австралија, согласно одлуката на Владата тоа ќе се случи во најскоро време, можеби до крајот на наредниот месец.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Претпоставувам дека сте задоволен од одговорите.

Третото прашање е за министерот за внатрешни работи, господинот Костов.

ХАРИ КОСТОВ:

За г. Михајло Георгиевски, можам да му кажам дека не му се точни информациите, особено од почетокот на поставувањето на прашањето дека 1000 старешини се разместени.

Прво, во Министерството за внатрешни работи во униформираниот дел нема 1000 старешини. Инаку, да беа, тогаш ќе ни останеше кои ќе бидат полицајци кои ќе работат, сите ќе беа старешини, освен ако не се рачунаат тие вонредни унапредувања на генерали, кои со осмолетки или со средно образование за една година станаа генерали. Според тоа, нема таков случај, нема 1000 старешини кои се распоредени на места над 50 км. имаат решенија за одвоен живот итн. Таквите решенија јас ги потпишувам и во овој период нема повеќе од 30 решенија кои се однесуваат на распоредување на припадници на Министерството за внатрешни работи на оддалеченост поголема од 50 км од местото или пак на кои им се плаќа одвоен живот. Меѓутоа, тоа е последица и од една друга работа, односно со сите овие примања во Министерството за внатрешни работи во изминативе неколку години, фактички, дојдовме до тоа во источниот дела на Македонија, во некои градови имаме пренатрупаност на припадниците на Министерството за внатрешни работи односно дури и поголем број вработени во однос на тоа што дозволувала систематизацијата во тоа време. Додека, во некои други градови како што е Тетово,

Дебар итн, има помал број припадници во однос на тоа што беше предвидено со систематизацијата.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине Георгиевски дали имате дополнително прашање или сте задоволен од одговорот?

МИХАЈЛО ГЕОРГИЕВСКИ:

Јас зборував за старешини полицајци. Сега, јас лично познавам и што по улици ме среќаваат и зборуваат дека ваму сум префрлен, таму сум префрлен, вака ми направија, онака ми направија. Барам, писмено точно да ми се каже колку се и дали ќе има некое поправување околу тоа. Тоа го барам сега веќе писмено, бидејќи, еве, јас сега манипулирам со неофицијални и тој со неофицијални, па барам писмено официјално.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Тоа што го соопштува министерот за внатрешни работи е официјално, не може да биде неофицијално.

Господине Костов дали ќе одговорите на дополнителното прашање.

ХАРИ КОСТОВ:

Тогаш, очигледно е дека сите овие кои добија решенија за одвоен живот или за служење на службата над 50 км се пријавиле кај пратеникот Георгиевски. А, инаку, бројката која што ја кажувам е точна. Во секој случај не како одговор на пратеничкото прашање за тоа што е одговорено, меѓутоа, на пратеникот ќе му дадеме лично од Министерството за внатрешни работи, список.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Значи, министерот останува на официјалното изјаснување дека се триесетина.

Со тоа завршивме.

Наредните прашања ...

Процедурално се јави г. Жарко Караџоски:

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Господине претседателе, сакам да реагирам од името на пратенижката група до вас како претседател да ги опомените членовите на Владата, а тоа особено се однесува на г. Хари Костов, на господинот Владо Бучковски, па и на премиерот, кога еден пратеник поставува прашање, независно од тоа како го поставува прашањето, најмалку е умесно некој да се смее цинички итн. Доволно е барем внимателно и културно да се ислуша. А, коментарите дали некој поставува вакво или онакво прашање, нека си ги задржат за себе. Не е во ред овде јавно цинички да се смеат.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Не мислам дека се смееја за комуникацијата помеѓу прашањето и одговорот. Претпоставувам дека во меѓусебна комуникација разговараа за друго нешто, кога до нив не е поставено прашањето. Сега, јас за нив не можам да проценам. Не добив таков впечаток, меѓутоа, сега не можам да тврдам, се разбира.

Госпоѓа Цветанка Иванова е на ред за поставување на пратенички прашања.

ЦВЕТАНКА ИВАНОВА:

Ви благодарам г. претседателе.

Јас ќе поставам само едно пратеничко прашање и тоа од името на скоро сите пратеници од Коалицијата “За Македонија заедно” од Изборна единица 4. На сите ви е познато дека на 8 и 9 април оваа година нашата држава ја зафатија екстремно ниски температури, а прашањето го поставувам до министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, знажи, на сите ви е познато некаде на 8 и 9 април оваа година нашата држава ја зафатија екстремно ниски температури и овие ниски температури се невообичаени за овој период од годината и направија огромни штети во земјоделството, особено во раноградинарството и пластеничкото производство. Исто така, нанесоа штети на лозовите насади, а и нанесоа штети и на овошните насади. Во моментов на терен се утврдува штетата што е направена и некаде имаме информации дека се движи од 10 до 100% штета, во зависност од културата и макролокацијата на која што се наоѓаат овие насади.

Прашањето до министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство би било следното, какви мерки и активности ќе преземе Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, се разбира, во соработка со Владата за намалување на штетните последици односно за санација

на овие штети, се со цел да им се олесни положбата во која што се најдоа земјоделците, особено оние земјоделци кои што главно занимање им е пластеничко производство.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине Славко Петров, имате едно прашање од 11 пратеници.

Повелете.

СЛАВКО ПЕТРОВ:

Точно е тврдењето дека во овој момент екипи на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство работат на терен на утврдување на причините и висината на штетите и тоа како по видови на производи, така и вкупен обем. По добивањето на резултатите од ова утврдување на штетите, ќе имаме комплетна слика за висината на таквите штети. Решавањето на проблемот со штетите може да биде само во две насоки.

Првата насока е со примена на делот од одредбите од Законот за елементарни непогоди, кој што е донесен во 1976 односно во 1977 година и кој што е преземен како републички попис, до колку не е спротивен на Уставот на Република Македонија.

Вториот начин е надвор од тој закон, доколку не се постигне висината на цензусот на штетата, што би била основ за прогласување на елементарна непогода, со мерки на Владата кои што би се донеле во врска со елиминирање на последиците од таквите штети. Како веќе на ваков вид на прашања одговорив дека немам право пред Владата да давам мислење за тоа како тоа треба да се реши, ќе одговорам само дека ги чекаме резултатите. Резултатите ќе бидат презентирани на седница на Владата и Владата ќе одлучи за тоа кој и какви мерки ќе преземе во поглед на тој надоместок на штетата. Во овој момент, навистина не можам да одговорам за тоа што Владата ќе преземе, а можам да кажам дека како министер за земјоделство, шумарство и водостопанство ќе се трудам на Владата да ги застапувам интересите на земјоделците односно да обезбедиме таков вид на заштита за истите и помош кој што ќе биде соодветен на она што како штета го претрпеле.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

..-

Госпоѓо Иванова, дали сте задоволна од одговорот?

ЦВЕТАНКА ИВАНОВА:

Јас сум задоволна од одговорот, но би била уште позадоволна кога на теренот ќе се преземат ефективни мерки за заштита на земјоделците.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Прашање ќе постави г. Трендафилов.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Моето прво прашање е до Министерството за одбрана и се однесува на следното.

Според одредени сознанија во минатиот период или поточно во текот на втората половина на 2002 година, Министерството за одбрана има постигнато одреден број на спогодбени договори по претходно обжалена постапка од вработени граѓанскит лица во Министерството за одбрана, а тоа конкретно се однесувало на прераспоределувањето во подрачна единица на Министерството за одбрана од една општина во друга општина. Забелешката од одреден број на лица кои, исто така, успеале да постигнат спогодба со претставникот на Министерството за одбрана во текот на постапката е дека Министерството за одбрана во идентични или понекогаш во слични случаи постигнувало мошне голема разлика во цена од едно лице до друго лице. Би сакал Министерството за одбрана да ми достави писмена информација за овие спогодбени договори кои се однесуваат на висина на финансиски средства исплатени на припадници на Министерството за одбрана од подрачните единици.

Второто прашање е упатено до Владата на Република Македонија. Имено, на Осмата седница на Собранието на Република Македонија, јас исто така до Владта упатив едно прашање во врска со владината борба против организираниот криминал и корупција и констатирав дека до тогаш Владата на Република Македонија во рамките на таа своја борба против организираниот криминал и корупција, поднесува кривични пријави исклучиво кон граѓани македонци по род и членови на ВМРО-ДПМНЕ, додека кривични пријави за припадници на немакедонците едноставно не се забележуваат. Владата ми даде одговор, како што ми даде одговор, во врска со три примери. Конкретно, јас би го издвоил како

најголем случај поранешниот министер за правда врз кој се поднесени две кривични пријави за злоупотреба на службена должност и против еден негов соработник за злоупотреба на службена должност и фалсификување на службени документи. Сега, јас не сум сигурен, бидејќи Владата ми одговори, да, навистина тие кривични пријави се покренати согласно определен жлен од Кривичниот закон на Република Македонија , но едноставно не ми е јасно како органите на прогонот воопшто и истражните органи во 6-7 наврати не успеале да го лоцираат лицето Иџет Мемети, а вчера добивме материјал дека истата Влада, сега можеби станува збор за коинциденција, предлага лице Иџет Мемети да биде избран за судија на Уставниот суд на Република Македонија. Дали Владата би можела да им помогне на органите на прогонот, пред се на Министерството за внатрешни работи и Министерството за правда во распишување на меѓународна потерница, или да ги упати во кој кабинет работи лицето Иџет Мемети, за да се утврди дали станува збор за лицето со иста биографија или е само коинциденција, па да не оди човекот курбан.Тоа е второто прашање.

Третото прашање, дали Владата, доколку се покаже ова ако е точно што сега јас зборувам, дали Владата особено со нејзиното последно однесување во врска со прогласувањето на граѓанска непослушност на три населени места и понатаму планира да продолжи да комуницира со македонските граѓани на таков начин. Значи, за едни да употребува еден аршин, а за други да ги применува сите законски капацитети, кои стојат на страната на секоја правна држава. на пример, моето прашање е, доколку Велешани решат да прогласат граѓанска непослушност, поради тоа што Владата е инфериорна во однос на еколошкото загадување во Велес, или доколку жителите на с. Ореше, поради тоа што немаат амбуланта и полициска станица решат да прогласат граѓанска непослушност или воопшто сите луѓе кои живеат во населените места ширум изборната единица број 3, кој едноставно се незадоволни од инфраструктурната запоставеност на средината во која што живеат, Владата ќе ги испрати владините министри да преговараат и да им понуди соодветно решавање проблемот, како што тоа го направи во случајот со Танушевци, Брест, Малино Мало или таа привилегија ќе биде задржана само за албанците.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Првото прашање е упатено до г. Владо Бучковски, министер за одбрана.

ВЛАДО БУЧКОВСКИ:

Писмено побара пратеникот и податоците кои ги бара ќе мора да се дадат писмено. Да прецизираме, втората половина од 2002 година, значи, од 1.07.2002 година до 31.12.2002 година, иако самиот термин што го употреби, спогодба, говори дека постоело вон судско решавање на споровите кои ги има Министерството со дел од вработените. Иако, е невообичаено барањето, не ги знам намерите на пратеникот, ќе одговориме писмено и позитивно, прецизно и детално за сето она што го интересира во поглед на споровите кои се воделе за препаспределување на вработените или сите спогодби, бидејќи Министерството секојдневно потпишува спогодби за вон судско порамнување и спогодување со дел од оштетените припадници на Армијата на Република Македонија, кои настрадаа за време на конфликтот. Затоа, ако може да го допрецизира за да знаеме точно што е интересот на пратеникот Трендафилов.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине Трендафилов, дали имате допрецизирање на ова?

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Да. Господине министер, моето барање се однесува исклучиво во делот на вработените во Министерството за одбрана.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Добро, ќе добиете писмен одговор.

На второто прашање во име на Владата, кој ќе одговори?

Господинот Црвенковски.

БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:

Јас би го упатил г. Трендафилов на Уставот на Република Македонија односно негово препрочитување. Имено, Владата нема никакви ингеренции, ниту свој дел во процедурата на предлагање на кандидати за членови на Уставен суд. Оттука, целото прашање е беспредметно.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Третото прашање, исто така, е упатено до Владата.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Извинете, г. Поповски, можеби г. премиер е во право, бидејќи во салата во тој момент не беше присутен министерот за внатрешни работи, а тој ја знае постапката за распишување на меѓународни потерници, можеби тој ќе може да даде попрецизен одговор.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Добивте одговор од премиерот на Владата дека ќе добиете писмен одговор.

За третото прашање е поставено повторно до Владата во целина.

Кој ќе одговори на третото прашање.

За третото прашање ќе добиете писмен одговор.

Имаме време до паузата.

За збор се јави г. Томе Тромбев.

ТОМЕ ТРОМБЕВ:

Благодарам претседателе,

Јас имам три прашања.

Првото прашање би сакал да му го упатам на министерот за транспорт и врски. Меѓутоа, со оглед на тоа дека не е тука, ќе бидам задоволен и со писмен одговор. Имено, првото прашање се однесува на Воздухопловниот училишен центар во Битола. Идеа за ваков воздухопловен училишен центар постои уште многу одамна во Република Македонија. Тоа беше идеја да се направи еден сличен центар по примерот ЈАТ - овиот во Вршац. Меѓутоа, конечно ваков воздухопловен училишен центар се тргна во реализација на идеата во 2001 година, кога Управата за цивилна воздушна пловидба потпиша договор со Аероклубот во Битола за закуп на спортскиот аеродром во близина на Битола, во близина на с. Логоварде. Овој аеродром во претходниот период, беа санирани и изградени одредени објекти, во кои што државата инвестираше. Конечно, во предизборието минатата година господинот Георгиевски, тогашниот премиер на Владата го пушти официјално во употреба овој воздухопловен училишен центар. Меѓутоа, во сите овие години, освен таа инвестиција, ниедна друга инвестиција и делот на облигационите обврски од

договорот не се реализирани, така што овој воздухопловен центар до ден ..-
денес не функционира.

Прашањето е кога конечно ќе отпочне со работа овој воздухопловен училишен центар, бидејќи и ден денес Република Македонија дава свои девизни средства за образованието на пилотите во соседните држави во Вршац или во Софија, а исто така и за продолжување на таквите дозволи. Тоа е првото прашање.

Второто прашање се однесува за загадувањето во РЕК Битола и му го упатувам на министерот за животна средина и просторно планирање. Имено, РЕК Битола со години е еден од најголемите загадуважи во Пелагонија и во битолско. Покрај загадувањето и деградацијата на почвата предизвикана од ископот на јагленот и депонирањето на пепелта, тука е присутно и загадување на воздухот, а најповеќе со загадување од сулфур двооксидот, кој навистина е во поголеми концентрации од максимално дозволените.

Го прашувам министерот за животна средина, дали се преземаат некакви активности и во која насока во однос на санацијата на ваквите состојби. Исто така, дали се преземаат активности во однос на намалување на загадувањето во наредниот период. Дали е во план да се реализира мониторинг систем на имисијата и емисијата за град Битола и пошироката околина.

Третото прашање му го упатувам на министерот за култура, а се однесува на дилемата која беше отворена во медиумите во последниот период околу објектот, во кој што се одржал Смилевскиот конгрес. Министерството за култура досега не излезе со некој податок во однос на прецизната локација или прецизно посочување дали е тој објект или не е, па би го замолил во однос на тоа да ни даде одговор дали е тој објект или некој друг и кој е начинот да се одбележи еден ваков објект, со оглед дека сега сме во предвечерието на 100-годишнината од одржувањето на ваквиот конгрес.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Првото прашање за воздухопловниот центар беше поставено до Владата во целина?

ТОМЕ ТРОМБЕВ:

До министерот за правда.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Писмено ќе бидете известени.

Второто прашање беше поставено до министерот за животна средина.

..-

ЉУБОМИР ЈАНЕВ:

Министерството за животна средина согласно со определбата за воспоставување на мониторинг систем кој што ќе го прати аерозагадувањето во Република Македонија, значи покривање на целата територија со вакви мониторинг станици. Досега има изработено 7 вакви мониторинг станици, во наредната фаза и во фаза на реализација се уште 6 вакви мониторинг станици од кои што една во првата фаза ќе биде изработена во Битола, а во наредната фаза уште една вaква мониторинг станица, а тоа е важно за добивање на адекватни и веродостојни податоци кои што понатаму на Министерството ќе му послужат за преземање на конкретни мерки и активности во елиминирање на овие штетни емисии. Тоа е во врска со мониторингот.

РЕК Битола согласно со НЕАП-от е жешка точка во однос на загадувањето со прав и со сулфур диоксид. Во врска со ова за намалување на присуството, односно емисијата на сулфур диоксид се предвидува десулфуризација и ова е преточено во еден проект кој што од Министерството е понуден за решавање на овој проблем преку проектот на Европската комисија за прекугранична соработка.

За намалување на загаденоста на воздухот се предвидуваат и останати и дополнителни мерки за санација и на останатите медиуми, как што се почвата и водите кои што се предмет на други проекти.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господин Тромбев, дали сте задоволен од одговорот:

ТОМЕ ТРОМБЕВ:

Да.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Третото прашање е поставено до министерот за култура во врска со куќата во Смилево.

БЛАГОЈА СТЕФАНОВСКИ:

Бидејќи таа информација се појави пред недела дена и точно во недела беше третирана. Ценејќи го тоа уште веднаш упатив две екипи во Смилево, тоа е Републичкиот завод за заштита на спомениците и Заводот за заштита на спомениците Битола. Значи, очигледно беше наменето за јавноста да се каже дека државата, институциите немаат грижа за она што значи споменици на културата. Меѓутоа, по увидот на теренот недвосмислено се кажува дека не се работи за таква

куќа, или поточно речено споменик на културата. Меѓутоа, како луѓе и како институција ние би сакале да прашаме зошто тоа е кажано така, бидејќи и новинарите имаат своја одговорност и тие треба да користат најмалку барем еден извор или два извори. Првиот извор би бил историските документи, книгите на историчарите на Институтот за историја. И второто се овие споменци на културата кои што се грижат за тие споменици. Значи апсолутно не е водено сметка за тоа. Јас да не ја обременувам јавноста, ги имам тие податоци, тие се стигнати до мене и како Министерство за култура и како човек кој што се грижи за оваа јубилејна стогодишнина на Илинден, или од македонската државност. Ќе го кажам следново, значи недвосмислено во сите книги и историчари се кажува дека еден од стожерните елементи на Илинденското востание е Смилевскиот конгрес. И вториот елемент сигурно е Крушевскиот манифест. Значи, се одржал според историчарите, според книгите на Манол Пандолев, Пандевски, Христо Силјанов, Стојан Аврамов, на битолчанецот д-р Душко Костантиновски и се кажува дека тоа се одржало во куќата на војводата Смилевски и началник на Смилевскиот реон војводата Ѓорѓи Чуранов. И таа изгорела и била потпалена кога изгорело цело Крушево. Значи, околу тој дел на историјата ние нема да се бавиме, меѓутоа ќе им оставиме повторно на историчарите ако сакаат да направарт некоја проверка на податоците.

Она што значи грижата на Министерството за култура околу спомениците за културата, значи она што треба во оваа стогодишнина, или столетност како што се нарекува, ние ќе го направиме на најдостоинствен начин и во Смилево ќе поведеме иницијатива. Има единствена куќа, повторно по тие податоци на овие институции кои водат грижа која е од Илинденскиот период, која се нарекува Кула. Тука можат да се стават сите спомен обележја од тоа време. Тоа е првиот наш предлог.

Вториот предлог е, на местото каде што Домот на културата кој што за жал исто така не е во таков дел за да може да се помести една таква изложба, или спомен обележје, ќе поведеме постапка да можеме да го обновиме тој дом на култура.

И третата работа е сите спомен плочи, сите обележја кои се на тој реон да ги заштитиме и да ги направиме во оваа прослава на таа годишнина заедно со деловите кои што се под таа грижа, да ги доведеме во такво ниво за да можат да бидат нешто за кое што идните генерации ќе кажат дека сме достојни за овој јубилеј и дека тоа ќе го направиме впрочем како што доликува и без никаква политика и политичност во тоа, а поготово не одговарајќи само на шпекулативни наслови кои што се дел на некаква присутност во медиумите што сакам да кажам дека ќе

одговориме само со факти и аргументи, ќе одговориме со дела. И таа програма ние веќе на следната седница на Влада ќе ја поднесеме и од тоа ќе се видат сите овие наши научни видувања, меѓутоа и културни за тие денови, вклучувајќи го и Крушево и Смилево и Прохор Пчински и сите тие стожерни настани или темели на нашата македонска државност.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господин Тромбев, дали сте задоволен од одговорот?

ТОМЕ ТРОМБЕВ:

Да.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Сега објавувам пауза, ќе продолжиме со работа во 15,00 часот.

(Пауза од 14,10 до 15,15 часот)

(Седницата продолжи со работа во 15,15 часот).

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Почитувани пратеници, пред да продолжиме со пратеничките прашања, ве молам само за мало и должно внимание.

Почитувани пратеници и членови на Владата на Република Македонија, вчера во Скопје на 69-годишна возраст почина господинот Мугбил Бејзат, истакнат општественик кој во текот на своето работење вршеше истакнати функции во нашата држава. Работел во Основниот суд Скпоје ИИ - Скопје, бил сојузен пратеник во поранешната СФРЈ, сојузен министер за правосудство и управа, член на Сојузниот извршен совет на бившата СФРЈ, судија на Уставниот суд на Република Македонија, а од ова Собрание член и претседател на Републичкиот судски совет беше избран во првиот мандат на Судскиот совет, на која функција Собранието на Република Македонија со господинот Бејзат имаше непосредна и плодна соработка во текот на 7-те години мандат.

Со заминувањето на господинот Мугбил Бејзат загубивме вреден човек и функционер кој одговорно ги вршеше сите доверени функции. Неговото дело особено во областа на правосудството во текот на целиот негов работен век остави неизбришливи траги.

Од името на сите нас членовите на Парламентот и на Владата на неговото семејство и на пријателите им изразувам длагоко сочуство.

Ве молам да продолжиме со работа.

ИЛИЈА СРБИНОВСКИ:

Почитуван претседателе, имам три прашања.

Првото прашање го поставувам до премиерот на Република Македонија господинот Бранко Црвенковски. Се однесува за Здружението на полициските резервисти на Република Македонија “Бранител” од Битола со своите ограноци ширум нашата држава.

Господине премиере, што се случува со полициските резервисти кои учествуваа во одбраната на државата во воениот конфликт во Република Македонија и беа ангажирани насекаде во кризните региони според потребите на МВР и Република Македонија. До кога мислите резервистите полициски сили да бидат присутни пред железните барикади поставени пред Владата на Република Македонија и да протестираат, а протестираат достоинствено и гордо носејќи ја својата веќе обелена маскирана униформа во која беа облечени на сите места во најлоши временски услови некои по 20 месеци барајќи начин да бидат примени од вас. Дали овие лица го заслужуваат тоа? Не заслужуваат ли 15 минути од вашето скапоцено време да го изложат својот проблем. Тие лица браниетели имаат доставено до вас многубројни писмени барања за прием, а вашиот одговор е тотален молк. Тие лица беа ангажирани скоро две години кога 80% од повиканите ескивираа и не се јавуваа на поканите. Кога не им требаа на државата, беа шутнати и оставени на улица, а скоро 100% од овие лица се невработени. Кога требаше да се оди на терен годините и образованието не беа пречка за да тие одат таму и успешно да ги исполнат и да ги извршат доделените задачи. Сега се пласира тезата и условот од одредени претставници на МВР да се помлади од 25 години за да учествуваат на некој конкурс за вработување во МВР. Затоа господине премиере, тој проблем не би требало да се избегнува ниту од вас, ниту од сите нас во Собранието на Република Македонија, затоа што бевме и сме налогодавачи според Законот за нивно ангажирање во кризните жаришта и насекаде, а со крајна цел за одбрана на нашата држава, институциите на системот. Овој прблем ни стои на сите нас на раменици и кога, тогаш, за недела, месец или година треба да го решиме.

Бранителите господине премиере би требало да бидат примени, да бидат сослушани од Вас, а после тоа и ние овде да дискутираме во Собранието со посебна точка на дневен ред: изнаоѓање решение за нивно вработување.

Уште еднаш го поставувам прашањето за нивни прием кај Вас, а со цел изнаоѓање решение за нивниот проблем. И кога ќе ги примите? За ова бранителите бараат консензус од сите политички партии и пратеници во Парламнтот, затоа што тие се бранители на сите граѓани на Република Македонија.

Второто прашање се однесува за општина Старавина, дали ќе се продолжи патот со асвалт каде што го започна бившата Влада на Георгиевски. Тој пат оди за Мариово од местото викано Рапеш, Јасики, треба да стигне до општина Старавина, село Старавина околу 13 километри. Значи, се работи за општина Старавина дали ќе се продолжи овој пат да се асвалтира. Познато ни е нам дека еднаш после 50 години општина Старавина ќе ја сврстиме во Република Македонија со тој пат.

Ова прашање го поставувам до Владата.

Третото прашање исто така го поставувам до Владата на Република Македонија, јас го нарекувам случај, случајот "Лозар" во Битола, кога ќе се разреши и кога ќе се разреши овој случај со "Лозар" од Битола?

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Првото прашање беше упатено до премиерот. Известен сум дека во негово име ќе одговори министерот за внатрешни работи господинот Хари Костов.

ХАРИ КОСТОВ:

Добро ќе беше пратеникот поставувајќи го ова прашање, исто така да се потсетеше и да ја имаше истата грижа за резервниот состав на полицијата и додека резервниот состав на полицијата беше ангажиран во претходниот период од нивна страна и кога фактички ги оставија сите резервисти од Република Македонија, значи околу 6 илјади во тој период без исплатени плати, без исплатени придонеси за повеќе од четири месеци. Значи, и тогаш требаше да ја имаат истата грижа па да не ветуваат лажни вработувања, туку да им кажат како е по законот, да им ги исплаќаа редовно платите и придонесите и надоместоците, а не да останат повеќе од 700 милиони денари кои што новата Влада од 1 ноември до крајот на декември ги исплати. Значи сите заостанати плати и надоместоци се исплатени.

Според тоа, резервниот состав на полицијата и не само резервниот состав на полицијата во Здружението "Бранител", и самите сте сведоци имаше и на телевизија и по весници и тн., имаше не една средба, и ако не било со премиерот, имало средба со овластени лица од премиерот, туку во овој период можеби имало и само со тоа друштво Бранител повеќе од 15 средби. Меѓу другото јас сум имал лично 3 средби со нив, имавте и соопштенија од Здружението "Бранител" во медиумите и тн. Меѓутоа, освен таа негрижа за исплаќањето на досегашните надоместоци на резервистите, треба да бидеме на јасно околу законската регулатива која го регулира повикувањето и служењето на ангажираниот период во Министерството за внатрешни работи. Според тоа, припадниците на резервниот состав на полицијата

постојат два механизма како се повикуваат. Еден беше во периодот 1992-1993 кога беа повикани со договори за работа на определено време. Завршија договорите за работа, завршија,потребите, заврши и потребата од ангажирање на резервниот состав на полицијата.

Исто така, во повикувањето на резервниот состав кој што беше во текот на 2000-2001 и период во 2002 до која се служеше, според одредбите на Законот беа повикувани на повик и распуштени со наредба на министерот за внатреши работи. Според тоа согласно законската регулатива тие немаат работен однос, туку имаат надомест кој што им се исплаќаше за периодот за кој што служи. Не само некој да покажува некоја лажна желба дека сакаме да ангажираме некои, да ги вработиме и тн., односно им давале  и лажни ветувања пред тоа. Можеби и мое лично мислење е дека треба да речеме уште 5.000 полицајци да вработиме, меѓутоа оваа држава живее на некои реални состојби во економијата, на некој реален буџет кој што може да се донесе и кој што оваа економија, оваа држава може да го издвои. Според тоа, не постојат ниту материјални можности во овој период тоа да се направи, а во секој случај ниту пак безбедносната состојба во Република Македонија  не  е како што беше во 2001 и определен период во 2002 да има потреба од толкав  број на резервен состав, или за вработување на дополнителни луѓе од резервниот состав во полицијата.

На сите досегашни состаноци беше постигната согласност околу работите кои што произлегуваат од Законот и кои што треба да се регулираат. Единствено  што остана  се уверенијата кои им се издаваа на припадниците на резевниот состав со кои уверенија имаат право да конкурираат при вработувања. Досега тие уверенија важеа за период од наредните две години да имаат приоритет при вработувања во јавните институции, во државните органи и тн. Владата веќе на минатата седница ги усвои измените на законот со кои што, тоа беше едно од барањата  на резервниот состав со кои што тие рокот на важење на тие уверенија се зголемуваат од 2 на 5 години и мислам дека веќе е доставен и до Собранието на Република Македонија. Според тоа, тоа се законските основи  по кои што се регулираше повикувањето и распуштањето на резервниот состав на полицијата.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине Србиновски, дали сте задоволен од одговорот?

ИЛИЈА СРБИНОВСКИ:

Ако би давал оценка или дали сум задоволен од одговорот, затоа што јас прво го поставив прашањето до премиерот да бидат тие примени од премиерот, барем на

5 минути да бидат примени кај премиерот. Во тоа се состои прашањето. ..-
Според тоа, не сум задоволен од одговорот.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине Костов, дали на дополнителното прашање ќе дадете коментар.

ХАРИ КОСТОВ:

Јас реков, имавме повеќе од 15 средби со нив, има повеќе од 20 писмени одговори на барањата и таа е состојбата. Ниту премиерот има нешто ново што дополнително да каже.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

На второто прашање упатено до Владата ќе одговори госпоѓица Шекеринска, заменик премиер

РАДМИЛА ШЕКЕРИНСКА:

За ова прашање Владата ќе подготви писмен одговор.

НИКОЛА ПОПОВСКИ.

Третото прашање е упатено до Владата.

ИЛИЈА ФИЛИПОВСКИ:

Јас би замолил ако може да дефинира господинот пратеник, дали прашањето се однесува на вработените, или на менаџерскиот тим кој го купуваше “Лозар” Битола.

ИЛИЈА СРБИНОВСКИ:

Прашањето се однесува и за вработените и за менаџерскиот тим. Меѓутоа, ние сакаме како општина Битола да се разреши еднаш случајот со “Лозар”. До каде е случајот, бидејќи тој е настанат случај. Затоа го поставив прашањето, случајот со “Лозар” дали ќе биде еден ден разрешен?

ИЛИЈА ФИЛИПОВСКИ:

Во 2000 година мислам дека беше извршена продажба на акциите од Агенцијата за “Лозар” Битола. Во 2002 година, во јули месец врз основа на информацијата на Агенцијата, Владата на Георгиевски утврди дека неоправдано се дадени повеќе бодови на купувачот на “Лозар” Битола и се покрена постапка преку правобранителот за заштита на општествениот капитал. За жал тоа беше една двојна игра, играта пред јавноста дека заради изборите се работи дека е направена грешка во бодирањето, но, преку јавниот правобранител практично не се изврши заштита на општествениот капитал. Во натамошната постапка покренато е барање за заштита на законитоста преку Јавното обвинителство и сега процесот се наоѓа во

Врховниот суд. Очекувам дека наскоро, се надевам дека наскоро Врховниот суд ќе донесе соодветна одлука според тоа како тие ќе оценат. Значи, предметот се наоѓа во судски процес.

ИЛИЈА СРБИНОВСКИ:

Доколку е ваков случајот, ако брзо се разреши, тогаш задоволен сум од одговорот.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Прашање ќе постави господинот Хусеинџеват Хусеини.

ХУСЕИНЏЕВАД ХУСЕИНИ:

Ве поздравувам сите. Имам три прашања. Првото прашање е до министерот за економија. Во текот на немирите што ги имавме во Македонија страдаа многу претпријатија во регионите на криза, како во Тетово, Куманово. Што мисли Министерството да им помогне на овие претпријатија, дали се спремни проекти кои предвидуваат нивно ревитализирање, сигурно како резултат ќе биде враќањето на вработените во тие претпријатија и нови вработувања.

Прашање до Министерството за внатрешни работи.

Во декември 2001 година во менувачницата “Лиридона” компанија се уби нејзиниот сопственик Тахири во Гостивар и се ограбија повеќе од 200 илјади германски марки. До каде е стигнато со откривањето на овој случај и на причинителите на ова дело?

Едно прашање до министерот за култура.

Пред неколку дена во организација или под патронат на УНЕСКО се одржа изложбата на сликата во Македонија во Париз, имајќи во предвид и нашите интенции Македонија меѓународно да ја претставиме како мултиетничка државна мултинационална, мултиконфесионална држава. Го прашувам министерот за култура, како е можно оваа презентација, толку значајна презентација да нема ниту еден албанец, албански претставник, иако имаме уметници кои имаат неприкосновени вредности.

ИЛИЈА ФИЛИПОВСКИ:

По првото прашање, за време на кризата во 2001 година, не е извршена проценка на штетите во приватните претпријатија кои се наоѓаат на територијата таму каде што беше кризата. И врз основа на тоа не се прифатени од страна на меѓународната заедница тие случаи. Значи, потребата за ревитализација и

обновување на претпријатијата можат да бидат врз основа на бизнис плановите на сопствениците на тие претпријатија до банкарскиот систем, врз основа на тоа да се добијат сигурно соодветни кредити доколку тие претпријатија имаат бонитет за своето работење.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине Хусеинџевад дали сте задоволен од одговорот?

ХУСЕИНИ ХУСЕИНЏЕВАТ:

Би сакал да знам дали ќе има олеснување од Министерството за економија за страдањата кои ги имале, за штетите кои ги имале.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Второто прашање за штетите, господин Филиповски.

ИЛИЈА ФИЛИПОВСКИ:

Од Министерството за економија нема такви олеснувања, олеснувањата можат да бидат доколку повеќе вработени се примаат по основ на даночниот систем, законот кој постои и се разбира, доколку се надоградуваат нови објекти по основ да речеме на кредитно-монетарниот дел. Но, директна помош од страна на Министерството за економија такви можности не постојат.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Второто прашање е до господинот Костов, министерот за внатрешни работи.

ХАРИ КОСТОВ:

Писмено ќе одговориме претседателе за случајот да го провериме.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Ќе добиете писмен одговор на второто прашање.

Третото прашање е упатено до министерот за култура. Со оглед дека не го гледам тука, ќе ви достави писмен одговор.

Благодарам.

Прашање ќе постави госпоѓа Силвана Бонева.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Почитуван претседателе, дами и господа,

Првото прашање е до министерот за внатрешни работи.

Почитуван министере, до каде е стасано со истрагата во врска со подметнатата бомба пред кумановското средно училиште “Гоце Делчев”.

Второто прашање е до Владата на Република Македонија, посебно до министерот за образование.

Севкупната македонска јавност деновиве беше сведок на тоа како Министерството за образование и Владата на Република Македонија со цел да удоволи на барањата на албанците од Куманово за етничко чисто средно училиште за своите деца, преку ноќ, буквално го уништи Работничкиот универзитет од Куманово како мултиетничка институција одземајќи му го просторот, кој што повеќе од 40 години го користи за во него да ги смести средношколците од албанската етничка заедница. Со тој потег иднината на две институции и Работничкиот универзитет од Куманово кој што нема каде да ги смести бројните основни средства за обука и преквалификација, а камоли нормално да продолжи со образовниот процес за огромниот број на посетители, а во исто време го уништи и мултиетничкиот центар за детско творештво, каде што министерството смета дека треба да работи и Работничкиот унивезрзитет, бидејќи таму воопшто нема просторни можности да работат овие две институции. Во исто време пак, просторот на Работничкиот универзитет од Куманово кој што е одземен за во него да се смести етничкото чисто средно училиште, не ги исполнува ниту просторните, ниту пак санитарно - хигиенските услови за да може таму да се сместат повеќе од 700 ученици.

Моето прво потпрашање до Владата на Република Македонија и министерот за образование поконкретно е дали така мислат да градат добри меѓуетнички односи и соживот помеѓу македонските и албанците, со правење на етнички чисти средни училишта, а при тоа да уништуваат мултиетнички образовни културни инситутиции, кои што мошне успешно работеа.

Понатаму, бидејќи Владата на Република Македонија јавно декларира дека ќе спроведува реформи во државата, резултатот од овие реформи посебно во однос на решавањето на проблемот со вработувањето на невработените, стечајните работници и работници технолошки вишоци, не може да биде позитивен без активно вклучување на овие институции за образование на возрасни во процесот на

преквалификацијата, доквалификацијата и стручното оспособување, ..-
бидејќи овие институции имаат долгогоришно позитивно искуство и нивното работење е помогнато од повеќе меѓународни институции за образование на возрасни.

Во иднина, овие институции нема да можат да го спроведуваат успешно образованието на возрасните и другото образование, ако се продолжи со оваа тенденција на одземање на нивниот простор од страна на Министерството за образование. Тргнувајќи од овој атак што го направи Владата на Република Македонија, Министерството врз работничките универзитети како институции за образование на возрасни и деца, со грубото одземање на просторот на Работничкиот универзитет од Куманово, прашувам.

Каков е ставот на Владата на Република Македонија во однос на просторот кој што го користат работничките универзитети во државата и дали воопшто може да даде одговор за тоа прашање, без претходно да се донесе законот за образование на возрасни и другото образование, со кои што ќе се регулира статусот на овие институции во образовниот систем на државата. И, во контекст на ова, дали Министерството за образование смета дека треба да се донесе закон за образование на возрасни и друго образование, како што имаат сите високоразвиени земји, со цел конечно да се стави ред во оваа сфера на образование во државата и ако смета дека треба до каде е постапката со носењето на овој закон.

По можност, би сакала одговорот да биде во писмена форма.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Првото прашање е до господинот Костов, министерот за внатрешни работи.

ХАРИ КОСТОВ:

Само на кратко претседателе.

За случајот со бомбата пред Гимназијата во Куманово, Министерството за внатрешни работи во моментот има само сознанија за можни инволвирања на една група од 4 - 5 луѓе, меѓутоа сеуште недоволно материјални докази кои би резултирале со доволно елементи за поднесување на кривична пријава. Според тоа,

нашата истрага во тој дел продолжува и околу следењето на, по наше мислење, можните причинители на делото.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Госпоѓа Бонева, дали сте задоволни од одговорот.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Да се надеваме дека набрзо истрагата ќе заврши и виновците ќе се најдат таму каде што им е местото.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

На второто прашање или на втората сереија прашања ќе одговори господин Герамитчиоски.

ТАЛЕ ГЕРАМИТЧИОСКИ:

Како што кажавте господине претседателе, овде има серија на прашања. Ќе почнам од последното за Законот за образование за возрасни. Тој во некоја нацрт форма пред неколку години бил во некоја законска процедура. Текстот е тука, потребни се одредени измени и ќе се работи на таа проблематика, но доколку пратеничката ја интересира подетално за оваа информација, мислам дека треба писмено да се одговори на овој дел на прашањето и тоа ние ќе го направиме.

Во другиот дел на прашањето, што се однесува за состојбите во Куманово на неколку наврати на пратенички прашања ние ја објаснувавме состојбата.

Прво, за тоа што е одземен просторот на Работничкиот унвиерзитет, тоа е владина одлука која што времено го отстапува просторот на Работничкиот универзитет, кој што не беше користен за таа немена. Објектот е доста стар, во руинирана состојба и се одвојија одреден број на значителни средства за санирање, за времено користење до крајот на учебната година, така беше одлуката на министерот за времено сместување на учениците од албанската популација од Гимназијата. Значи, тоа е владина одлука и јас би го поврзал прашањето чии се тие објекти. Тие се објекти со кои што стопанисува Владата на Република Македонија. Владата на Република Македонија е сопственик на сите објекти кои се во сопственост, кои што ги користат работничките универзитети и со некоја одлука на Владата на Република Македонија во претходниот период пред 4 - 5 години, тие се преотстапени за користење на работничките универзитети, но во таа клаузула стои

кога ќе има потреба Владата на Република Македонија може да ги земе во своe владение и тоа во овој случај е искористено.

Во поглед на квалификациите за градење на етнички односи, без да се политизира ова прашање ние мислевме дека решаваме просторен проблем на времено сместување на албанците од етничката популација, кои што се концентрирани во две основни училишта, а таму не постојат просторни можности повеќе да се изведува наставата. И заради поквалитетно изведување на наставата до крајот на учебната година, сметавме дека е потребно да се дислоцираат на соодветен простор.

Бидејќи работата е доста усложнета после експлодирање на бомбата во Гимназијата, родителите на децата од албанската популација не се согласуваат да се вратат во Гимназијата и се решава на оној начин на кој што се обидуваме да го решиме, постои огромен отпор и навистина, не би прејудицирал дали е ова решение и до крај ќе биде изведено или нема да биде изведено. Би потенцирал како одговор на ова пратеничко прашање, сите оние решенија кои што министерот Положани ги напиша во некоја писмена форма беа времени до завршување на учебната година, заклучно до мај месец.

Уште би ја искористил приликата да кажам дека интенцивно комуницираат помеѓу себе родителите од албанската и родителите од македонската популација, точно вечерва во 19,оо часот имаат средба, со посредство на Министерството за образование, со наши претставници и јас би потенцирал какво решение да донесат родителите на децата од македонската и од албанската страна, кое што е во обостран интерес на двете популации, ние како Министерството ќе го прифатиме и ќе донесеме такво решение, во кое што тие би биле задоволни.

Значи, овие решенија не мора да важат, доколку родителите на двете страни на учениците се согласат на некое друго решение, кое што ние со задоволство ќе го прифатиме.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Госпоѓа Бонева, дали сте задоволни од одговорот.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Навистина не сум задоволна од одговорот на поставените прашања, бидејќи не можеме да го работиме во државата она што е добро да го уништиме и да немаме никаква одговорност за тоа. Многу ми е јасно дека сите објекти на

работничките универзитети се во сопственост на државата и мислам дека треба да се одземат во случај кога не се користат за намената за која се дадени на користење, доколку не работат овие две институции. А не во ваков случај да се уништи една институција, за да не знаеме понатаму што да правиме и со учениците кои што навистина немаат соодветни услови во просториите на Работничкиот универзитет да се изведува целодневна настава за ученици од средното образование. Ниту конструкцијата на зградата го овозможува тоа, ниту санитарно - хигиенските услови како што ви кажав. Значи, воопшто не се работи за некое рационално решение, трајно решение, кое што ќе биде од интерес на сите граѓани од тоа подрачје.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине Герамитчиоски, на дополнителното прашање, или на дополнителната констатација, дали ќе одговорите.

ТАЛЕ ГЕРАМИТЧИОСКИ:

Јас веќе се обидов да објаснам. Ако беше едноставно решението веќе ќе беше спроведено. Решението ќе биде спроведено тогаш кога ќе биде прифатено од сите страни. Очигледно е дека сега за сега не постојат услови за да биде прифатено од сите страни и се бараат форми како тоа да се изведе на поадекватен начин, а да не ги зголемува тензиите кај македонската и албанската страна, кои што се жители во тој град. Вашите решенија не би сакал да прејудицираат такви форми. Ако асоцирате на некои решенија на насилно одземање на објектот, мислам тоа припаѓа на минатото кога од страна на поранешниот министер беше одземена зградата на Центарот за странски јазици, во кои што еклатантно беа кршени тие права. Во овој случај станува збор за времено користење на овој објект, негова привремена санација и навистина не беше користен за таа намена, за која што пратеничката се обидува да се изјасни, затоа што таму имаше две авто школи кои што беа диво вселени и тоа токму беа од албанската страна, а се согласија да се дислоцираат за оваа пренамена на објектот.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Прашање ќе постави госпоѓа Соња Лепиткова.

СОЊА ЛЕПИТКОВА:

Моите две прашања се однесуваат до Министерството за заштита на животната средина и просторно планирање.

Првото прашање би го упатила, доколку би можела да добијам писмен одговор, затоа што барам и податоци во однос на тоа што се однесува моето прашање, бидејќи сведоци сме во последно време, особено во последната година на разгранување на јавноста за загадувањето и влијанието на загадувањето врз здравјето на луѓето од Велес, поради работењето на тополничките и металургиските капацитети. Сакам да Министерството за економија да укажам дека такви капацитети во Република Македонија постојат и во други региони, особено за развој на високо интензивно земјоделие, посебно во Тиквешкиот регион, каде што имаме лоциран металургиски капацитет кој што прави емисија на загадување од тешки и токсични метали и тоа во центарот на еден развиен земјоделски регион, како што е тиквешијата.

Имајќи предвид дека тиквешијата и населението од тој регион 80% речиси се занимаваат со земјоделско производство, односно одгледување на лозови насади и производство на вино, кое што ние го извезуваме надвор од Република Македонија и оствaруваме високи девизни профити така да речам и особено важно за овој регион е да можеме тие извозни зделки кои ги правиме во строгиот европски пазар да водиме сметка дека таму со воведување на многу посуфитицирани методи во последно време, се оди кон заштита на потрошувачите и кон испитување на секој производ. Да не се доведеме во состојба да имаме враќање на контингенти, токму од аспект на загадување на некои наши производи, особено на виното.

Така што, би сакала да ми одговорите во писмена форма, дали постојат податоци и какви се тие податоци за состојбата на загаденоста на почвите од тиквешкиот регион и што Министерството за екологија, односно за животна средина планира да направи во тој поглед, односно да работи на разрешување на тој проблем.

Второто прашање се однесува исто така, на еден таков регион кј од 1996 до 1998 година, кога министер за градежништво и урбанизам беше господинот Томе Тромбев, во Република Македонија се воведе мониторинг на проточни води во Источна Република Македонија, така да три години тој мониторинг беше востановен и се работеше на него.

Со доаѓањето на власт на ВМРО-ДПМНЕ, во 1998 година, незнам поради кои причини тоа се запре како проект и понатаму како таков и ден денеска не заживеа во Република Македонија. Денеска ние сме сведоци дека реката Лакавица во која што се влеваат испустите од рудникот Бучим, денеска е претворена во модра река и така го носи името. Таму порано постоеше мерна точка која што постојано

секој месец беше контролирана и сите податоци беа доставувани до ..- ресорното Министерство.

Дали денеска ресорното Министерство располага со такви податоци и што мисли да направи со сите овие производствени капацитети кои што сега се приватни и со нивните менаџерски тимови за што постои засконска регулатива да ги предупреди за да можат да не ја загадуваат животната средина во таков обем како што се случува денес.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор замeникот министер за животна средина господинот Матовски.

ДРАГОЉУБ МАТОВСКИ:

Бидејќи пратеничката бараше на првото прашање да и се одговори писмено, ќе биде удоволена, со тоа што сепак, би сакал неколку сугестии да укажам, за општо информирање на јавноста. Сите капацитети во Република Македонија, согласно Законотза заштита на човековата околина се должни да изготват еко елаборати по кои што истите треба да постапуваат и да стопанисуваат. Тоа се однесува и за субјектите кои што се во тиквешијата. Се разбира пред се, за заштита на околината и секако прашањето она како што е виното и лозовите насади.

Според тоа, ова прашање по малку поминува и во делот за соработка со Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, со кои што во последно време согласно Одлуката на Владата на Република Македонија, заедно со Министерството за здравство и економија веќе работи една меѓувладина комисија, која во првиот момент клучно прашање е токму Велес и проблемите што настануваат со загадувањето од топилницата и пошироко. Секако, работата на оваа група воопшто нема да престане тука, туку ќе се прошири во сите активности кои што се на овој план, се разбира во зависност на оние црни точки.

Што се однесува до второто прашање мониторингот на реките, вие добро знаете на една од претходните седници на пратенички прашања беше одговорено за мониторинг станиците на реката Вардар, кои веќе функционираат, а што се однесува до другите реки веќе е во процедура тендер на 19 мониторинг станици на 19 реки во Република Македонија и мислам информирани сте за договорот кој македонската влада го склучи со италијанската влада за заштита на река Радика, каде што во тек се припрема на елаборатот и веруваме за неколку

месеци ќе почне заштитата на река Радика со 7 - 8 прочистителни станици и една депонија во делот на Жупа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Значи, на првото прашање ќе добиете, и покрај укажувањето, писмен одговор.

Дали сте задоволна од вториот одговор?

СОЊА ЛЕПИТКОВА:

Да, задоволна сум, затоа што веќе реков дека постоеше мониторинг испитување на проточните води, само барав, доколку може Министерството за екологија и Владата да најдат сили да го продолжат, затоа што во времето кога работеше, се постигнуваа резултати и навистина се водеше сметка загадувањето да се сведе на најминимална мерка. Задоволна сум од одговорот.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Продолжуваме.

Прашање ќе постави господинот Ѓорге Паљошковски.

ЃОРГЕ ПАЉОШКОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги, почитувани министри,

Моето прво прашање е до Владата на Република Македонија.

Какви мерки ќе преземе Владата на Република Македонија после елементарните непогоди на 7,8 и 9 април, настанати како последица на екстремно ниските температури во струмичкиот и битолскиот регион, кога во струмичкиот регион беа измерени -12, а во битолскиот -19 степени, со што се нанесоа огромни штети на раноградинарското полијарно производство, како и во овоштарството и лозарството во овие региони. Дали до сега соодветните органи имаат направено проценка за настанатите штети и ако ги има, дали на оштетените земјоделци ќе им биде надоместена штетата и кога истата ќе биде реализирана.

Барам одговор во писмена форма на ова прашање.

Второто прашање се однесува до министерот за образование и наука и министерот за здравство.

Каква е процедурата за нострификација на дипломите за високо образование, стекнати на универзитетите во Република Бугарија, односно на медицинските, фармацевтските и другите факултети и колку време е потребно истата да се заврши.

Ова прашање го поставувам заради некои мои сознанија дека завршените дипломци долго време чекаат за нострификација на нивните дипломи, посебно од Фармацевтскиот факултет.

Третото прашање е до министерот за финансии и министерот за економија.

Со воведувањето на фискални каси на продажното место, трговецот целокупниот промет го евидентира преку истата за потребите на ДДВ и за потребите на трговијата. Дали е потребно и понатаму да постои обврска за евиденција, согласно Законот за трговија, со трговската книга, која како таква е наследена од претходните даночни системи на државата.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Првото прашање е упатено до Владата, на кое писмено ќе одговорите.

Има збор господинот Петров.

СЛАВКО ПЕТРОВ:

Бидејќи имам право усмено да одговорам...

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Имате право и усмено да одговорите.

СЛАВКО ПЕТРОВ.

Ќе потсетам дека на вакво прашање веќе одговорив и одговорот се состоеше во следното.

Комисии на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство работат на терен и ги утврдуваат причините, постоењето на штетите и висината на штетите. По завршувањето на постапката што е во тек и прибирање на податоците, што ќе заврши оваа недела, ќе имаме комплетна слика за висината на штетите во регионите каде што таа настанала. После тоа, останува прашањето дали во поглед на штетата ќе се преземат мерки, што Владата не смеам и не можам да ги кажам, затоа што за тоа одлучува Владата и алтернативата е, или ќе се решава проблемот со штетата во рамките на Законот за елементарни непогоди, од кој делови не се спротивни со Уставот и може да се применуваат, или ако не се исполнети условите според тој закон за прогласување елементарна непогода, ќе се решаваат во рамките на програмата на Владата за помош и поттикнување на земјоделството. Какво ќе биде тоа решение, останува да видиме откако ќе дојдат резултатите од проценките за настанатите штети.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине Паљошковски, дали сте задоволен од одговорот?

ЃОРГЕ ПАЉОШКОВСКИ:

Во претходниот одговор беше речено од страна на министерот дека пред Владата не може да даде одговор. Од кога веќе нивните стручни екипи се на терен, собираат податоци и во догледно време тие податоци ќе бидат готови, па зата го молам министерот, па и Владата, во писмена форма , истата да биде доставена опстојно со податоци.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Влезени сме во процедура на усмен одговор и тоа зависи од министерот, дали сака дополнителен одговор да даде или ќе ви достави писмен одговор.

СЛАВКО ПЕТРОВА:

Веќе имаме ново прашање, кое веќе не се однесува на тоа што ќе направи Владата, туку на пратеникот да му се доставаат податоци од проценките на штетата што ќе пристигнат. Ако е тоа ново прашање и ако има такво барање, ќе постапиме така што податоците ќе му ги доставиме.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Добро, ќе ви бидат доставени податоците како што ги баравте, како четврто прашање тоа ќе ви го сметаме.

Второто прашање е поставено до министрите за образование и здравство, но претпоставувам дека Министерството за образование е матичниот ресор.

Повелете господине Герамитчиоски.

ТАЛЕ ГЕРАМИТЧИОСКИ:

Прашањето за постапката на нострификација на дипломи кои биле стекнати по основ на студирање во странство, значи надвор од матичната држава, е регулирано со Законот за високо образование, односно беше регулирано. Имено, Уставниот суд на Република Македонија трите члена кои се однесуваа на постапката за нострификација на дипломите ги укина, но во меѓувреме, во консултација на Министерството со Уставниот суд, за да не настане правен вакум, донесено е

..-

дополнително упатство, во кое постапката што сега се практикува ја продолжува до изменување на Законот за високо образование, во кој со нов член или нови членови ќе биде регулирана оваа постапка.

Како објаснување, каква е важечката процедура во сегашната форма.

Имено, оној што дипломирал во странство, документацијата ја препраќа со барање до Министерството за образование, кое по службена должност ја препраќа до соодветна високообразовна установа од случен карактер програмски што ја има образовната установа на која заинтересираниот кандидат ја стекнал својата стручна подготовка. Таму соодветна комисија донесува препорака или заклучок, што го препраќа повторно до Министерството за образование и наука, Таму постои комисија која е должна, согласно постојните законски прописи, да побара од матичната високообразовна институција, на која кандидатот ги завршил студиите, да побара писмено мислење дали воопшто тој кандидат има досие, односно дали студирал таму. Кога тоа ќе го добие, таа комисија заседава и му препорачува на министерот да го потпише актот за нострификација на дипломата.

Во изминатиот период, оваа процедура била воспоставена, но била заобиколувана за одредени случаи и јавноста преку одредени медиуми тоа добро го знае, значи за одредени случаи поранешниот министер користел дискреционо право да ја заобиколи оваа процедура и понатаму беа утврдувани разни фалсификувани дипломи од страна на домашни високообразовни установи, кои сигнализираа.

За да не се случи тоа, сегашната комисија бара во завршната процедура писмено мислење од матичната институција на која кандидатот завршил стручно образование, дали навистина тој кандидат имал досие.

Се надевам дека бев опширен во образложението. Конкретно за Бугарија, мислам дека важи за сите оние земји со кои Македонија има склучено договор за меѓусебно признавање на дипломи и нострификација. Мене не ми е познато од Медицинскиот и Стоматолошкиот факултет дека подолго време чекале за нострификација на дипломи во однос на другите. Процедурата за сите е иста и би потенцирал, до колку од таа институција, конкретно од Бугарија од Медицинскиот факултет подоцна  ги враќале одговорите на нашите барања за потврда, тогаш времето на чекање е подолго.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине Паљошковски, дали сте задоволен од овој одговор?

..-

ЃОРГЕ ПАЉОШКОВСКИ:

Не сум задоволен од одговорот на министерот и го замолувам овие процедури да ги забрзаат, да не се малтретираат завршените дипломци, со месеци да поминат, половина година и година до нивната нострификација. Затоа, моето прашање беше за начинот и постапката на нострификацијата и затоа го молам во писмена форма да ми биде доставен одговор.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Нема веќе писмена форма, министерот го избра методот на усмен одговор.

Дали имате дополнителен коментар на ова, господине Герамитчиоски.

ТАЛЕ ГЕРАМИТЧИОСКИ:

Во писмена форма не можеме да дадеме ништо повеќе од она што го образложив во усмена форма.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Останувате на тој одговор.

ТАЛЕ ГЕРАМИТЧИОСКИ:

Да.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Третото прашање е до министерот за финансии, господинот Петар Гошев.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Министерот за економија ќе одговори во врска со трговските книги.

ИЛИЈА ФИЛИПОВСКИ:

Со програмата на Владата, во текот на јуни месец, во собраниска процедура треба да дојде Законот за трговија и согласно прашањето, дали покрај фискалните каси потребно е да се водат и трговски книги во продавниците, согласно таа законска регулатива ќе предвидиме дали е потребно или не е потребно.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали сте задоволен од одговорот?

ЃОРГЕ ПАЉОШКОВСКИ:

Задоволен сум од одговорот.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Госпоѓата Елеонора Петрова-Митевска ќе постави прашање.

ЕЛЕОНОРА ПЕТРОВА-МИТЕВСКА:

Господине претседателе, претставници на Владата, колеги пратеници,

Имам три прашања, од кои првото прашање е упатено до министерот за труд и социјална политика.

Меѓу мерките со кои Владата ќе помага во решавањето на проблемите во стопанството, веројатно е изнаоѓањето начин со кој фирмите кои повеќе години не ги измирувале обврските спрема Фондот за здравство и пензиско инвалидско осигурување, ќе можат да ги измират обврските спрема фондовите. Во тие фирми има голем број вработени и со измирувањето на обврските тие би успеале да го регулираат сопствениот стаж. Прашањето до министерот за труд и социјална политика би гласело:

Кога Министерството би излегло со решение за овој проблем и што би опфаќало решението на тој проблем. Тоа е првото прашање.

(Претседателот Никола Поповски излезе од салата, а со седницата продолжи да раководи Лилјана Поповска, потпретседател на Собранието).

Второто прашање се однесува на Министерството за здравство, односно упатено е до министерот за здравство. Сите сме информирани, гледајќи кабловска телевизија, за вирусот САРС, кој зафаќа голем дел од териториите на Источна Азија, на Азија, меѓутоа, веќе е проширен и во Канада и во некои европски земји. Но имаме многу малку податоци и информации за фактот дека постојат заразени од вирусот САРС и на Балканскиот Полуостров, особено што тоа се земји од нашето соседство, како што е Романија, каде што веќе се констатирани три лица заболени од САРС и Романската Влада веќе подготвила едно крило во болницата, кое е определено специјално за случаите кои се заболени од САРС, каде би биле сместени сите заболени и сите сомнителни случаи. Во нашето уште поблиско соседство, во Република Албанија, има 12 сомнителни случаи, за кои се претпоставува дека се заболени од САРС, од кои петмина кинези, кои се чуваат во карантин, определен за 21 ден. Турција прави такви подготовки што на своите граѓани изрично им забранува

патувања во Азија, а особено во Кина и Хонг Конг а врши едукација посебно на медицинските случби.

Што презема Министерството за здравство на Република Македонија со овој сериозен проблем, кој што е не само светски туку полека станвуа и балкански, што презема за едукација на граѓаните, што презема за заштита на граѓаните и што презема особено за едукација на стручните медицински служби и за нивна заштита. Тоа е второто прашање.

И третото прашање се однесува на министерот за образование и наука, а се однесува на еден многу сериозен проблем кој ги тангира младите генерации, а тоа се учебниците за основно и средно училиште. Голем број родители ми сигнализираа, ми донесоа повеќе учебници, кои се со таква содржина и со таква презентација на градивото училишно што не е адекватно за возраста на учениците на кои им е наменет, или се претешки и пресериозни приодите кон презентирањето на наставното градиво или пак се претставени како сликовници.

Бидејќи се зафатив со овој проблем покомплексно да го истражувам, прегледувајќи голем број учебници, констатирав уште повеќе дека учебниците не само што не се адекватни за возраста на учениците, туку воопшто не го тангираат проблемот кон кој што треба да пристапат учениците во својот образовен процес, така што ни се случува во процесот на образованието учениците да ги учат оние елементи што не се толку значајни за предметот кој им е подготвен, отколку суштината на она што се бара од нив.

Во таа насока, сметам дека мора нешто да се преземе заради фактот што кај нас секоја година се печатат многу учебници и тоа не само еднаш годишно, туку и повеќе пати во текот на школската година, значи би требало да очекуваме повисок квалитет на печатењето на учебниците.

Дали Министерството за образование и наука презема нешто во насока за поостри критериуми за авторите кои ги пишуваат учебниците, дали презема нешто за да ги заостри критериумите за рецензентите на овие учебници.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Првото прашање беше упатено до министерот за труд и социјална политика, господинот Јован Манасијевски.

ЈОВАН МАНАСИЈЕВСКИ:

Прашањето што го постави пратеничката Петрова-Митевска навистина е мошне сериозно и затоа беше едно од приоритетните прашања, што во рамките на

Социјалниот договор меѓу Владата и синдикатите беше поставено како ..- приоритетно и токму на утрешната седница на Економско-социјалниот совет ќе биде разгледувано решението до кое дојде трипартитна работна група на Синдикатот, Комората и Владата, составена од претставници на повеќе министерства. Доколку утре биде усвоено решението на Економско-социјалниот совет, веројатно тоа ќе се најде на првата мајска седница на Владата, што значи дека веќе во текот на наредниот месец ќе бидат преземени конкретни мерки кои ќе произлезат од таквото решение.

Инаку, Владата во однос на ова прашање е особено чувствителна, кога станува збор за таканаречените фирми загубари, влезени во ФЕСАЛ 2 аранжманот за тие претпријатија, со самиот чин на ликвидација по автоматизам се решава и нивниот заостанат долг кон Фондот за ПИО, што навистина значи многу за овие работници во овие фирми, затоа што тие го решаваат проблемот на својот заостанат пензиски стаж, а истовремено во рамките на своите активности Владата на овие фирми загубари за кои процедурата на ликвидација сеуште не е завршена, редовно месец за месец ги сервисира нивните потреби кон Фондот за здравство.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Госпоѓо Петрова, дали сте задоволни од одговорот?

ЕЛЕОНОРА ПЕТРОВА-МИТЕВСКА:

Да, задоволна сум релативно од одговорот, бидејќи е очигледно дека ќе беше подобро прашањето да го поставев на крајот на месец мај, бидејќи тогаш ќе има сигурно некои конкретни одговори.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Второто прашање беше упатено до претставникот на Министерството за здравство.

Има збор министерот за здравство господинот Реџеп Селмани.

РЕЏЕП СЕЛМАНИ:

Во врска со прашањето за заразната болест САРС - сериозен акутен респираторен синдром, кој сега се појавува како нова болест што е многу заразна и ги имаме сите информации во кои земји се имаат појавено вакви случаи, сакам да кажам дека за среќа кај нас такви случаи нема, а тоа не значи дека ние како

Министерство не ги имаме преземено сите мерки и активности да се делува превентивно, односно да се заштитат граѓаните на нашата држава од оваа болест.

Во Министерството за здравство е формирана Комисија за заразни заболувања, која врз основа на информациите и препораките за оваа болест од Светската здравствена организација ги има превземено сите мерки, активности и упатства до сите надлежни институции за оваа болест. Препорачани се упатства до сите наши здравствени организации, Државниот инспекторат на Републиката е информиран за упатствата во врска со упатствата за оваа болест. Исто така, и персоналот на аеродромите во нашата држава и ззравствениот персонал е упатен во врска со заклучоците на оваа комисија.

За сите граѓани кои патуваат во овие ризични места, за кои сме известени од светската здравствена организација, евентуално ако би се се појавил некој патник кој е со сомнителни симптоми тогаш веднаш би се информирале здравствените работници на самните аеродроми, потоа се информираат нашите инспектори и после тие се упатуваат до надлежните, конкретно до клиниката за инфективни заболувања.

Исто така министерството за здравство има упатство до Клинижки центар Скопје и до Клиниката за инфективни заболувања, да обезбеди простор за изолација на евентуалните такви случаеви.

Уште еднаш ќе повторам, за среќа, засега немаме такви случаеви, а ние ги имаме преземено сите мерки и активности плус преку нашите средства за информирање имаме известено граѓаните во кои земји не се препорачува да се патува, врз основа на препораките од Светската здравствена организација.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Му благодарам на министерот Селмани.

Госпоѓа Петрова дали сте задоволни од одговорот.

ЕЛЕОНОРА ПЕТРОВА - МИТЕВСКА:

Благодарам. Сега веројатно ќе можеме сите помирно да спиеме, за извесен нареден период. Меѓутоа, да биде сериозноста поголема, овие податоци што јас ги изнесов за соседството, исто така се од Светската здрвствена организација која предупредува на висок степен водење сметка за ваквите случаи.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Третото прашање е упатено до претставникот на Министерството за образование има збор г-динот Тале Герамичиоски.

ТАЛЕ ГЕРАМИЧИОСКИ:

Морам да признам, ова прашање е доста комплексно и бара поширока елаборација. Имено еден од главните проблеми во делот на издавачката дејност, во однос на учебниците за основно и средно образование, точно во процедурата наидовме навистина на еден хаос во тој дел.

Госпоѓата пратеник навистина е во право кога потенцираше дека огромен број на аномалии во поглед на содржината, во поглед на начинот на презентантацијата на градивото во поглед на транспарентноста на издаваштвото, беа присутни во изминатиот период. Ние се обидува преку соодветни нормативи кои сега ги градиме да ја регулираме оваа материја.

Имаме две карактеристични ситуации:

Имено, во реформираното гимназиско образование и во средното стружно образование по ФАРЕ програмата имаме недостиг на учебници и учебни помагала, соодветно на наставните планови и програми кои се присутни во тој дел, а од друга страна пак имаме навистина злоупотреби во тој дел каде што за еден предмет конкурирале 3 или 4 учебници кои се слични по содржина и форма, не соодветствуваат на наставната програма, а имало злоупотреби од страна на одредени советници кои се во бирото за развој, но тоа бара поширока елаборација и ние се занимаваме со тој проблем.

Што конкретно преземаме?

Моментално се работи на правилата и критериумите за издавачка дејност во овој сегмент. формирана е нова структура на педагошката служба и советот во таа служба, конституираме нов совет составен од пет члена кои има право да формира и свои поткомитети од одредени области. Критериумите ќе оневозможат злоупотреба која досега беше присутна. Ќе се води построга контрола во поглед на оценката на содржината и начинот на презентацијата на градивото што би било посоодветно за возраста на учениците и оние европски трендови и нормативи кои се присутни во ова подрачје.

По однос на квалитетот и цената сметаме дека и цената да биде нешто повисока, тоа ќе го сугерираме на издавачите, само да не биде во поглед на квалитетот што треба да се подобри за да можат учебниците потрајни бидејќи за оние учебници за кои министерот ќе издаде дозвола, сметаме да бидат користени за подолг временски период, а да не биде присутна онаа аномалија што сега ја имаме, за еден краток временски период понеколку пати учебниците да се менуваат.

..-

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Госпоѓа Петрова дали сте задоволни од одговорот.

ЕЛЕОНОРА ПЕТРОВА - МИТЕВСКА:

Да, задоволна сум од одговорот. Меѓутоа би сакала Министерството за образование да преземе нешто за оние учебници кои се со погрешен методолошки пристап. Така што тоа е најсериозниот проблем. Не е толку проблемот со учебниците, каде што нивото на градиво е пренесено на начин кој е несоодветен на возраста на учениците туку кога има погрешен методолошки пристап тоа бара експерти кои ќе оценат кој е вистинскиот начин на адекватна возраст да им се презентира знаењето.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господине Герамитчиоски дали имате некој коментсар.

ТАЛЕ ГЕРАМИТЧИОСКИ:

Мислам дека веќе одговорив. Паралелно се работи на оваа проблематика во два патеки. Прво бирото за развој кое е стручно оспособено за оценка на квалитетот на презентираното градиво каде веќе се работи соодветна студија која ќе ги отстрани оние аномалии кои досега беа присутни и ќе ги повлече оние учебници за кои ќе оцени дека несооветно ја презентираат материјата.

Исто така и Советот за издаваштво кој е конституиран и кој веројатно ќе формира подкомитети, ќе се погрижи за оваа проблематика. Значи тие ќе ангажираат екстерни рецензенти, стручни се разбира и од универзитетите и од истакнати педагошки работници кои долго работеле на оваа проблематика, за посоодветно оценување на градивото кое ќе биде внесено во новиот учебник.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

На ред за поставување прашање е г-динот Ристо Пеовски.

РИСТО ПЕОВСКИ:

Имам три прашања од областана екологијата кои се упатени до Министерството за животна средина.

Оваа Влада мислам дека се зафати со решавањето на еколошкиот проблем на Велес.

За мене со изјавата на премиерот кој, да Ве потсетам изјави дека никаков економски интерес не може да биде над интересот на здравјето на луѓето во Велес и средината во која живее. После тоа следуваше формирање на меѓуресорска комисија. Се формира и канцеларија.

Меѓутоа, кога стата првиот извештај од Министерството за здравство, ..-
кога го прочитав и проучив се спротивставуваше на триста години докажаната вистина дека оловото, цинкот и карбитот се штетни за природата и човекот. Од прилика тој извештај не убедуваше дека, да живееш во Велес е исто како да живееш во Крушево или Охрид.

Од тие причини моја прва реакција на тој извештај беше размислувањето дека на 50 илјади велешани не им треба вистината за топилницата затоа што за неа и врапците зборуваат, туку оваа Влада треба да ни обезбеди слободата, со топилницата да направиме тоа што навистина треба. Како не сум скептим и како не мислам дека изјавата на премиерот е во декларативната сфера, дека е политичка манипулација, сепак ќе поставам три прашања и тоа:

Првото прашање е што ќе направи Владата односно Министерството за животна средина да го спречи хомоцидот и екоцидот во градот Велес, и дали владата планира, по правниот принцип загадувачот плаќа да ги обештети луѓето и природата формирајќи репарационен фонд.

Второто прашање е докаде е акпроксимацијата на нашата легислатива и европската, за екколошките стандарди и мерки.

Третото прашање е дали политичко економското решение стечај е и технолошко еколошко решение за градот Велес преку топилница.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам г-дине Пеовски. Сите три прашања беа упатени до претставникот на министерството за животна средина.

ДРАГОЉУБ МАТОВСКИ:

Мислам дека и Владата, се разбира и Министерството како иницијатор се впушти во една активност за надминување на состојбите со, можеби најголемата црна точка на Балканот па и во Европа, Велес. Но, светските искуства не учат дека и поголеми еколошки проблеми во делот на екологијата се решавале, се разбира со еден комплексен приод. Токму и затоа како што и пратеникот на почетокот укажа, Владата ја оформи оваа меѓуресорска група, бидејќи секако проблемот не е ссамо на Министерството за животна средина и просторно планирање туку на повеќе министерства кои треба синхронизирано да дејствуват за надминување на состојбите во Велес. Секако решавањето на овој проблем ќе биде еден добар пример за надминување на останатите проблеми секако во помала форма ги имаме во другите градови. Според тоа и нашите активности што ги почнавме на овој план, свесни за сите ризици во кои навлегуваме и потешкотии што ги имаме со големи

финансиски дубиози за надминување на проблемот, се вклучивме во една ..-
ваква активност на разрешување на проблемите.

Што е постигнато во овој период не е демагогија, туку напротив е активност кое што настојуваме да ја извршиме, во неколку фази, како што кажав во првиот период има потези кои ќе бидат работи кои може да се направат како среднорочни па и долгорочни.

Меѓуресорската група веќе го изготви извештајот. Истиот ќе биде, се разбира на една од наредните седници на Владата, бидејќи тој извештај веќе е испратен до Владата и согласно постапките и можностите што ги имаме ќе се направи динамика за надминување на состојбите во Велес.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Се извинувам ако може да се одговара едно по едно на прашањето.

Господине Пеовски дали сте задоволен од одговорот.

РИСТО ПЕОВСКИ:

Не можам да бидам задоволен од проста причина што постојат фази. Постои прва, па втора фаза а сето тоа одзема многу време и ние чекајки ги да се изредат сите фази, сигурно нема да го дочекаме тоа што мислиме дека треба да дојде.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Продолете господине Матовски.

ДРАГОЉУБ МАТОВСКИ:

Сепак не се работи за проблем кој е од денес туку проблем кој со години се таложи и истиот не е можно да се реши веднаш, бидејќи сега кога би почнале да зборуваме за истиот и би го елаборирале, со време од неколку минути кои се дадени за одговор на едно пратеничко прашање, однодно на еден ваков проблем не би можеле на истиот да одговориме. Но, дека тоа не се фрази, дека се активности кои ги презема Министерството, јас би сакал да кажам.

Министерството веќе покрена активности преку инспекторатот и издаде четири решенија за надминување на состојбите, се разбира за она што може во привот момент да се направи. Не би сакал истите да ги елаборирам, да кажам што е направено со овие активности. Вие добро знаете дека во еден момент дури и престана работењето на топилницата, се со цел да се надминат состојбите за поголема дозволена концентрација МДК во воздухот, водата и итн.

Се разбира, согласно укажувањата што ги даде Министерството и активностите што треба да ги направи фирмата “Инвестас”, исто така во

понатамошниот период ние како министерство, особено ако инспекторат ќе дејствуваме.

Кога реков дека се потребни повеќе фази, мислам дека за надминување на проблемот има еден дел кој е од типично технолошки аспект, а технолошкиот аспект бара промена на технологија која навистина не може да се направи прекуноќ. Работите кои можеме да ги направиме во овој момент, ние ги правиме но оние кои се во тек, кои се важни за комплексно разрешување на комплексот, мора комплексно да се погледедаат и решат со една заедничка активност. Ни случајно ние овој извештај го доставуваме до сите комисии во Владата и Владата за едно вакво стратешко прашање ќе донесе заклучоци и насоки со кои ќе одиме понатаму на разрешување на проблемот.

Што се однесува до второто прашање, загадувачот плаќа, во Министерството веќе се водат активности оваа проблематика да добие законска регулатива. Согласно законската регулатива ќе се врши и понатамошна активност на оваа проблематика.

Што се однесува до прашањето до каде е регулативата во решавањето на еколошките прашања, со задоволство можам да кажам дека веќе се спремни четири верзии на закони од делот на екологија, делот на заштита на води делот на заштита од отпад, закон за животна средина и просторно планирање што во овој период од неколку месеци ќе бидат на една јавна расправа каде ќе се вклучат и сите невладини организации, еколошки друштва, стручни лица од оваа проблематика и така во една општа расправа по истите закони, се надеваме дека некаде во септември овие закони ќе дојдат во собраниска процедура.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам господине Матовски.

Господине Пеовски, дали сте задоволен од одговорот.

РИСТО ПЕЈОВСКИ:

Не добив одговор на прашањето дали во овие подготовки се планира да се формира репарационен фонд за обештетување на повреденото здравје на луѓето и за оштетената природа. Дали се калкулира со таква опција.

ДРАГОЉУБ МАТОВСКИ:

Тоа прашање сепак е во делот на овие активности што сега ги водиме со работната група и истото, после ова ваше укажување, ќе биде земено во предвид за разработка. Јас ќе бидам истиот тој што е инсистирам и ова прашање да влезе во понатамошните наши активности. Благодрам на укажувањето.

..-

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Одиме понатаму,

На ред е г-динот Стоилковиќ. Меѓутоа него не го гледам во салава. Има збор г-динот Гајур Сарач.

ГАЈУР САРАЧ:

Почитувана госпоѓа потпретседателќе, почитувани пратениис,

Сакав да поставам три прашања, а со оглед на тоа што одговорите ќе се базираат на статистичките показатели претпочитам писмени одговори, посебно на првите две прашања.

Првото прашање го упатувам до Минситерството за правда.

Да ми се достави вкупниот број и националната структура на вработените во органите на државната управа и јавните претпријатија, на сите нивоа и процентот на вработеноста на припадниците на националните заедници во овие институции, односно на нивното учество во вкупното население на Република Македонија.

Претпоставувам дека Владата има направено таква анализа како неопходен предуслов за имплементација на уставната одредба за праведна и соодветна застапеност на припадниците на сите заедници во органите на државната власт, и другите јавни институции на сите нивоа.

Барам информацијата да ми се достави во писмена форма.

Второто прашање го упатувам до Министерството за образование, а се однесува за вкупниот број на ученици во основното и средното образование, нивната национална структура и процентуалниот опфат во однос на процентуалното учество на вкупното население на Република Македонија .

Одговорот и на ова прашање сакам да биде во писмена форма.

И третото прашање го упатувам до Министерството за образование, а се однесува на начинот на кој се нострифицираат дипломите што доаѓаат од Репулика Турција.

Многумина млади што завршиле факултети во Република Турција имаат проблеми при ностифицирањето на дипломите, губат огромно време при нострифицирање, а знаеме дека имаме договор во овој домен со Република Турција.

И овој одговор ноже да биде во писмена форма.

..-

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Беше поставено прашање до претставникот од Министерството за правда и со барање одговорот да биде во писмена форма, меѓутоа дали некој претставник од Владата би сакал усмено да одговори.

Писмено ќе се одговори.

Второто прашање беше до Министерството за образование, не го гледам господинот Герамитчиоски, дали некој би сакал усмено да одговори? (Не).

Значи, и на ова праање одговорот ќе биде даден во писмена форма.

И за третото прашање одговорот ќе биде даден во писмена форма.

Значи сите три прашање писмено ќе бидат одговорени.

Има збор господинот Ванчо Стаменков.

ВАНЧО СТАМЕНКОВ:

Почитувана потпретседателке, почитувани претставници на Владата, почитувнаи пратеници,

Првото прашање го упатувам до министерот за образование, а се однесува за промената на директорите во училиштата во Кочани.

Сите директори на училиштата во поранешната општина Кочани се променети, а на ниту еден од нив не им е истечен мандатот, бидејки се легално избрани на оглас.

Исто така направен е уште еден преседан деновиве. На веќе распишан оглас на Основното училиште “Крсте Петков Мисирков” во населба Оризари не е извршен избор на директор по огласот, туку е назначен ве-де директор од веќе пријавените кандидати наогласот, иако на директорот на ова ОУ мандатот му истекува на 11 мај оваа година.

Во контекс на ова имам две прашања, потпрашања, а тоа се:

-зошто се сменети директорите на училиштата во поранешната општина Кочани, каде што припаѓаат сегашната општина Кочани, Оризари, Зрновци, Облешево и Чешиново  и која е причината за нивното сменување.

-зошто не е назначен директор на ОУ “Крсте Петров Мисирков” на легално објавениот конкурс од кандидатите што се пријавиле, туку сега се врши промена на директорот со назначување на ве-де директор.

Второто прашање го упатувам до министерот за економија а е во врска со акционерското друштво “Руен”-Кочани.

Овие денови беше објавен тендер за продажба на уделот на државата во АД “Руен”-Кочани. Граѓание на Кочани се доста заинтересирани што ќе се случи со оваа продажба, затоа што знаеме дека “Руен “ е основата на економијата на стопанството во Кочани. Таму се вработени 1.200 работници. Се интересираат што ако “Руен”-Кочани не се продаде на јавниот тендер, затоа што затоа постои мала веројатност бидејки презадолженоста на “Руен”-Кочани е голема, а и цената по која се продава не е ниска, што значи мала е веројатноста да се продаде.

Прашањето за ова е што планира министерот за економија доколку “Руен”-Кочани не се продаде на јавнито тендер. Што потоа ќе се случи со ова Акционерско друштво.

Третото прашање е до министерот за земјоделие, шумарство и водостопанство.

Сега сме пред наводнителната 2003 година во хидромелијоративниот систем “Брегалница”. Во врска со оваа проблематика имаше еден состанок одржан и организиран од водостопанското претпријатие “Брегалница”. На состанокот беше изнесено дека финансиската состојба во оваа водостопанска организација е катастрофално лоша така да не може да си ги заврши обврските што ги има за да може да го стави во функција хидромелијартивниот систем “Брегалница”. Хидроакомулацијата “Калиманци” е полна, така да вода за наводнување има во доволни, огромни количини, но бидејки системот Брегалница е во лоша состојба тешко дека ќе може оваа вода максимално да се искористи. Благодетот што ни го даде минатата година природата да може максимално да се искористи и да оствариме поголеми приноси.

Прашањето е дали Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство планира финансиски да го помогне водостопанското претприајтие Брегалница за да може да го стави во функција хидромелијаративниот систем Брегалница во оваа наводнителна 2003 година.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Првото прашање е упатено до претставникот на Министерството за образование и наука.

Има збор господинот Герамитчиоски, заменик на министерот.

ТАЛЕ ГЕРАМИТЧИОСКИ:

Кадровските промени на директорите во училиштата, конкретно во Кочани, се направени од неколку причини.

Проценките во Министерството за образованеи и наука беа дека нема соодветни квалитативни односи во училиштата. Меѓучовечките односи беа нарушени во поголем дел од нив, а се како последица на огромна политизација која што во изминатиот четиригодишен период била направена во поглед на смената која започнала 1998 година.

Кадровските решенија што ги поставивме сметаме дека се поквалитетни и дека за краток временски период придонесоа да се релаксираат меѓучовечките односи во училиштата. Морам да потенцирам дека овие се вршители на должноста директори и за многу краток временски период, во рок од 3 месеци ќе бидат распишани конкурси на кои што ќе се приајват идните кандидати за директори на училиштата.

За деполитизација на постапката се носи еден комплексен систем на решенија кои што ќе бидат вградени во измените на законите за основно и средно образование, во кои што е ангажиран и експертски меѓународен тим, кој што работи со тимот од Министерството за образование и наука. Сметаме дека тие решенија ќе придонесат за тотална деполитизација на постапката за избор на директори на основните и на средните училишта.

Значи ова е изнудена промена на сликата на потполна политизација која се извршила во изминатиот четиригодишен период.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господине Стаменков дали сте задоволен од одговорот.

ВАНЧО СТАМЕНКОВ:

Јас имав две потпрашања, на првото ми се одговори, а на второто воопшто не ми е одговорено.

ТАЛЕ ГАРАМИТЧИОСКИ:

Кое е второто?

ВАНЧО СТАМЕНКОВ:

Еве ќе го повторам.

Во населба оризари во училиштетот “Крсте Петков Мисирков” е извршена смена на директорот, иако во тек е распишаниот оглас за прием на директор на истото училиште. ве-де директорот кој што е назначен од министерот да ја извршува

должноста во овој период е исто така кандидат на огласот кој што е објавен, ..-
па зошто не е регуларно назначен како директор, бидејќи е пријавен кандидат, туку е ставен како ве-де директор.

ТАЛЕ ГЕРАМИТЧИОСКИ:

Овој податок не ми е познат. Јас не сум сигурен дека сте во право кога го тврдит еова. Ако бил конкурс во тек и ако конкурирале кандидатите тогаш немало причина зошто да не се заврши конкурсот. Треба да се провери оваа работа и ако сакате писмено ќе ви дадем одговор.

(Господинот Ванчо Стаменков повторно бара збор).

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Да, вие кажавте, дополнивте и господинот ви доодговори на потпрашањето.

Имате ли коментар?

Господине Стаменков ова ви беше дополнително потпрашање, на кое што министерот ви одговори.

ВАНЧО СТАМЕНКОВ:

Не е дополнително, туку беше регуларно поставено потпрашање, а господинот не го имаше слушнато и јас му го повторив. Така е работата.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Меѓутоа, вие цела серија наредивте потпрашања.

ВАНЧО СТАМЕНКОВ:

За првото потпрашање требаше да одговорам дали сум задоволен од одговорот.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Одиме на прашање-одговор. Дали сте задоволен, имате ли потпрашања и господинот заменик министер ви одговори и на потпрашањето, така што завршува, жалам.

ВАНЧО СТАМЕНКОВ:

Од одговорот на првото потпрашање јас не сум задоволен бидејќи не може секаде , во сите , не го знам точниот број научилиштата, а огромен е бројот да бидат

нарушени меѓучовечките односи. Сигурно барем еден од тие, или двајца е добар, па не ги нарушил меѓучовечките односи и тоа да биде причина за промена на сите директори.

За второто потпрашање ќе добијам писмен одговор, така се произнесе заменикот на минситерот.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Второто прашање беше упатено до минситерот за економија.

Има збор господинот Филиповски.

ИЛИЈА ФИЛИПОВСКИ:

АД “Руен”-Кочани е во групата на претпријатија во ФЕСАЛ аранжманот со Светската банка. Подготовките за продажба на акциите на “Руен”-Кочани се извршени, распишан е тендерот, се работи за меѓународен тендер. Маркетингот го вршат две меѓународни финансиски организации. Според тоа што досега го имаат сработено ја уверуваат Владата дека за ова претпријатие веќе постојат заинтересирани и се надевам дека тие ќе се јават на тендерот кој е објавен.

Второ, Владата за да ја олесни продажбата на ова претпријатие побарувањата кои ги имаше институциите на државата, со исклучок на Фондот за пензиско инвалидско осигурување ги вложи како дополнителен влог во претпријатието за да ја олесни продажбата на “Руен”-Кочани. Очекуваме дека ќе се продаде.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали сте задоволен господине од одговорот ?

ВАНЧО СТАМЕНКОВ:

Во ред е, јас прашав и што ако не се продаде. Сакам на тоа да ми се одговори, што ќе се случи.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали имате коментар господине Филиповски.

ИЛИЈА ФИЛИПОВСКИ:

Па, ние работиме за да продадеме.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Третото прашање беше упатено до минситерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

СЛАВКО ПЕТРОВ:

Системот “Брегалница” не се разликува по обемот и по квалитетот на проблемит ешто ги имаат другите водостопански организации. Одговорајки на едно претходно прашање кажав дека состојбата во водостопанството е прилично тешка.

Владата внимателно ги следи состојбите во тој дел и засега има согледвуања кои можат да се лоцираат во следнито смисол.

Прво, состојбата со наплатата на придонесот за користена вода е многу лоша и се движи околу 10%.

Второ, од водостопанските организации во изминатиот период не е направен доволен напор, кој што сега гледаме дека интензивно се прави преку судовите, да е изврши благовремено наплата на придонесот за користењето на водата, затоа што тој придонес обезбедува средства за работа на водостопанските организации и истовремено квалитетни услуги.

Трето, во изминатиот период од 4 години земјоделците упорно се подучувани да не плаќаат придонес за вода, притоа никој не обидувајки се да им објасни дека со неплаќањето практично ја сечат гранката на која што седат, односно го уништуваат изворот на приходи кој што им дава квалитетен и квантитетен производ.

Поаѓајки од тоа дека состојбите се такви какви што се, Владата заклучи дека следна нејзина цел , која што итно треба да заврши е проблемот со водостопанските организации и снабдувањето со вода , при што ја користам оваа прилика да упатам апел до оние што се должни да го плаќаат придонесот тоа треба да го прават и да заборават на ветувањето од претходните години дека неплаќањето може да помине.

На оние што треба тој придонес да гоприберат да им  кажам дека треба да се потрудат тоа да го сторат, како и да обезбедат средства со кои што водоснабдувањето односно користењето на мелиорациите ќе биде по ефикасно.

Како последица на снимените состојби пред Владата на Република Македонија од Министерството е изготвена една информација која што е доставена и која што ќе биде разгледана на првата наредна седница на Комиисјата за економски систем со предлог заклучоци со кои се понудени решенија за излез од оваа криза. Се надевам дека на првата наредна седница на Валдата  ќе се одговори

на одредени прашања односно на одредени мерки што треба да се ..- преземат во водоснабдувањето односно во користењето на системите кои ќе ја подобрат состојбата и конечно за овој важен сегмент од земјоделието ќе овозможат истиот нормално да функционира.

Кога тоа ќе се случи, а се надевам тоа ќе бид ена една од наредните седници на Владата благовремено ќе бидат известени и пратеницит еи јавноста во Република Македонија , а особено оние на кои тоа ќе се однесува-корисниците на вода и тие кои што таа вода ја дистрибуираат односно наводнуваат.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали сте задоволен од одговорот, или имате дополнително прашање.

ВАНЧО СТАМЕНКОВ:

Задоволен сум од одговорот.

Има збор господинот Абудлади Адеми.

АБДУЛАДИ АДЕМИ:

Ќе ја искористам можноста да поставам три прашања.

Првото прашање е до минситерот за економија.

Зошто не се става во функција фабриакта за кожи во Тетово, кога се знае дека таа располага со услови да се стави во погон веднаш. Ова ќе влијаеше кон намалување на невработеноста и ќе ги помогнеше семејствата на вработените во оваа фабрика во Тетово.

Второто рпашање е за министерот за земјоделство, шмарство иводостопанство.

Имајки го предвид фактот дека за време на 2001 година, за време на конфликтот многу земјоделски производители немаа можност да ја обработуваат нивната земја, а тоа продолжи и во периодот по конфликтот, 2002 година, каде што во близина на имото на земјоделците беа стационирани полициските пунктови. Со ова земјоделците во регионот што беа опфатени во конфликот беа доста оштетени.

Го прашувам минситерот за земјоделие како мисли ова Министерство да им помогне на индивидувалните производители, да им ги компензира штетите имајки предвид дека поголем дел од нив единствена егзистенција е земјоделието и обработка на земјиштето.

Третото прашање е за министерот за внатрешни работи.

Некаде на почетокот на 2002 година во Тетово се случија неколку убиства и напади наугостителски објекти. Еден од нив беше и нападот врз угостителскито објект, или ресторанот “Дора” во Тетово. Врз база на информациите што беа пласирани во тоа време во средствата за информирање во критичниот момент во тој локал биле различни клиенти, но и раководители на ДПА. Значи освен материјалната штета што настана во тој ресторан можело да се случи да има и жртви. Со оглед на тоа што во тоа време беа пласирани најразлични инфорамции и вести како за авторите на ова дело , но и за тоа дека сето ова било едно подготвено сценарио од самото раководство на ДПА. Сето ова остана во рамките на шпекулациите.

Прашањето е кои се официјалните информации и која е вистината околу овој случај.

ИЛИЈА ФИЛИПОВСКИ:

Доколку се работи за фабрика која беше составен дел на “Гоце Делчев”, таа ќе биде ставена на тендер за продажба. Доколку се работи за некоја друга фабрика, тогаш треба точно да дефинира господинот пратеник за да може писмено да му одговориме.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Задоволен сте од одговорот.

Второто прашање ќе го одговори господинот Петров.

СЛАВКО ПЕТРОВ:

Прашањето за компензација на штетите од дејствијата во 2001 година има и правна и фактичка димензија. Правната димензија е во тој дел што помеѓу државата Република Македонија и помеѓу оштетените во овој момент постои спор околу правното прашање за тоа дали се ова штети за кои државата одговара врз основа на терористички дејствија или се ова штети од воени дејствија, за што во Законот тоа прашање е различно решено, за еден дел државата одговара за другиот не.

Штетите во земјоделството, како министер, не ги двојам штети исклучиво во земјоделството и поединечно други штети на имотите и на телесниот интегритет и животот на граѓаните, туку комплетно оштетување кое ќе биде решено

со соодветни правни мерки и правни дејствија кои ќе уследат во периодот кој е пред нас.

Можам да кажам дека го разбирам барањето и желбата секој од граѓаните што е оштетен да прими компензација на штета, меѓутоа, се додека не се реши и правниот дел од спорот, а и фактичкиот дел околу обезбедување на средства, во овој момент не можам да зборувам за решенија кои евентуално би уследиле затоа што пред судовите во Република Македонија се многубројни спорови во поглед на надоместок на штета околу уништените куќи односно огништа, како и спорови и штети во поглед на телесни оштетувања и смрт.

Со оглед на фактот, пак ќе повторам, овој вид на штета не се двои од другите ни по суштина ни по содржина, а можеби не и по висина стои фактот дека Владата на Република Македонија внимателно ги следи состојбите и тој момент кога ќе ги има сите параметри односно сите факти што се потребни за утврдување на штетите и нивна компензација тоа е постоење на штети, нивната висина и правниот основ во одговорноста ќе пристапи кон нивно решавање.

Затоа штетите во земјоделството нема да бидат издвоени од општите и други штети за кои што зборував и се надевам дека во текот на периодот што е пред нас во тој дел ќе се најде соодветно решение кое ќе ги задоволи евентуално и двете страни.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали сте задоволен од одговорот? (Да).

Третото прашање ќе го одговори господинот Костов, односно ќе добиете писмен одговор.

Почитувани пратеници, сега е 17,00 часот, со оглед дека има уште четири пријавени, двајца се од опозиција, двајца од власта, а едниот не го гледам тука, практично тројца, предлагам сите тројца да поставaт по едно прашање и со тоа завршуваме.

Прва и госпоѓа Ристана Лалчевска.

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА:

Благодарам господине претседателе, моето прашање треба да е упатено до министерот за одбрана, меѓутоа, јас не гледам да е присутен, јас би го поставила прашањето, а би можел и претставник од Владата да даде одреден одговор на ова прашање.

На повик на Владата кој беше објавен со Одлука која е објавена во "Службен весник" број 3/92 се одзва голем број на старешини на ЈНА кои ја напуштиле ЈНА и се вратиле во Република Македонија и се вклучиле во нејзиниот систем на одбрана.

Во членот 2 на спомнатата Одлука се предвидува дека прифаќањето на старешините подразбира нивно вработување, пензиско инвалидско осигурување и здравствена заштита и решавање на станбеното прашање, доколку овие лица го немаат решено во Република Македонија.

Во членот 4 се предвидува задолжување на надлежните министерства да ја реализираат ваквата Одлука. Но, и покрај ваквата Одлука дел од старешинскиот состав кој се приклучи и се одзва на повикот на Владата остана со нерешено станбено прашање. По некои мои сознанија се работи за 400 старешини кои до ден денес не го решија станбеното прашање. Овие лица се чувствуваат обесправени во однос на своите колеги.

Во 1998 година беше донесен Законот за домување кој предвидува решавање на станбените потреби да се решаваат односно поединечно секој да си решава во зависност од неговата економска моќ. Со донесувањето на овој закон беа укинати сите претходни решенија за станување кои ја решаваа оваа област, а познато е дека во Министерството за одбрана решавањето на станбеното прашање беше пропишано во Правилник за услови и начин на решавањето на станбените прашања во Министерството за одбрана.

Со донесувањето на овој Закон за домување категоријата на старешини остана без станови и без можност своето станбено прашање да го решат, со што сметаат дека се ставени во една многу незавидна положба со оглед да и тие како и сите други старешини уплаќале средства во станбениот фонд на Армијата, а знаеме дека тој беше продаван и во цената на становите кои ги откупуваа старешините од цената на станот беше одбиена сумата која беше уплаќана во станбениот фонд од страна на старешините.

Во името на оваа категорија на граѓани прашувам дали Владата размислува за било какво обештетување на овие граѓани со оглед на фактот дека и тие издвојувале средства како и оние старешини кои добиле станови и кои потоа ги откупија.

Да напоменам уште еднаш дека при продажбата на становите од цената на становите беше одбивана сума која тие за време на своето работење во

Армијата за издвојувале за станбениот фонд. Дали воопшто се размислува за оваа категорија која остана без станови на било како начин да биде обештетена.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Госпоѓица Шеќеринска во името на Владата ќе одговори.

РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:

Госпоѓата пратеник ќе добие писмен одговор на ова прашање.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господинот Ангел Димитров едно прашање.

АНГЕЛ ДИМИТРОВ:

Благодарам господине претседателе,

Бидејќи добив шанса да поставам едно прашање, јас ќе го поставам прашањето до Владата на Република Македонија.

Прашањето гласи: кој државен орган е надлежен за отстранување на последиците и доведување во првобитна положба на направените статусни промени кај одредени претпријатија по пат на изигрување на постапките на трансформација во стечај или со претворање на побарувањата на доверителите во траен влог.

Имено, во неколку претпријатија во Свети Николе бизнисменот Методија Смиленски преку своите фирми на измамнички начин стекна значајно или доминантно учество во капиталот на управувањето со тие друштва.

Во трговското претпријатие Картон Текст - фирмата на госсподинот Смиленски ЕВТ-ДОО - Скопје влезе со потпишување на цесија со Фондот за комуналии при општината Свети Николе и Фирмата КООП ТРЕЈД од Куманово на 19 ноември 1996 година, но до ден денес обврските спрема цесионерот ги нема подмирено.

Во ДОО Мустафино влезе со купување на побарувањето од Стопанска банка Скопје кое до ден денес го нема платено, а фирмата СИМАК ИНВЕСТ која се јави како купувач и со тоа стекна траен влог во ДОО Мустафино е ликвидирана. Нејзиниот правен следбеник не е познат. Во ДОО Сточарство и преработки “Овче Поле” со помош на Методија Смиленски е поднесена програма за финансиска и сопственичка трансформација која на 18 октомври 1999 година добила согласност од Управниот одбор на Агенцијата за приватизација.

Ова било доволно стечајниот совет да ја прекине постапката за стечај и покрај тоа што до ден денес и тој направен договор за купување на општествениот капитал кој изнесува 87% капитал на претпријатието ниту е платен ниту денар за истиот капитал.

На крајот само да истакнам дека опремата и објектите на спомнатите претпријатија веќе неколку пати се вложуваат во некои хипотеки за земање на некакви кредити чии корисници се непознати, а некој претпријатија веќе неколку пати во последните неколку години претрпеле и други статусни промени.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господинот Петар Гошев, министаер за финансии.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Прилично замрсените случаеви на определени личности најдобро би било Владата да го преиспита случајот и пратеникот да добие писмен одговор.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господинот Нелко Стојаноски едно прашање ќе постави.

НЕЛКО СТОЈАНОСКИ:

Благодарам господине претседател, имав, повеќе, меѓутоа, според договорот само едно и ќе бидам краток.

Последните десетина години од нашата земја се одлева значаен број на млади и стручни кадри особено најталентираните, најдобрите одат на запад дел да го продолжат своето школување, но поголем број од нив не се враќаат назад, а дел поради познатите проблеми со кои се судираме, со вработеноста.

Моето прашање би било до Владата во најкратки црти дали размислува за посебна програма за вработување на овој наш еден од најзначајните ресурси со кои можеме да одиме понатаму во нашиот развиток.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господинот Петар Гошев, министер за финансии.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Ова прашање е во рамките на вкупните проблеми што ги има економско социјални државата, прашањето е со малку зборови поставено, меѓутоа одговорот

апсолутно не е едноставен затоа што зависи од отворањето на развојните можности на целата Република.

Одлевањето на работна сила квалификувана, образована не е само специфика за Македонија, специфика е и за поразвиените држави кои одат во уште поразвиени земји, меѓутоа, програмата на Владата е знаете во Собранието, се усвојуваше, повеќе активни мерки и повеќе мерки за оспособување на системот да почне да продуцира стопански одржлив раст кој ќе почне да ги решава овие проблеми.

Најконкретната, најдиректната знаете со Законот за поттикнување кој може да биде една од можностите за ублажување на овие проблеми. Меѓутоа, се разбира, тоа не е доволно, со реализацијата на вкупната програма на Владата за намалување на невработеноста и сиромаштијата во Република Македонија се очекува резултатите да почнат по извесно време како процудиран стопански раст да излегуваат на површина така што само на тој начин ќе може да се ублажи овој проблем.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали сте задоволен од одговорот?

НЕЛКО СТОЈАНОСКИ:

Благодарам, тоа е тоа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Не може и друго на генерално прашање.

Денеска успеавме секој што се пријави на пратеничко прашање да добие збор со исключок на последните тројца кои заради времето добија по едно прашање.

Со тоа седницата ја затворам.

Благодарам на сите, а посебно на членовите на Владата.

(Седницата заврши во 17,10 часот).